| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Владата на Република Северна Македонија |
| ПРЕТСТАВНИЦИ: | проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука и<br><br>Дритон Сулејмани, заменик на министерот за образование и наука |
| ПОВЕРЕНИЦИ: | Елена Ивановска, државен секретар во Министерството за образование и наука,<br><br>Борчо Алексов, државен советник во Министерството за образование и наука и<br><br>Милка Масникоса, раководител на сектор во Министерството за образование и наука |

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, јуни 2026 година

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Во законите за високо образование од 2000, 2008 и 2018 година и нивните измени и дополнувања, постапно се спроведуваа основните барања кои произлегуваат од Болоњскиот процес, во којшто, земјава е членка од 2003 година. Организирањето на студиите во три циклуси, воспоставувањето на Националната рамка на високообразовни квалификации, обликувањето на студиските програми засновани на исходи од учење, признавањето на странските високообразовни квалификации, мобилноста на студентите и наставниот кадар, докторски студиски програми, обезбедувањето на квалитетот на високото образование, компетенциите на наставниците, темелните вредности на високото образование, социјалната димензија и студентското организирање, претставуваат постигнувања кои беа воспоставени врз основа на министерските коминикеа на министрите од Европскиот простор на високото образование и на домашниот високообразовен систем му обезбедија прегледност и препознатливост во меѓународни рамки и бројни погодности за академската заедница и општеството. Сепак, согласно Извештаите од спроведувањето на Болоњскиот процес се забележува дека препораките од Болоњскиот процес не се спроведени воедначено и на исто ниво. Со оглед на очекувањата на општеството, како и целите кон кои стреми Болоњскиот процес, потребни се дополнителни напори за пружање соодветен одговор на овие предизвици.

Поширокото општество има легитимни очекувања од високото образование и улогата, што може и треба да ја има, во решавањето на општествените проблеми.

Причините за проблемите кои се предмет на разгледување и регулирање со новиот Законот за високото образование може да се забележат во следните насоки:

- знаењата, вештините и оспособеноста на студентите по завршувањето на студиите треба да овозможуваат развој, не само во избраните професии, туку и како одговорни и сочувствителни членови на општеството;
- компетенциите, обученоста и посветеноста на наставниот, соработничкиот и стручниот кадар се во тесна врска со стекнувањето на знаењата, вештините и оспособеноста на студентите;
- доброто управување осигурува дека универзитетите одржуваат високи академски стандарди и пружаат квалитетно образование на своите студенти;
- етичноста, транспарентноста и академскиот интегритет се клучен предуслов за извонредност и висок квалитет;
- правилно функционирање на високообразовниот систем, во корист на поширокото општество и личниот развој, како и на членовите на академската заедница;
- преку сопственото делување, внатрешните прописи и политики, високообразовната заедница треба да гарантира почитување, унапредување и спроведување на темелните вредности на високото образование;
- за развојот е важно ефективното и ефикасното користење на ресурсите наменети за високото образованието и нивното пренесување на ниво на образование со највисок општествен принос.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Цели на Предлогот на закон за високото образование се: подигнување на општото образовно, научноистражувачко и применувачко ниво, како и нивото на уметничко творештво во Република Северна Македонија; создавање, заштита и пренесување на научни, стручни и уметнички знаења и вештини и нивна примена; развој на науката, поттикнување на технолошкиот развој и унапредување на уметничкото творештво и примена на научните сознанија во развојот на општеството; обезбедување научен, стручен и уметнички подмладок; овозможување секој поединец под еднакви услови да се здобие со високо образование и да се образува во текот на целиот живот; развивање на слободни, критички и креативни личности; зајакнување на вработливоста, компетитивноста и конкурентноста на младите и возрасните и развивање граѓанска одговорност кај академската заедница.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Овој закон ќе предизвика дополнителни фискални импликации.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Овој закон не предизвикува материјални обврски за одделни субјекти.

Средствата се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Глава прва

## ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Предмет на уредување

Член 1

Со овој закон се уредуваат основните начела за вршење на дејноста на високото образование, автономијата на универзитетот и академската слобода, условите и постапката за основање, статусни промени и престанок на високообразовните установи, нивната дејност, основите за организација, управување, развој и финансирање на високообразовната дејност, правата и обврските на студентите, признавање на странски високообразовни квалификации и еквиваленција на оценки и надзорот над работата на високообразовните установи.

### Поимник

Член 2

(1) Термините што се користат во овој закон во граматички машки род се неутрални и се однесуваат подеднакво на лицата од машки и женски пол.

(2) Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. „Автономија на универзитет и на другите високообразовни установи“ е академска слобода, право на независно и самостојно одлучување и управување за организациски, финансиски и кадровски прашања, како и за управувањето и неповредливоста на академскиот простор;
2. „Акт за основање на приватна високообразовна установа“ е одлука, договор или друг основачки акт согласно закон;
3. „Високо образование“ е образование кое се остварува преку студиски програми на универзитети и високи стручни школи;
4. „Високообразовна квалификација“ е формален резултат од процесот на оценување и потврдување дека се постигнати резултатите од учење согласно утврдени стандарди по завршена студиска програма од прв, втор, или трет циклус на високо образование, стекната на високообразовна установа во Република Северна Македонија или во друга земја, која е акредитирана и има дозвола за вршење на високообразовна дејност;
5. „Документ за делумно завршена студиска програма“ е сертификат или друг документ за стекнати студиски кредити, завршени години, семестри, испити, модули, делови од студиска програма, односно за завршени обврски по студиска програма за стекнување на високо образование, кој го издава високообразовната установа според прописите на соодветната држава;
6. „Диплома“ е јавен документ издаден од високообразовна установа со кој се докажува стекнато високо образование од прв, втор или трет циклус, потребно за продолжување на образованието или за започнување со вршење на соодветна професија;
7. „Додаток на диплома (Diploma Supplement)“ е составен дел на дипломата која содржи податоци за имателот на дипломата, информации кои поблиску ја определуваат квалификацијата, нивото на квалификацијата (стручниот, односно научниот назив) системот и содржината на студиите и постигнатите резултати, како и податоци за академските и професионалните можности кои ги дава квалификацијата

за натамошни студии и професионален статус, дополнителни информации според природата на студиската програма и нивниот извор, датум и потпис и информации за националниот високообразовен систем;

8. „Доживотно учење (Lifelong Learning)“ е облик на континуирано учење во текот на целиот живот заради усовршување, дополнување, продлабочување и осовременување на знаењето;

9. „Дуално образование во високото образование” е модел на студирање во кој се интегрира академската настава на високообразовната установа со практична обука во јавниот или приватниот сектор, со цел студентите да стекнат знаења и професионални вештини потребни на пазарот на трудот.

10. „Двојна диплома (Double degree)“ е диплома која се стекнува со завршување на две посебни студиски програми кои се изведуваат на два или повеќе универзитети во земјата или универзитет од земјата и акредитирана високобразовна установа од странство, според условите определени со овој закон;

11. „Евалуација” е процена на квалитетот на високото образование која опфаќа процедури за проценување на квалитетот во институциите за високо образование, на академскиот кадар и на нивните студиски програми според Стандардите и насоките за обезбедување квалитет во Европскиот простор на високото образование (Standards and Guidelines for Quality Assurance in the European Higher Education Area (ESG)) усвоени од европските институции за обезбедување на квалитет во високото образование и други организации и асоцијации кои имаат улога да ги воспоставуваат и применуваат европските стандарди и упатства за обезбедување на квалитет на европскиот простор за високо образование;

12. „Единица на универзитет” е факултет, уметничка академија и висока стручна школа како високообразовна установа во состав на универзитет, со права и обврски определени со овој закон и статутот на универзитетот. Единици на универзитет се и научни институти со права и обврски определени со Законот за научноистражувачката дејност, овој закон и статутот на универзитетот;

13. „Еквиваленција на оцени” е постапка со која се утврдува споредливост на странскиот високообразовен систем на оценување со домашниот систем;

14. „Заедничка диплома (Joint Degree)“ е диплома која се стекнува со завршување на студиска програма која заедно ја прифаќаат и изведуваат два или повеќе универзитети во земјата или универзитет од земјата и акредитирана висооoбразовна установа од странство, според условите определени со овој закон и Законот за обезбедување на квалитет во високото образование и науката. Заедничката диплома е документ заеднички издаден со потписи и печати од висакообразовните установи кои ја спроведуваат студиската програма. Студиската програма мора да биде акредитирана како заедничка студиска програма, според законите на секоја држава;

15. „Интердисиплинарни студии“ се студиски програми кои комбинираат и интегрираат соджини од најмалку две различни научни подрачја на образование согласно Меѓународната стандардна класификација на образованието- Полиња на образование и обука (ИСЦЕД-П), (ISCED-F), при што програмата не може да се класифицира во едно доминантно подрачје;

16. „Кредит систем“ е систем за акумулирање и трансфер на кредити врз основа на транспарентноста на резултатите од учењето и процесите на учење во високото образование;

17. „Кредит трансфер систем“ е заедничка процедура што се воспоставува според Европскиот кредит трансфер систем - ЕКТС или Европски систем на пренос и акумулација на поени (European Credit Transfer and Accumulation System) и претставува нумерички систем за квалитативно вреднување на работата на студентите што била вложена за стекнување знаења, вештини и компетенции што се предвидени со програмата за студирање, односно со конкретниот предмет во рамките на таа програма, ги опфаќа поените за совладување на предметот во целина, сите

предмети во еден семестар, академската година и целокупното студирање и нивен пренос од една на друга високообразовна установа;

18. „Кредит“ е квантитативна мерка за изразување на обемот на учењето врз основа на обемот на работата која студентот во просек ја врши, односно оптоварувањето на студентот во кое се сметаат предавањата, семинарите, вежбите, другите облици на организирана студиска работа и самостојно учење со цел да ги постигне очекуваните резултати од процесот на учење. Кредитот му се доделува на студентот и се регистрира во неговото досие кога ќе ја исполни студиската обврска;

19. „Микропотврда“ - (microcredential) е запис за резултатите од учење, односно потврда дефинирана во Законот за националната рамка на квалификации добиена од акредитирана високообразовна установа;

20. „Модул“ е функционална целина на наставни компоненти во рамки на една студиска програма со која се стекнуваат специфични знаења и вештини;

21. „Научен труд“ е пишан труд со нови и изворни и/или прегледни научноистражувачки резултати, а е објавен или прифатен за објавување во научно списание со меѓународен уредувачки одбор;

22. „Научно списание“ е периодична научна публикација во која се објавуваат трудови со резултати од научноистражувачка работа на меѓународните бази на научни трудови на Кларивејт (Clarivate) индексирани во Веб оф Сајанс – Главна листа на списанија (Web of Science Master Journal List - WoS MJL) и/или Елсевиер (Elsevier) индексирани во СЏР (СЦИмаго Идикатор на ранг на списание) (SJR (SCImago Journal Rank indicator) за Скопус (Scopus) и/или базите одредени од Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност.

23. „Националната класификација на научните полиња, потполиња и области на Република Северна Македонија“ (во натамошниот текст: Националната класификација) се заснова на научните подрачја содржани во Фраскатиевиот прирачник и содржи поделба на научни полиња, потполиња и области.

24. „Неформално учење“ се организирани активности и програми за учење и оспособување, кои не се дел од студиските програми за стекнување на високо образование со цел унапредување на знаењето, вештините и компетенциите за лични, општествени и професионални потреби и за кои не се издава диплома;

25. „Партиципација“ е износ на парични средства што го определува Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Владата), кој се наплатува од студентите запишани на јавна високообразовна установа, чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Буџетот);

26. „Придружна членка на универзитет“ е установа чија основна дејност е функционално поврзана со високообразовната дејност;

27. „Применувачка дејност“ е примена на научните резултати, стручното знаење и вршење на други високостручни професионални работи на наставниците, научните работници и соработниците од научната, уметничката и стручната област за која е акредитирана високообразовна установа;

28. „Резултати од учењето“ се изјави за тоа што знае, што разбира и што е оспособен да примени студентот, како резултат на процесот на учење;

29. „Референтна научна публикација“ е:

а) списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на меѓународна рецензија, кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку пет земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува половина од вкупниот број на членови, а е индексирано во најмалку една електронска база на списанија утврдена од Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност или

б) книга, дел од книга или монографија која е рецензирана и објавена со Меѓународен стандарден број на книга ИСБК (ISBN – International Standard Book Number) и/или Каталогизација во публикација ЦВП – запис (CIP – Cataloguing In Publication) пред нејзиното печатење или производство вградени во самата публикација, односно книга или дел од книга издадени од реномирана странска издавачка куќа.

в) зборник на објавени и рецензирани целосни трудови презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку пет земји и е издаден од признаен научен или академски издавач, евидентиран во релевантни меѓународни научни бази на податоци или

г) преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачкадејност.

д) други релевантни публикации утврдени од Националниот совет за високо образование и научноистражувачкадејност.

30. „Самостојна високообразовна установа” е универзитет или висока стручна школа;

31. „Студиска програма“, е збир на наставни компоненти од едно или повеќе студиски подрачја, засновани на резултати од учењето, кои се признаваат за доделување на конкретна квалификација, која му дава можност на лицето кое ја завршило истата да врши некоја професионална дејност или да ги продолжи студиите;

32. „Студиско подрачје“ е едно од подрачјата дефинирани во Меѓународната стандардна класификација на образованието на УНЕСКО.

33. „Универзитетски учебник” е рецензиран труд одобрен од високообразовната установа, како основен материјал за реализација на предметна програма

34. „Учебно помагало“ е труд во вид на скрипта, практикум, хрестоматија/одбрани текстови, збирка на задачи, речник и сл., во функција на реализација на предметна програма.

35. „Фактор на влијание (Impact Factor - IF)“ е метрика која определува квалитет и влијание на научно списание според цитираноста утврдена во Извештајот за цитирање на списанија (Journal Citation Report-JCR) за списанија на Главната збирка на мрежата на науката на Кларивате (Clarivate's Web of Science Core Collection) а кои се индексирани во базите на Проширениот индекс на научни цитати (Science Citation Index Expanded -SCIE), Индексот на цитати од општествени науки (Social Sciences Citation Index -SSCI), Индексот на цитати за уметност и хуманистички науки (Arts & Humanities Citation Index -AHCI) и Индексот на цитати од нови извори (Emerging Sources Citation Index -ESCI).

36. „Фраскатиев прирачник“ е Прирачникот со упатства за прибирање и објавување на податоци за истражување и експериментален развој на Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД) од 2015 година;

37. „Циклуси на високо образование“ се трите последователни циклуси на високото образование идентификувани со Болоњскиот процес (првиот циклус – додипломски студии, вториот циклус – постдипломски студии и третиот циклус – докторски студии), во кои се распоредени сите квалификации на високото образование кои се стекнуваат на единствениот европски простор на високо образование

38. „Школарина“ е износ на парични средства за покривање на трошоците за запишани кредити, кој студентот, чие образование не се финансира од Буџетот, има обврска да го плати на приватна, приватно-јавна или јавна високообразовна установа и

39. „х (h) - индекс“ е метрика која истовремено ја мери продуктивноста и цитираноста (влијанието) на научните трудови на еден истражувач.

Основни начела на високото образование

Член 3

(1) Дејноста на високото образование е од јавен интерес и има посебно значење за Република Северна Македонија како дел од меѓународниот и од единствениот европски образовен, научен и уметнички простор.

(2) Дејноста на високото образование се заснова на следниве начела:

1. Автономија и академска слобода,
2. Академски интегритет,
3. Етичност на наставниот и научниот кадар и студентите,
4. Единство на наставата и на научно-истражувачката односно уметничката работа,
5. Отвореност кон јавноста и граѓаните,
6. Уважување на хуманистичките и демократските вредности на националната и европската традиција и вредностите на културното наследство,
7. Усогласување со меѓународните стандарди за квалитет,
8. Почитување на човековите права и слободи и гарантирање на принципот на еднаквост и заштита од дискриминација,
9. Унапредување на академската мобилност на наставниот кадар и студентите,
10. Учество на студентите во управувањето и одлучувањето, посебно во врска со прашањата што се од значење за квалитетот на наставата и студентскиот стандард,
11. Стремеж кон универзално знаење чиј императив се науката, слободата и вистината,
12. Истражувања во насока на целите на иновациите и развојот на технологијата во Европската истражувачка област,
13. Поврзаност со целокупниот образовен систем,
14. Обезбедување на систем за доживотно учење,
15. Обезбедување на квалитет и ефикасност на студирањето и
16. Унапредување и прифаќање на специфичноста на националниот контекст.

Цели на високото образование

Член 4

(1) Цели на високото образование се:

1. подигнување на општото образовно, научноистражувачко и применувачко ниво, како и нивото на уметничко творештво во Република Северна Македонија,
2. создавање, заштита и пренесување на научни, стручни и уметнички знаења и вештини и нивна примена,
3. развој на науката, поттикнување на технолошкиот развој и унапредување на уметничкото творештво и примена на научните сознанија во развојот на општеството,
4. обезбедување научен, стручен и уметнички подмладок,
5. овозможување секој поединец под еднакви услови да се здобие со високо образование и да се образува во текот на целиот живот,
6. развивање на слободни, критички и креативни личности,
7. зајакнување на вработливоста, компетитивноста и конкурентноста на младите и возрасните и
8. развивање граѓанска одговорност кај академската заедница.

(2) Целите на високото образование се остваруваат преку:

1. организирање студии според акредитирани студиски програми,
2. изведување базични, развојни и применети истражувања и вршење применувачка дејност и уметничко творештво,
3. заштита на автономијата на универзитетот и академската слобода,
4. континуирано подобрување на квалитетот и релевантноста на наставата и учењето,
5. обезбедување доволна и одржлива финансиска поддршка за сигурно и непречено одвивање на образовниот, научно-истражувачкиот и уметничкиот процес,

6. демократски, инклузивен процес на одлучување кој оневозможува концентрација на моќ,

7. почитување на човековите права и слободи и гарантирање на принципот на еднаквост, недискриминација и инклузија,

8. обезбедување учество на студентите во управувањето и одлучувањето,

9. овозможување и промовирање на мобилност на членовите на академската заедница на странски високообразовни установи и развивање меѓународна соработка со странски високообразовни институции,

10. развивање меѓународна научна соработка,

11. афирмација на конкуренцијата во образованието и научните истражувања,

12. учество во планирањето, утврдувањето и развојот на вкупниот образовен систем,

13. зголемување на интелектуалниот капитал во Република Северна Македонија,

14. промоција на национална и глобална одговорност и

15. остварување на концептот на доживотно учење.

Академска заедница

Член 5

(1) Академската заедница ја сочинуваат лицата избрани во наставно-научни, научни, наставни, наставно-стручни и соработнички звања и студентите.

(2) Редовните професори остануваат членови на академската заедница и по нивното пензионирање.

Достапност на високото образование

Член 6

(1) Државјаните на Република Северна Македонија имаат под еднакви услови право на образование на високообразовните установи во Република Северна Македонија.

(2) Странските државјани можат, со примената на начелото на заемност, да се образуваат на високообразовните установи во Република Северна Македонија под еднакви услови како и државјаните на Република Северна Македонија.

(3) Странските државјани, без примена на начелото на реципроцитет, можат да се образуваат на високообразовните установи во Република Северна Македонија, под еднакви услови како и државјаните на Република Северна Македонија. и под услови кои поблиску ги утврдува високообразовната установа.

(4) Лицата без државјанство имаат право на високо образование под еднакви услови како и државјаните на Република Северна Македонија.

## Глава втора

## АВТОНОМИЈА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ И ДРУГИТЕ ВИСОКООБРАЗОВНИ УСТАНОВИ

Содржина и заштита на автономијата

Член 7

(1) Високото образование во Република Северна Македонија се темели на автономија, во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, со

ратификуваните меѓународни договори согласно со Уставот на Република Северна Македонија и со овој закон.

(2) Високообразовните установи ја вршат својата дејност врз начелото на академската автономија.

(3) Автономијата на високообразовните установи ја вклучува и одговорноста на членовите на академската заедница кон општествената заедница во којашто дејствуваат.

(4) Со академската автономија се гарантира интелектуалната слобода на членовите на академската заедница и творечката природа на истражувачкиот и образовниот процес, како врвни вредности и способности.

(5) Автономијата на високообразовните установи вклучува академска слобода, автономија на управувањето, финансиска автономија, кадровска автономија, неповредливост на академскиот простор, неприкосновеност на автономијата и академски интегритет.

(6) Автономијата на високообразовните установи ужива судска заштита и високообразовната установа има право да покрене постапка пред надлежен суд во случај на нејзина повреда.

Академска слобода

Член 8

Академската слобода им припаѓа на сите членови на академската заедница и опфаќа:

1. слобода на изразување, негување и поттикнување на критичка мисла и свест кај членовите на академската заедница;
2. слобода во научноистражувачката работа, во уметничкото создавање, во примената и посредување на знаењето;
3. самостојно уредување на внатрешната организација и работењето со статут, донесен во согласност со закон;
4. слобода на изведување на наставата, спроведувањето на научните истражувања, уметничката дејност, односно творештво и применувачка дејност, вклучувајќи ја слободата на објавување и јавно претставување на научните резултати и уметничките достигања;
5. слобода на студирањето, утврдувањето на правилата на студирање, облиците и видовите на наставно-образовните дејности и на проверката на знаењата на студентите;
6. слобода на избор на студиските програми, во утврдувањето на содржината и на соодносот на задолжителните и на изборните наставни предмети, содржината на наставните предмети и во подготвувањето и избор на учебници и други учебни помагала;
7. слобода на изборот на методот на интерпретирање на наставните содржини;
8. утврдување услови и критериуми за студии од прв, втор и трет циклус, како и други видови на образование;
9. подготвување, усвојување и остварување на научноистражувачки програми и уметнички проекти и применувачка работа;
10. доделување стручни, академски и научни звања согласно со закон, како и доделување на почесни академски титули и звања;
11. определување дополнителни услови и постапка за избор во наставно-научни, наставностручни, наставни и соработнички звања и
12. избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања на единиците на универзитетот.
13. слобода во финансиското работење во согласност со принципот на јавна одговорност и во согласност со закон.

Автономија на управувањето

Член 9

Автономијата во управувањето со високообразовни установи се изразува во:

1. планирањето, остварувањето и развојот на високообразовната дејност;
2. воспоставувањето и уредувањето на внатрешната организација;
3. донесувањето на статутот и другите општи акти на високообразовните установи;
4. изборот, именувањето и отповикувањето на органите согласно со законот, статутот и другите општи акти;
5. управувањето и користењето на имотот во согласност со намената за кој е добиен;
6. одлучување за формите на соработка со други организации;
7. здружувањето во соодветни организации и форуми во земјата и во странство;
8. остварувањето на меѓународна соработка, склучувањето договори и учеството во меѓународни организации и асоцијации и
9. одлучувањето за други прашања утврдени со закон, статут и другите општи акти.

Финансиска автономија

Член 10

(1) Јавните високообразовните установи самостојно располагаат и управуваат со средствата добиени од партиципација од студентите и/или школарина од студентите, како и со другите сопствени приходи, согласно важечките законски прописи што го уредуваат системот на буџетирање во Републиката, Статутот на установата и овој закон.

(2) Располагањето со средствата од ставот (1) на овој член, се уредува со општ акт на јавната високообразовна установа и/или на единицата на високообразовната установа.

(3) Приватните високообразовни установи самостојно располагаат со сопствените приходи на начин утврден со статутот на високообразовните установи.

(4) Високообразовните установи можат да формираат фондови и да основаат други форми на организирање од сопствени приходи, од донации и други извори, согласно закон, заради вршење на научно-истражувачка, уметничка, издавачка и применувачката дејност.

(5) Високообразовните установи самостојно одлучуваат за акумулацијата на финансиските средства.

Кадровска автономија

Член 11

(1) Високообразовните установи се автономни во одлучувањето за потребата од вработување или ангажирање лица во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, во изборот на лица и дефинирањето на условите за вработување и ангажман во согласност со закон.

(2) Во јавните високообразовни установи може да се ангажираат лица од наставен и ненаставен кадар, за што единицата на универзитетот и лицата склучуваат договор со кој ги уредуваат меѓусебните права и обврски согласно закон, а исплатата на надоместоците се врши од сметките на самофинансирачки активности и донации, врз основа на општ акт на установата.

(3) Во јавните високообразовни установи, за реализација на проекти финансирани од сопствени, проектни или донаторски средства, може да се ангажира или вработи наставен и ненаставен кадар на определено време, исклучиво за времетраење на проектот, во согласност со закон. Начинот на ангажирање се уредува

со општ акт на установата, при што не се користат буџетски средства и се почитуваат прописите за јавни финансии и работни односи.

Неповредливост на академскиот простор

Член 12

(1)Просторот на високообразовните установи е неповредлив.

(2)Полицијата и другите државни органи на безбедност не можат без согласност на ректорот, деканот, односно директорот или на лице овластено од нив, да влегуваат во овој простор, освен за спречување на извршување кривично дело што непосредно претстои или на започнато кривично дело, за задржување на неговиот сторител, како и во случај на природни и други непогоди.

(3)Дејствијата на органите на прогонот што се преземаат со одлука на судот може да се спроведуваат само во присуство на овластено лице на високообразовната установа.

Неприкосновеност на автономијата

Член 13

(1)Автономијата на високообразовната установа не може да се нарушува со:

- неповикано учество во дејноста на високообразовната установа и
- извршување на високообразовна и друга дејност што ги загрозува правата на членовите на академската заедница.

(2)На високообразовните установи се забранува партиско организирање и дејствување, како и истакнување на партиски обележја.

(3)На високообразовните установи се забранува верско организирање и дејствување, како и истакнување на верски обележја, освен на високообразовните установи на верските заедници основани со закон.

(4)Автономијата не смее да се толкува на начин којшто вклучува повреда на човековите права.

Академски интегритет

Член 14

(1) Академскиот интегритет на високообразовната установа се заснова на: зачувување на достоинството на професијата, придржување кон етичките вредности, заштита на вредностите поврзани со креирање и пренесување на знаењето, подигање на свеста за одговорноста на сите членови на академската заедница и унапредување на човековите права и слободи.

(2) Правилата за академски интегритет на високообразовните установи се дел од системот за обезбедување на квалитет.

Мирно решавање на споровите

Член 15

(1) Споровите меѓу членовите на академската заедница, како и споровите меѓу високообразовните установи и нивните единици се решаваат спогодбено, во заедничките органи, со медијација и на друг начин на разбирање согласно статутот на високообразовната установа.

(2) При решавањето на споровите од ставот (1) на овој член, не може да се попречува редовното одвивање на дејноста определна со статутот.

(3) Доколку спорот од ставот (1) на овој член, не може да се реши на некој од начините предвидени во ставот (1) на овој член, спорот се решава по судски пат.

## Глава трета

## ВИСОКООБРАЗОВНИ УСТАНОВИ, ВИДОВИ И НИВНАТА ДЕЈНОСТ

### Видови на високообразовни установи

### Член 16

(1) Дејноста на високото образование ја извршуваат следните високообразовни установи:

1. универзитет;
2. факултет, уметничка академија и висока стручна школа кои се во состав на универзитет (во натамошниот текст: единици на универзитет);
3. висока стручна школа,
4. високообразовна установа основана од верска заедница, воена академија и странска високообразовна установа од членот 26 од овој закон и
5. научна установа.

(2) Високообразовни установи од став (1) точките 1, 3 и 4 од овој член, се самостојни високообразовни установи.

(3) Високообразовните установи можат да бидат јавни, приватно-јавни непрофитни установи и приватни непрофитни установи.

(4) Под називот универзитет, факултет, уметничка академија или висока стручна школа, може да работат само високообразовни установи што се основани согласно со овој закон.

(5) Високообразовни установи од став (1) точките 1, 3 и 4 на овој член, имаат својство на правно лице.

(6) Единиците на универзитетот имаат права и обврски определени со овој закон, актот за основање на универзитетот и статутот на универзитетот.

(7) По исклучок од ставот (5) на овој член, единиците на универзитетот можат да имаат својство на правно лице доколку тоа е утврдено со статутот на универзитетот во чиј состав се основани и со нивниот статут.

(8) Единиците на универзитетот кои немаат својство на правно лице настапуваат во правниот сообраќај под називот на универзитетот во чијшто состав се и под својот назив, според овластувањата определени во статутот на универзитетот.

(9) Единиците на универзитетот кои имаат својство на правно лице настапуваат во правниот сообраќај под називот на универзитетот во чијшто состав се и под својот назив, од свое име и за своја сметка со права и обврски утврдени со закон, статутот на универзитетот и со нивниот статут.

(10) Единиците на универзитетот, кои имаат својство на правно лице, истото не можат да го остваруваат спротивно на овој закон и на интересите на универзитетот во чиј состав се основани.

(11) Единиците на јавните универзитети кои имаат својство на правно лице имаат сметка преку која располагаат со буџетските средства, како и една или повеќе посебни сметки преку кои слободно располагаат со средствата стекнати од други извори. Со статут или друг општ акт на јавниот универзитет не може да им се ограничи слободата на единиците да располагаат со средствата од посебните сметки.

(12) Единиците на јавните универзитети кои немаат својство на правно лице можат да имаат сметка преку која располагаат со буџетските средства, како и една или повеќе посебни сметки преку кои слободно располагаат со средствата стекнати од сопствени извори. Со статут или друг општ акт на јавниот универзитет не може да им

се ограничи слободата на единиците да располагаат со средствата од посебните сметки.

(13) Единиците на универзитетите кои имаат една или повеќе посебни сметки, како и правните лица кои тие ги основале, учествуваат во финансирањето на дејностите од заеднички интерес на универзитетот согласно статутот на универзитетот.

(14) Организационите единици во состав на универзитет можат да имаат определени права во правниот промет и во поглед на управувањето и раководењето, во обем и под услови определени од основачот. За обврските на организационите единици неограничено одговара универзитетот кој ги основал.

(15) Во состав на универзитетот може да има и придружни членки. Условите за пристапување и правата и обврските на придружните членки се уредуваат со закон и/или со статутот на универзитетот.

(16) Во состав на универзитетот може да има и научни институти, како единици или како придружни членки на универзитетот.

Статут на високообразовната установа

Член 17

(1) Основен акт на високообразовната установа е статутот.

(2) Со статутот поблиску се уредуваат внатрешната организација, начинот на вршење на високообразовната дејност, овластувањата и начинот на работа и одлучување и други прашања од значење за вршење на високообразовната дејност.

(3) На статутот на јавен универзиет и на јавна висока стручна школа согласност дава Собранието на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Собранието), по претходно позитивно мислење од Владата.

(4) На статутот на приватно-јавна и приватна високообразовна установа согласност дава основачот, по претходно позитивно мислење од Владата.

Печат, знаци и други обележја на високообразовната установа

Член 18

(1) Универзитетот, односно високообразовната установа има печат.

(2) Печатот го содржи називот и седиштето на универзитетот, односно на високообразовна установа.

(3) Печатот на единица на универзитет, покрај својот назив, задолжително го содржи и името на универзитетот во чиј состав е.

(4) Во печатот на секоја високообразовна установа е содржано името Република Северна Македонија и називот на високообразовната установа.

(5) Во средината на печатот на високообразовните установи е и грбот на Република Северна Македонија.

(6) Формата и содржината на печатот, како и изгледот на знаците и другите обележја и начинот на нивното користење, се утврдуваат со статутот на високообразовната установа.

Универзитет

Член 19

Универзитетот е самостојна високообразовна установа која го обезбедува единството во вршењето и развојот на високото образование, науката, уметноста и стручноста и непосредно и преку своите единици од различни студиски подрачја, пренесува сознанија од повеќе научни, односно уметнички подрачја и дисциплини.

Дејност на универзитетот

Член 20

(1) Основна дејност на универзитетот е да образува студенти и да ја развива науката и уметноста.

(2) Универзитетот ги интегрира функциите на своите единици (функционална интеграција) и со своите органи го обезбедува нивното усогласено дејствување преку:

1. остварување на единствен стратегиски развој,
2. донесување на стандарди, нормативи и правила за организација и за вршење на високообразовната, научно-истражувачката и уметничката дејност,
3. реализација на Европскиот кредитен трансфер систем (ЕКТС),
4. остварување на применувачка и високостручна дејност,
5. усогласено дејствување во финансискиот сектор, во инвестициите и во развојните планови,
6. профилирање на научните истражувања и уметничкото творештво и нивна финансиска поддршка,
7. организирање на постдокторски истражувања,
8. определување на дополнителни услови за избор и за напредување во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања,
9. соработка со универзитетите во земјата и во странство,
10. водење на политика за мобилност на студентите, на наставниците, на соработниците и на административниот кадар,
11. организирање на студентите и развој на нивните вон-наставни активности,
12. создавање на систем за обезбедување и контрола на квалитетот,
13. воспоставување на стандарди во наставата,
14. воспоставување на информациски систем,
15. воспоставување на библиотечен систем,
16. остварување на издавачка дејност,
17. издавање на дипломи,
18. организирање на научни и уметнички собири,
19. трансферирање на средства до единиците на универзитетот и обратно, како и до универзитетските студентски организации согласно актите на универзитетот,
20. издавање на обрасци и други документи за потребите на студентите, во дигитална или печатена форма
21. организирање на стручна, односно административно – техничка служба,
22. водење и чување на универзитетска документација,
23. грижа за заштитата и унапредувањето на стандардот на студентите и вработените,
24. создавање на програма за размена на научни и стручни услуги и производи со домашни и странски физички и правни лица,
25. осигурување на имотот на универзитетот и неговите единици,
26. применувачка дејност и
27. вршење на други дејности и работи определени со закон и статутот на универзитетот.

(3) Интегрираните дејности, обврските и надлежностите на универзитетот се утврдуваат со статутот на универзитетот.

Факултет, уметничка академија и висока стручна школа

Член 21

(1) Факултет е високообразовна установа која врши високообразовна, научноистражувачка и применувачка високостручна дејност во студиско и научно-истражувачко подрачје, според студиска програма на едно или повеќе меѓусебно поврзани наставно-научни, односно уметнички или стручни подрачја од прв, втор и трет циклус на студии.

(2) Уметничка академија е високообразовна установа која врши високообразовна и уметничка дејност во една или повеќе меѓусебно поврзани наставни и уметнички подрачја и се грижи за нивниот развој. Ако уметничка академија го носи називот „факултет“ се применуваат одредбите од овој закон што се однесуваат на факултет.

(3) Високата стручна школа како единица на универзитет и високата стручна школа која не е во состав на универзитет (во натамошниот текст: висока стручна школа), е високообразовна установа која врши високообразовна или уметничка дејност на прв и втор циклус стручни студии и применувачка дејност од подрачјето на една или повеќе сродни, односно меѓусебно поврзани струки (стручни области).

Дејност на единиците на универзитетот

Член 22

(1) Единицата на универзитет/универзитетот во рамките на својата дејност:

1. го планира остварувањето и развојот на дејностите за кои е основана во рамките на буџетските средства, самофинансирачките активности, донации и слично,

2. врши високообразовна, научно-истражувачка, применувачка, односно уметничка дејност во една или повеќе сродни, односно меѓусебно поврзани научни области или дисциплини, стручни дисциплини и уметнички области,

3. остварува меѓународна соработка со сродни високообразовни и научни установи согласно со статутот на универзитетот и на единицата,

4. организира научни и уметнички собири, симпозиуми, семинари, советувања и други видови на собири,

5. во рамките на единствениот библиотечно-информациски систем утврден од универзитетот, ја организира работата на библиотеката и организира библиотечно-информациска и документациона дејност,

6. издава уверенија и други исправи за завршени студии и други видови на образование, според условите утврдени во статутот на универзитетот, во дигитална или печатена форма,

7. предлага и презема мерки за унапредување и заштита на стандардот на студентите и вработените,

8. остварува различни програми за надоградување, продлабочување или проширување на знаењата и континуирано образование,

9. разменува научни, уметнички и стручни услуги и производи со домашни и странски физички и правни лица,

10. остварува издавачка дејност,

11. трансферира средства до универзитетот и студентските организации согласно актите на факултетот и

12. врши и други работи утврдени со овој закон и статутот на универзитетот.

(2) Факултетот може да врши и високообразовна дејност за стручни студии, кои согласно овој закон, ги врши висока стручна школа, согласно со статутот на универзитетот.

(3) Универзитетот, односно единиците на универзитетот имаат интернет страница на која задолжително се објавуваат:

1. Статутот на единицата (со сите изменувања и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи,

2. Решенија за институционална и програмска акредитација/реакредитација, како и дозволата за вршење високообразовна дејност,

3. Актот за систематизација,

4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет,

5. Општ акт за плати и надоместоци на единицата,

6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот,

7. Распоредот на работни задачи за тековната академска година, најдоцна 10 дена пред почетокот на академската година,

8. Завршна сметка, најдоцна во рок од 10 дена од денот на нејзиното усвојување,

9. Годишен извештај, најдоцна во рок од 10 дена од денот на неговото усвојување,

10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови, најдоцна во рок од 10 дена од денот на прифаќањето,

11. Прифатени теми за изработка на докторски трудови, најдоцна во рок од 10 дена од денот на прифаќањето,

12. Акти кои ги донесува единицата согласно други закони,

13. Етичкиот кодекс и

14. други акти утврдени со овој закон и статутот на универзитетот.

(4) Високата стручна школа и научниот институт кој врши високообразовна дејност, на својата интернет страница ги објавува актите, документите и известувањата од ставот (3) на овој член.

Дејност на високата стручна школа

Член 23

(1)Високата стручна школа може да врши високообразовна дејност како стручни студии од прв циклус на образование во траење од најмалку три години на студии како висока стручна школа или уметничка академија, образование од втор циклус специјалистички стручни студии во траење од најмалку една, односно две години од подрачјето за кое е акредитирана студиската програма.

(2)Висока стручна школа може да организира и кратки стручни студии.

(3) На високата стручна школа од ставот (1) на овој член, која не е во состав на универзитет, соодветно се применуваат одредбите од овој закон што се однесуваат на универзитетот, односно на неговите единици.

Научна установа (научен институт) како вршител на високообразовна дејност

Член 24

(1) Јавна научна установа може самостојно да врши високообразовна дејност за студии од втор и трет циклус студии, по спроведена постапка за институционална и програмска акредитација, согласно одредбите на Законот за обезбедување на квалитет во високото образование и науката и со овој закон.

(2) Научен институт во состав на јавен универзитет и приватно-јавен универзитет како негова единица, може да врши високообразовна дејност на втор циклус студиии по спроведена постапка за институционална и програмска акредитација, согласно одредбите на Законот за обезбедување на квалитет во виското образование и науката и со овој закон.

(3) Научен институт во состав на јавен универзитет и приватно-јавен универзитет како негова единица, може да врши високообразовна дејност на трет циклус на студии како и во соработка со факултет на универзитетот во чиј состав е, за студиски програми по правило од исто или сродно научно поле или потполе, односно од научно поле/потполе од различни подрачја за поттикнување на интердисциплинарност, по спроведена постапка за институционална и програмска акредитација, согласно одредбите на Законот за обезбедување на квалитетот во високото образование и науката и со овој закон.

(4) Мешовит научен институт и приватен научен институт, основани согласно Законот за научноистражувачката дејност, можат да вршат високообразовна дејност на студии од втор и трет циклус по спроведена постапка за институционална и програмска акредитација, согласно одредбите на Законот за обезбедување на квалитет во високото образование и науката и со овој закон, само во соработка со

универзитет кој е рангиран меѓу првите три во Република Северна Македонија, или во соработка со странски универзитет кој е рангиран меѓу првите двеста рангирани универзитети на листата на Академското рангирање на светски универзитети (ARWU) (Academic Ranking of World Universities Shangai Xiao Tong (ARWU)) или Светско рангирање на универзитетите на Кваквarели Сајмондс (QS World University Rankings), при што правата и обврските за вршење на дејноста се уредуваат со договор.

Високообразовна установа на верска заедница

Член 25

(1) Факултети кои се основани од верските заедници можат да ги имаат правата и обврските на високообразовна установа определена со овој закон, ако ги исполнуваат условите од овој закон за основање на високообразовна установа и за вршење на високообразовна дејност (во натамошниот текст: високообразовна установа на верска заедница).

(2) Високообразовна установа на верска заедница може да биде во состав на универзитет, како единица на универзитетот или како придружна членка.

(3) Положбата на високообразовна установа на верска заедница како придружна членка во составот на универзитет се определува и уредува со договор склучен во писмена форма меѓу универзитетот и основачот на високообразовната установа на верска заедница.

(4) Пристапување на високообразовна установа на верска заедница како единица на универзитетот се врши по постапката утврдена во овој закон и статутот на универзитетот.

(5) Условите за пристапување на високообразовна установа на верска заедница кон универзитетот, како и нивните права и обврски, се уредуваат со статутот на универзитетот.

Странска високообразовна установа

Член 26

(1) Странска високообразовна установа која во последните десет години се наоѓала меѓу првите 500 рангирани универзитети на листата Академското рангирање на светските универзитети (Academic Ranking of World Universities (ARWU)), или Светско рангирање на универзитетите на Кваквarели Сајмондс (QS World University Rankings) на која и е признато правото да врши високообразовна дејност, односно е акредитирана за вршење на високообразовна дејност во земјата во која и е седиштето, може на некој од светските јазици да врши високообразовна дејност на територијата на Република Северна Македонија, без постапка на иницијална институционална акредитација и без примена на одредбите од членот 52, 53, 54 и 55 од овој закон, по претходно позитивно мислење од Советот за квалитет на Агенцијата за квалитет во високото образование и наука и одобрение од Владата.

(2) По добивањето на одобрението од ставот (1) на овој член, странската високообразовна установа се запишува во Централниот регистар на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Централниот регистар), како установа, како и во Регистарот на високообразовни установи во согласност со членот 57 од овој закон.

Глава четврта

СТУДЕНТИ И СТУДЕНТСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Оддел 1

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА СТУДЕНТОТ

### Статус на студент

Член 27

(1)Статусот на студент, а со тоа и член на академската заедница се стекнува со запишувањето на прв, втор и трет циклус на студии на универзитет, односно на висока стручна школа.

(2) Статусот на студент се докажува со студентска легитимација или со индекс во хартиена и/или во електронска форма.

(3)Редовен студент е студент кој е запишан на студии и ги исполнува обврските во согласност со студиската програма.

(4)Во текот на студирањето, доколку со студиската програма е утврдена можност за вонредно студирање, согласно овој закон, редовниот студент има право да го продолжи студирањето како вонреден студент, со плаќање школарина.

(5)Условите за вонредно студирање се уредуваат со статутот на високообразовната установа.

(6) Студентот кој е запишан на академските студиски програми за медицина, медицински сестри, акушерки, стоматологија, ветерина, фармација, архитектура, градежништво, како и на студиските програми за образование на наставници, не може да има статус на вонреден студент.

### Права и обврски на студентот

Член 28

(1) Студентот има право на:

1. квалитетни студии и образовен процес како што е предвидено со студиските програми,
2. слободно искажување на мислење и ставови во текот на наставата и другите активности на високообразовната установа,
3. право на изјаснување за квалитетот (оценување) на наставата и наставниците и соработниците,
4. редовно студирање и статус на редовен студент и право на вонредно студирање и статус на вонреден студент, согласно овој закон и статутот на високообразовната установа,
5. редовно да напредува, да се образува и да го заврши студирањето под услови кои важеле при неговиот упис,
6. запишување и образование под еднакви услови утврдени со закон, статут и студиска програма,
7. учество во управувањето со високообразовната установа согласно со овој закон и статутот на високообразовната установа,
8. заштита на своите права и должности пред органите на високообразовната установа,
9. заштита на личноста на студентот од злоупотреба и на неговото достоинство,
10. бесплатна и професионална поддршка за физичко и ментално здравје, вклучително и бесплатни курсеви за здравствена поддршка,
11. признание на компетенциите стекнати во странство за академски или професионални цели и
12. автономно учество во раководните и академски процеси, како и слобода да изрази мислење за образовниот процес.

(2) Студентот има право и да:

1. студира истовремено на повеќе студиски програми од различни студиски подрачја, поле или специјалности и да изучува дополнителни курсеви, согласно правилата за студирање.

2. ги продолжи студиите на друга високообразовна установа, ако високообразовната установа на која е запишан престане со работа,

3. ги користи библиотеката и базите на податоци, просторот, опремата (учебните помагала), софтверот и друга научна и стручна инфраструктура на универзитетот и неговите единици, односно на високообразовната установа,

4. учествува во научно-истражувачката, уметничката и стручната дејност при што му се гарантираат авторски, пронаоѓачки и слични права и награди,

5. избира и да биде избиран како претставник на студентите во органите на високообразовните установи,

6. користи услуги на студентскиот стандард според условите утврдени со закон,

7. ги користи универзитетските објекти за спортска и културна дејност,

8. преминува од една на друга високообразовна установа, односно од едни на други студии и при тоа да ги користи погодностите на кредит системот,

9. учествува во работата на студентските организации,

10. учествува во формите на организирање на студентските организации утврдени со статутот на универзитетот,

11. ги продолжи студиите што ги прекинал под услови определени со статутот на високообразовната установа,

12. добива државна или други стипендија,

13. остварува соработка со студентите во земјата и во странство,

14. остварува и други права согласно со закон и со статутот на високообразовната установа.

15. заштита од секаков вид на дискриминација согласно прописите од областа на спречување дискриминација и

16. учестува во академски, општествени или културни активности.

(3) Студентот има обврска да:

1. ги исполнува задачите пропишани во студиските програми,

2. ги почитува одредбите од овој закон, статутот и другите правни акти на внатрешното уредување на високообразовната установа,

3. се придржува кон решенијата и одлуките на органите на високообразовната установа и на нејзината единица,

4. да ги почитува авторските права на авторите на учебниците, монографиите и учебните помагала,

5. да дејствува во согласност со студентскиот етички кодекс кој го подготвува и одобрува високообразовната установа во согласност со студентското претставување и

6. да ги почитува интегритетот и достоинството на сите членови на академската заедница.

(4) Студентите на сите степени на високо образование кои се лица со попреченост, мајки со деца до шест годишна возраст и хоспитализираните, имаат право на посебни погодности утврдени со статутот на високообразовната установа.

(5) Правата од ставовите (1) и (2) на овој член и обврските од ставот (3) на овој член, студентот на високообразовната установа ги остварува во обем и според условите утврдени со закон и статутот на високообразовната установа.

(6) Владата може да донесе одлука за посебни погодности за студентите, како што се студентска картичка за попусти и бесплатен градски превоз, при што средствата се обезбедуваат од Буџетот.

Правила на студирање

Член 29

Со општ акт на универзитетот или на високата стручна школа, а поблиску со општ акт на единицата на универзитетот, се регулираат постапките и правилата за студирање, а особено за:

1. универзитетски календар,
2. уписните постапки,
3. испитниот режим,
4. напредувањето, вклучително условите за побрзо напредување,
5. завршување на образованието,
6. преминувањата помеѓу студиските програми,
7. презапишувањето на предмети, односно условното напредување,
8. продолжувањето на студиите по прекинувањето,
9. паралелно, интердисциплинарно и индивидуално студирање,
10. признавање на испитите и другите студиски обврски положени на различни високообразовни установи,
11. видот на исправите кои му се издаваат на студентот врз основ на евиденцијата определена со овој закон,
12. постапката за заштитата на правата на студентите,
13. органите надлежни за водење на постапките и одлучувањето,
14. дисциплинската одговорност и права и должностите на студентите во дисциплинската постапка и
15. други правила поврзани со правата и должностите на студентите.

Престанок на статусот на студент

Член 30

(1) На студентот му престанува статусот на студент во високообразовната установа според условите и постапката утврдени со статутот на високообразовната установа.

(2) Статусот на студент престанува, ако студентот:

- дипломира, магистрира, докторира,
- не ги заврши студиите во рокот утврден со закон, статутот или правилата за студирање на високообразовната установа,
- се испише,
- е исклучен и
- во други случаи утврдени со правилата за студирање на универзитетот и на единицата на универзитетот, односно со статутот на висока стручна школа.

(3) Статусот на студент може да биде обновен според постапката утврдена со статутот на високообразовната установа, освен ако статусот на студентот не престанал со дипломирање или со трајно исклучување. Трошоците за обновување на статусот ги поднесува студентот, а истите се определуваат со општ акт на универзитетот, односно високата стручна школа.

Дисциплински мерки

Член 31

(1) За повреда на должностите и за неисполнување на обврските, на студент може да му се изрече дисциплинска мерка: опомена, јавна опомена и исклучување.

(2) Дисциплинската мерка исклучување се применува за академската година во која е изречена.

(3) Дисциплинските мерки ги изрекува комисијата за дисциплински мерки на единицата на универзитетот, односно на високата стручна школа која не е во состав на универзитет.

(4) Во составот на комисијата за дисциплински мерки, по предлог на студентската организација, еден член делегираат студентите на високообразовната установа на која е запишан студентот.

(5) Со статутот на универзитетот односно статутот на високата стручна школа се определува составот на дисциплинската комисија, начинот и постапката за утврдување на дисциплинската одговорност, мерките и условите под кои дисциплинската мерка се изрекува и правото на заштита на студентот.

(6) Постапката за дисциплинската одговорност се спроведува врз начелото на праведност и сослушување од страна на комисијата за дисциплински мерки.

Студентски правобранител

Член 32

(1) Заради заштита на правата на студентите на секој универзитет, односно висока стручна школа се избира студентски правобранител, од редот на редовните студенти на универзитетот.

(2) Студентскиот правобранител го избира и разрешува универзитетското студентско собрание, со мнозинство гласови на членовите.

(3) На секоја единица на универзитетот, се избира заменик студентски правобранител, кој го избира факултетското студентско собрание од редот на редовните студенти, со мнозинство гласови на членовите.

(4) Мандатот на студентскиот правобранител и на замениците студентски правобранители е две години, без можност за реизбор.

(5) Начинот на избор, разрешување и поблиските критериуми за работата на студентскиот правобранител и замениците студентски правобранители, се утврдуваат со акти на универзитетот, неговите единици и студентското собрание.

Надлежности на студентскиот правобранител

Член 33

(1) Студентскиот правобранител постапува по поднесок од страна на студент или по сопствена иницијатива доколку увидел дека е повредено право на студент од страна на органите на универзитетот, односно високата стручна школа или друг член на академската заедница на универзитетот, односно висока стручна школа. Органите на високообразовната установа се должни да постапат по укажувањата на студентскиот правобранител.

(2) Заменик студентскиот правобранител постапува по поднесок од страна на студент и по сопствена иницијатива доколку увидел дека е прекршено право на студент од страна на органите на факултетот или друг член на академската заедница на факултетот. Органите на факултетот се должни да постапат по укажувањата на заменикот студентски правобранител.

(3) За својата работа, студентскиот правобранител поднесува годишен извештај до универзитетскиот сенат (во натамошниот текст: Сенатот), односно до наставничкиот совет на високата стручна школа.

(4) За својата работа заменикот студентски правобранител поднесува годишен извештај до студентскиот правобранител и до наставно-научниот совет на единицата.

Оддел 2

СТУДЕНТСКО ОРГАНИЗИРАЊЕ И УЧЕСТВО НА СТУДЕНТИТЕ ВО УПРАВУВАЊЕТО

Студентско организирање

Член 34

(1) Студентските собранија се тела на високообразовните установи во кои членуваат претставници на студентите.

(2) Високообразовните установи се должни на студентските собранија, на студентскиот правобранител и на заменикот студентски правобранител, да им обезбедат простории за работа и да им пружат административно-техничка помош.

(3) Високообразовните установи се должни, според своите можности, да ги поддржуваат студентските собранија кои се организирани во нивните рамки.

Финансирање на студентските собранија

Член 35

(1) Работата на студентското собрание се финансира од средства на високообразовната установа, во висина и на начин утврдени со статутот и општите акти на установата, како и од легати, подароци, завештанија, прилози и други извори, во согласност со закон.

(2) Студентските собранија располагаат со средствата на начин утврден со нивниот статут.

(3) Високообразовните установи се должни да им овозможат на студентските собранија автономно располагање со средства за нивната работа согласно со овој закон и општите акти на високообразовните установи.

(4) Студентските собранија настапуваат во правниот промет под називот на универзитетот во чиј состав се и под својот назив, според овластувањата определени во статутот на универзитетот, односно високата стручна школа и имаат деловна и парнична способност.

(5) Студентските собранија на јавните универзитети во рамките на универзитет или единиците во состав на универзитетот, остваруваат приходи од самофинансирачки активности и други извори и располагаат со истите во рамки на сметките на универзитетот или единиците во состав на универзитетот..

(6) За студентските собранија на приватните универзитети, односно висока стручна школа соодветно се применуваат одредбите од овој член.

Универзитетско студентско собрание

Член 36

(1)Универзитетското студентско собрание е тело на универзитетот во кое членуваат претставници на студентите од факултетските студентски собранија.

(2)Универзитетското студентско собрание ги штити интересите на студентите, учествува преку свои претставници во одлучувањето во органите и телата на универзитетот и ги претставува студентите во рамки на високото образование како членови на академската заедница.

Надлежност на универзитетско студентско собрание

Член 37

(1)Универзитетското студентско собрание има надлежност да:

- избира студентски претставници во Сенатот и другите органи и тела на универзитетот,
- донесува план и програма за својата работа,
- избира и разрешува студентски правобранител,
- се грижи за квалитетот на животот на студентот и квалитетот на процесот на студирање, студентскиот стандард, остварувањето на студентските права и интереси и за студентската културна, социјална и интелектуална надоградба,

- им предлага на органите на управување план за финансирање на студентските активности,

- донесува општи акти на студентското собрание согласно закон и статутот на универзитетот и

- врши други активности од интерес на студентите.

(2)Универзитетското студентско собрание е составено од претставници на студентите именувани од редот на претставниците избрани во факултетското студентско собрание.

(3)Факултетските студентски собранија и студентските собранија на високите стручни школи именуваат по двајца претставници во универзитетското студентско собрание на универзитетот во чиј состав се.

(4)Претседател на универзитетското студентско собрание се избира од редот на претставниците именувани во универзитетското студентско собрание.

(5)Мандатот на членовите и на претседателот на универзитетското студентско собрание трае две години, со право на уште еден избор.

(6)Бројот на членовите на универзитетското студентско собрание, како и органите на универзитетското студентско собрание и начинот на нивниот избор се уредуваат со статутот на универзитетот.

(7)Работата на универзитетското студентско собрание се уредува со статут, кој се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

(8)Работата на универзитетското студентско собрание се финансира со средства на универзитетот во рамките на кој делува универзитетското студентско собрание.

Факултетско студентско собрание

Член 38

(1)Факултетското студентско собрание е тело на факултетот во кое членуваат претставници на студентите од сите циклуси на студии.

(2)Претставниците во факултетското студентско собрание се избираат на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање.

(3)Право да избираат и да бидат избрани за членови на факултетското студентско собрание имаат сите редовни студенти на факултетот, кои се запишани на студии во академската година во која се избира факултетското студентско собрание.

(4)Мандатот на членовите и на претседателот на факултетското студентско собрание трае две години, со право на уште еден избор.

(5)Изборот на членовите и на претседателот на факултетското студентско собрание се одржува 30 дена пред истекот на мандатот на членовите и претседателот од ставот (4) на овој член.

(6)Изборите за членовите на факултетското студентско собрание ги распишува претседателот на универзитетското студентско собрание во рок од 30 дена пред нивното одржување. Во одлуката за распишување на избори претседателот на универзитетското студентско собрание именува изборна комисија составена од студенти предложени од факултетското студентско собрание која ги спроведува изборите за членови на факултетското студентско собрание.

(7)Доколку претседателот на универзитетското студентско собрание не ги распише изборите за факултетското студентско собрание во рокот определен во ставот (6) на овој член, изборите ги распишува деканот на факултетот, во рок од три дена од истекот на рокот од ставот (6) на овој член.

(8)Постапката за избор и бројот на членовите на факултетското студентско собрание, како и органите на факултетското студентско собрание и начинот на нивниот избор се уредуваат со статут на факултетското студентско собрание, кој се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

(9) Заради остварување на правата и заштита на интересите на студентите, факултетското студентско собрание ги избира и разрешува претставниците на студентите во органите на факултетот, во согласност со закон, со статутот на универзитетот и статутот на факултетот.

(10) Работата на факултетското студентско собрание се финансира со средства на факултетот во рамките на кој делува факултетското студентско собрание.

(11) Со факултетското студентско собрание претседава претседател кој се избира на непосредни и тајни избори. Претседателот на факултетското студентско собрание ги извршува одлуките на факултетското студентско собрание, ги застапува студентите и факултетското студентско собрание и е одговорен за неговата работа.

Студентско собрание на висока стручна школа

Член 39

(1) Студентското собрание на висока стручна школа е тело на високата стручна школа во кое членуваат претставници на студентите.

(2) Одредбите од член 38 од овој закон, се применуваат и за студентското собрание на високата стручна школа.

Учеството на студентите во управувањето

Член 40

(1) Студентите учествуваат во управувањето со високообразовните установи преку претставниците кои ги избираат во:

- универзитетското студентско собрание, факултетското студентско собрание и студентското собрание на високата стручна школа,
- во органите на високообразовните установи во согласност со закон,
- преку формите на самоорганизирање или
- на друг начин според условите утврдени со закон и статутот на високообразовната установа.

(2) Универзитетското студентското собрание, факултетското студентско собрание и студентското собрание на високата стручна школа им овозможуваат на студентите остварување на заедничките интереси како партнери во процесот на високото образование.

(3) Учеството на студентите во органите на универзитетот и на единиците на универзитетот, односно на високата стручна школа, прашањата за кои рамноправно одлучуваат, бројот, начинот на избор и другите прашања од значење за остварување на нивните права поблиску се уредуваат со статутот на универзитетот и статутот на единиците на универзитетот, односно со статутот на високата стручна школа, а во согласност со одредбите од овој закон.

Мандатот на членовите на факултетското студентско собрание и на студентското собрание

Член 41

Мандатот на членовите на факултетското студентско собрание и на студентското собрание на високата стручна школа престанува и пред истекот на две години доколку студентот дипломира, ги стави студиите во мирување, ги прекине студиите, му престанал статусот на студент и во други случаи определени со закон, односно статут на универзитетот, односно на високата стручна школа.

Глава петта

# НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

## Оддел 1

### Национален совет за високо образование и научноистражувачка дејност

Член 42

(1) Националниот совет за високото образование и научноистражувачката дејност (во натамошниот текст: Националниот совет), е самостоен стручен орган со седиште во Скопје, кој се основа заради следењето и унапредувањето на квалитетот на високото образование и науката и долгорочно стратешко планирање за поврзување со пазарот на труд и потребите на општеството.

(2) Националниот совет има:

- печат кој содржи натпис: Република Северна Македонија - Национален совет за високо образование и научноистражувачкадејност - Скопје. Во средината на печатот е грбот на Република Северна Македонија,
- посебна сметка во рамки на Буџетот на Министерството надлежно за високото образование.

(3) Средствата за работа на Националниот совет се обезбедуваат од Буџетот.

### Состав на Националниот совет

Член 43

(1) Националниот совет е составен од 15 членови кои ги избира Собранието на Република Северна Македонија и тоа:

- шест членови од редот на професорите на универзитетите во Република Северна Македонија, со искуство во процесите за обезбедување, оценување, развој и унапредување на квалитет на високото образование и науката, кои се избираат на предлог на Интеруниверзитетската конференција со тајно гласање, при што секој од нив е од различно научно подрачје според Националната класификација,
- шест членови од редот на професорите во работен однос на универзитетите во Република Северна Македонија, со искуство во процесите за обезбедување, оценување, развој и унапредување на квалитет на високото образование и науката, кои се избираат на предлог на Владата, при што секој од нив е од различно научно подрачје според Националната класификација,
- еден член на предлог на Македонската академија на науките и уметностите од редот на членовите на Македонската академија на науките и уметностите,
- еден член на предлог од стопанските комори и
- еден член од редот на студентите на предлог на студентите членови во Интеруниверзитетската конференција, согласно статутот на Интеруниверзитетската конференција.

(2) Членови на Националниот совет не може да бидат лица избрани за ректор, проректор или претседател на Сенатот, декан или продекан на факултет, односно директор на висока стручна школа, директор на научен институт кој изведува високообразовна дејност, како и член на Советот за квалитет.

(3) Мандатот на членовите на Националниот совет е четири години со право на уште еден последователен избор. По исклучок, мандатот на членовите може да трае и подолго од четири години, но не подолго од шест месеци, до одржување на конститутивна седница на новиот состав на Националниот совет.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, членот кој се избира од редот на студентите, се избира за период од две години без право на повторен избор.

(5) Мандатот на членовите на Националниот совет почнува да тече од денот на одржување на конститутивната седница.

(6) При изборот на членовите на Националниот совет се применува принципот на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници со почитување на критериумите на стручност и компетентност согласно одредбите од овој закон.

(7) Мандатот на членот на Националниот совет престанува по сила на закон, што се констатира на седница на Националниот совет, во следните случаи:

- смрт на членот на Националниот совет или настанување на трајна неспособност за вршење на неговата функција,
- оставка на членот на Националниот совет,
- ако членот на Националниот совет го изгуби звањето професор или настапил предвремен престанок на изборот, односно ако повеќе не е член на Македонската академија на науките и уметностите, односно му престане статусот на студент или
- ако членот на Националниот совет стапи на должност или функција која е неспојлива со функцијата член на Националниот совет, согласно закон.

(8) Во случаите од ставот (7) на овој член, претседателот на Собранието го констатира настапувањето на престанокот на функцијата на членот на Националниот совет на првата наредна седница на Собранието.

(9) Собранието го разрешува членот на Националниот совет, на предлог на Националниот совет, доколку истиот подолго од три месеци не ги извршува обврските утврдени со закон.

Надлежност на Националниот совет

Член 44

(1) Националниот совет е самостоен во својата работа и одлучува во рамките на својата надлежност врз основа на принципот на стручност и компетентност.

(2) Националниот совет:

1. го следи развојот на високото образование и неговата усогласеност со европските и меѓународните стандарди и остварувањето на Националната програма за високото образование, за што еднаш годишно поднесува извештај до Собранието на Република Северна Македонија и Владата, со предлог мерки, решенија и препораки за подобрување на високообразовната дејност;

2. ја изготвува и со согласност на министерот надлежен за работите на високото образование ја предлага за усвојување Националната програма за високото образование до Собранието на Република Северна Македонија;

3. предлага до министерот надлежен за работите на високото образование правилник за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност во согласност со овој закон;

4. предлага до министерот надлежен за работите на високото образование правилник за структурата на студиските програми во согласност со овој закон;

5. предлага уредба за мерила и критериуми за финансирање на високото образование, која ја донесува Владата;

6. предлага до министерот надлежен за работите на високото образование правилник за содржина на основачкиот акт на приватна високообразовна установа;

7. предлага уредба со која се уредуваат правата на лицата со попреченост и други лица, да бидат ослободени од партиципација за студирање, која ја донесува Владата;

8. предлага на министерот надлежен за работите на високото образование правилник со кој се утврдуваат стручните и научните називи, во согласност со закон;

9. предлага до министерот надлежен за работите на високото образование правилник за содржината и формата на извештајот за работата на ректорот;

10. донесува четиригодишна и годишна програма за својата работа;

11. донесува деловник за работа;

12. предлага до Собранието разрешување на член на Националниот совет кој подолго од три месеци не ги извршува обврските утврдени со овој закон и со други прописи;

13. утврдува електронски бази на списанија, покрај базите наведени во членот 2 точка 22 од овој закон, и области во кои преводите на капитални дела ќе се сметаат за референтни научни публикации согласно членот 2 точка 29 од овој закон;

14. Националната класификација на научните полиња, потполиња и области на Република Северна Македонија ја донесува Националниот совет, при што министерот надлежен за работите на високото образование обезбедува координација и усогласеност со националните политики, без да навлегува во научната содржина;

15. го следи развојот на научноистражувачката дејност и нејзината усогласеност со европските и меѓународните трендови и остварувањето на Националната програма за научноистражувачката дејност, за што еднаш годишно поднесува извештај до Собранието и Владата со предлог мерки, решенија и препораки за подобрување на научноистражувачката дејност;

16. му предлага на министерот надлежен за работите на високото образование Национална програма за научноистражувачка дејност;

17. предлага до Владата приоритетни области и програми за научно истражување и технолошки развој;

18. предлага до министерот надлежен за работите на високото образование правилник за нормативите и стандардите за основање на научни институти и за вршење научноистражувачкадејност;

19. предлага до министерот надлежен за работите на високото образование правилник за збирката докази од членот 162 став (7) алинеја 3 од овој закон;

20. донесува упатство за имплементација на Меѓународната стандардна класификација на образованието на УНЕСКО (МСКОБ – ISCED), за потребите на статистичко и административно усогласување;

21. утврдува посебни услови за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, по претходно позитивно мислење од министерот надлежен за работите на високото образование и наука;

22. утврдува начин на изготвување и примена на стандард на високообразовна квалификација од ниво VA до ниво VIII од Македонската рамка на квалификации и

23. врши други работи согласно закон.

Организација и работа на Националниот совет

Член 45

(1) Националниот совет работи и одлучува на седници.

(2) Националниот совет може да одлучува доколку на седницата се присутни повеќе од половината од вкупниот број членови, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

(3) Работата на Националниот совет е јавна.

(4) Начинот на работа на Националниот совет поблиску се уредува со деловник за работа.

(5) Националниот совет избира претседател со тајно гласање од редот на членовите за време од две години, со право на повторен избор.

(6) Претседателот на Националниот совет го застапува и претставува Националниот совет.

(7) Националниот совет може да формира стручни работни тела/комисии за потребите на својата работа.

(8) Надоместокот за работа и за трошоци на членовите на Националниот совет и за работните тела/комисии, го утврдува Собранието , врз основа на присуство на седници и/или обем и сложеност на извршени работи.

(9) Националниот совет еднаш годишно поднесува извештај за својата работа до Собранието .

(10) Стручните, административните и помошно-техничките работи за потребите на Националниот совет ги врши министерството надлежно за работите на високото образование.

Оддел 2

## РАНГИРАЊЕ НА УНИВЕРЗИТЕТИТЕ

### Член 46

(1) За развивање и одржување на квалитетот на високото образование на секои пет години, задолжително се спроведува национално рангирање на сите универзитети запишани во регистарот на високообразовни установи.

(2) За развивање и одржување на квалитетот на високото образование, покрај рангирањето од ставот (1) на овој член, на секои пет години задолжително се спроведува и посебно рангирање на сите научни установи кои вршат високообразовна дејност согласност со овој закон.

(3) Националното рангирање од ставовите (1) и (2) на овој член, може да го спроведе министерството надлежено за работите на високото образование или странска организација членка на Меѓународната експертска група за рангирање (International Ranking Expert Group - IREG), со експертиза во областа на високото образование.

(4) Универзитетите и единиците на универзитетите, како и научните установи кои вршат високообразовна дејност, имаат обврска да ги доставуваат сите податоци потребни за рангирањата, во рок од 30 дена од добивањето на барањето од институцијата од ставот (3) на овој член.

(5) Средствата потребни за спроведувањето на рангирањето на универзитетите и рангирањето на самостојните научни установи се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија.

(6) Резултатите од рангирањата од ставовите (1) и (2) на овој член, и критериумите по кои се изведени рангирањата се достапни на јавноста во рок од осум дена по изготвувањето на извештајот за резултатите од рангирањата со ранг-листите, преку објавување на интернет страницата на министерството надлежно за работите на високото образование.

(7) Министерството надлежно за работите на високото образование е должно во рок од осум дена од денот на приемот на извештајот за резултатите од рангирањата со ранг листите да го достави до сите универзитети и самостојни научни установи.

(8) Критериумите за рангирањето се определуваат согласно Берлинските принципи за рангирање на високообразовните установи на Меѓународната експертска група за рангирање.

(9) Начинот и поблиските критериуми на рангирањето на универзитетите ги утврдува министерот надлежен за работите на високото образование.

(10) Министерството надлежно за работите на високото образование ги користи резултатите и податоците од рангирањето при креирањето на политики и спроведување на активностите и мерките од обласа на високото образование и науката.

Глава шеста

## ОСНОВАЊЕ И ПРЕСТАНОК НА ВИСОКООБРАЗОВНИ УСТАНОВИ

### Оддел 1

### Основање на високообразовна установа

### Член 47

(1) Високообразовната установа се основа како јавна, приватно-јавна или приватна.

(2) Јавна високообразовна установа основа Собранието на Република Северна Македонија со закон.

(3) Приватна високообразовна установа основа физичко или правно лице.

(4) Приватно-јавна непрофитна високообразовна установа е високообразовна установа основана од непрофитна фондација, со јавни средства од странски и домашни извори, која остварува јавен интерес. Средствата стекнати во оваа установа се користат само и исклучиво за вршење на високообразовна дејност. Оваа установа не може да остварува профит од вршење на дејноста.

(4) Единица на локална самоуправа не може да основа високообразовна установа.

### Услови за основање на високообразовна установа

### Член 48

(1) Високообразовна установа може да се основа ако:

- е утврдено студиско и научно-истражувачко подрачје, односно уметничка дисциплина за кои високообразовната установа се основа, при што за определувањето на студиското подрачје, односно уметничката дисциплина се користи Меѓународната стандардна класификација на образованието на УНЕСКО (МСКОБ, ISCED), а при определување на научно-истражувачкото подрачје се користи Националната класификација.
- се обезбедени соодветни простории и опрема во сопственост на основачот, за остварување на високообразовна, научноистражувачкаи уметничка, односно стручна дејност, или договор за закуп на соодветен простор во времетраење од најмалку пет години.
- со финансиски план е обезбедено одржливо ниво на финансирање најмалку за еден циклус на студии,
- е обезбеден потребен број лица кои ги исполнуваат условите утврдени за избор во наставно-научни, научни и наставни звања кои дале нотарски заверена изјава дека ќе се пријават на конкурсот и дека ќе засноваат работен однос, ако на конкурс бидат избрани и
- се исполнети и другите услови кои се утврдени со нормативите и стандардите за вршење на високообразовна дејност.

(2) Нормативите и стандардите за основање на високообразовна установа и вршење на високообразовна дејност, ги пропишува министерот надлежен за работите на високото образование, на предлог на Националниот совет.

### Услови за основање на универзитет

### Член 49

(1) Универзитет може да се основа согласно условите утврдени со овој закон и Законот за обезбедување на квалитет во високото образование и науката, ако во својот состав има најмалку пет акредитирани факултети.

(2) Универзитет за применети науки може да се основа согласно условите утврдени со овој закон и Законот за обезбедување на квалитет во високото образование и науката, ако во својот состав има најмалку еден акредитиран факултет и две акредитирани високи стручни школи или има најмалку три акредитирани високи стручни школи.

(3) Универзитетот од ставот (1) на овој член, треба да има вработени лица избрани во наставно-научни, научни, наставни и наставно стручни звања во работен однос со полно работно време за изведување на најмалку 50% од часовите на настава на студиските програми за кои се бара иницијалната програмска акредитација, а најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време на секоја од единиците на универзитетот.

(4) Универзитетот од ставот (2) на овој член, кој во својот состав има најмалку еден факултет и две високи стручни школи, треба да има вработени лица избрани во наставно-научни, научни, наставно-стручни и наставни звања во работен однос со полно работно време за изведување на најмалку 50% од часовите на настава на студиските програми за кои се бара иницијалната програмска акредитација, а најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време на единица факултет и најмалку 10 наставници во работен однос со полно работно време на секоја висока стручна школа.

(5) Универзитетот од ставот (2) на овој член, кој во својот состав има најмалку три стручни школи треба да има вработени лица избрани во наставни звања во работен однос со полно работно време за изведување на најмалку 50% од часовите на настава на студиските програми за кои се бара иницијалната програмска акредитација, а најмалку 10 наставници во работен однос со полно работно време на секоја висока стручна школа.

(6) При основање на универзитет треба да бидат исполнети условите за изведување на студиски програми најмалку на првиот циклус на високо образование.

Услови за основање на висока стручна школа

Член 50

(1)За основање на висока стручна школа треба да бидат исполнети условите за изведување на студиски програми најмалку на првиот циклус на високо образование со траење од три години.

(2)За исполнување на условот од ставот (1) на овој член, високата стручна школа треба да има вработени лица избрани во наставни звања во работен однос со полно работно време за изведување на најмалку 50% од часовите на настава на студиските програми за кои се бара иницијалната програмска акредитација, а најмалку 10 наставници во работен однос со полно работно време на високата стручна школа.

Банкарска гаранција

Член 51

(1) Покрај условите утврдени во членовите 48 и 50 од овој закон, за основање на приватно-јавна и приватна високообразовна установа и при акредитација на студиските програми на приватно-јавни и приватни високообразовни установи потребно е основачот да приложи неотповиклива банкарска гаранција на прв повик во износ од 70% од школарината на бројот на одбрените студенти со акредитацијата, односно на бројот на запишаните студенти, за секој циклус на студии, или еквивалентна банкарска гаранција од финансиска институција основана во земја членка на Европската Унија или Економскиот европски простор, под истите критериуми и услови кои важат за финансиските институции во Република Северна Македонија, со која ќе им се надоместат средствата на студентите, во случај на престанок со работа на високообразовната установа.

(2) Банкарската гаранција од ставот (1) на овој член, се обновува секоја година, согласно бројот на запишаните студенти по завршување на уписите, во рок од 30 дена од денот на затворањето на матичните книги, за што основачот доставува изјава заверена на нотар.

Оддел 2

## ПОСТАПКА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ВИСОКООБРАЗОВНА УСТАНОВА

Почеток на постапката за основање на високообразовна установа

Член 52

(1) Постапката за основање на високообразовна установа започнува со изработка на проект за основање високообразовна установа.

(2) Проектот за основање на јавна високообразовна установа го подготвува министерството надлежно за работите во високото образование.

(3) Проектот за основање на приватно-јавна и приватна високообразовна установа го подготвува основачот.

Проект за основање високообразовна установа

Член 53

(1) Проектот за основање на високообразовна установа содржи:

1. Назив на високообразовната установа, при што:

– називот на универзитетот не смее да содржи збор „академија“, ниту да создава заблуда во однос на неговиот правен статус;

– називот на факултетот не смее да содржи збор „универзитет“ или „академија“;

– називот на високата стручна школа не смее да содржи збор „факултет“, „институт“, „академија“ или „универзитет“;

– називот на научниот институт не смее да содржи збор „факултет“ или „универзитет“;

– користењето на географски поими во називот е дозволено доколку не создава заблуда за седиштето, односноправниот статус;

– јавна научна установа може во својот назив да го содржи зборот „академија“ доколку врши и уметничка дејност, под услови утврдени со закон и со актот за основање.

2. образложение на причините и општествена оправданост за основање,

3. студиските подрачја согласно Меѓународната стандардна класификација на образованието (ISCED) и студиски програми,

4. просторните услови и опрема за остварување на високообразовната, научната, односно уметничката и стручната дејност во соодветните студиски подрачја, однсно научноистражувачки подрачја, полиња/потполиња,

5. изворот на финансиските средства за вршење на високообразовна дејност,

6. можноста за обезбедување на потребен број лица кои можат да бидат избрани во наставно-научни, научни и наставни звања и

7. план за начинот на кој ќе бидат исполнети другите услови кои се утврдени во Правилникот за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност.

(2) Проектот за основање универзитет ги содржи податоците од ставот (1) на овој член, за сите единици на универзитетот.

(3) Кон проектот за основање на високообразовна установа се доставуваат прилози утврдени со Правилникот за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност.

(4) Основачот проектот за основање на приватната високообразовна установа со прилозите го доставува на мислење до Националниот совет, кое Националниот совет го изготвува во рок од 30 дена од денот на добивањето на проектот.

(5) Проектот за основање јавна високообразовна установа со прилозите, министерството надлежно за работите на високото образование го доставува до Владата, за добивање на согласност.

(6) Проектот за основање приватна високообразовна установа со прилозите, основачот на приватната високообразовна установа преку министерството надлежно за работите на високото образование го доставува до Владата, за добивање на согласност.

(7) Владата на проектот за основање на приватна високообразовна установа, може да даде согласност на проектот со што продолжува постапката за основање, може да го врати проектот на дополнување или да не даде согласност на проектот со што постапката се запира.

(8) Ако е дадена согласност на проектот за јавна високообразовна установа, се поднесува предлог за донесување на закон за основање јавна високообразовна установа до Собранието.

(9) По дадената согласност на проектот за основање на приватна високообразовна установа, основачот на приватната високообразовна установа донесува акт за основање на приватна високообразовна установа.

Матична комисија

Член 54

(1) По донесувањето на закон за основање јавна високообразовна установа, односно основачкиот акт за основање на приватна високообразовна установа, министерот надлежен за работите на високото образование именува матична комисија.

(2) Матичната комисија за основање на универзитет ја сочинуваат по пет членови за секоја единица на универзитетот. Членовите на матичната комисија се именуваат од редот на редовните професори избрани на соодветната научна, односно уметничката област, во подрачјето за кое се основа единицата, а кои се вработени на постојните високообразовни установи во Република Северна Македонија. Доколку во Република Северна Македонија не е избран редовен професор во одредена област за која се формира матична комисија, членови на матичната комисија може да бидат професори избрани во сродна научна, односно уметничка област во Република Северна Македонија или професори избрани во иста или сродна научна област во земјите членки на Европската Унија.

(3) Матичната комисија за основање на висока стручна школа ја сочинуваат пет члена со наставно-научни и/или научни звања во научната област, односно уметничката област или струката за која се основа, а кои се вработени на постојните високообразовни установи во Република Северна Македонија.

(4) Матична комисија за основање на единица на универзитет којшто веќе има дозвола за вршење високообразовна дејност, ја сочинуваат три члена со наставно-научни и/или научни звања во научното подрачје, односно уметничко подрачје или струката за која се основа кои се вработени на постојните високообразовни установи во Република Северна Македонија

(5) Матичната комисија ги врши подготвителните работи со кои се создаваат услови за почеток со работа на акредитираната високообразовна установа и во тие рамки врши:

- избор на наставници,
- склучува договори за вработување на лица во стручната и административната служба и помошно-технички лица и

- други работи што и ги доверил основачот, што се од значење за почеток со работа на високообразовната установа.

(6) Матичната комисија при изборот на наставниците не може да врши избор во повисоки наставно-научни звања на кандидатите.

(7) Надоместокот на членовите на матичната комисија за основање на јавна висикобразовна установа се исплаќа со одлука на министерот надлежен за високото образование, а за приватно-јавните и приватните високообразовни установи надоместокот е на товар на основачот.

(8) Висината на надоместокот од ставот (7) на овој член, изнесува до една просечна месечна исплатена нето плата по вработен во претходната година во Републиката.

(9) Матичната комисија доставува извештај до министерот надлежен за работите на високото образование, во рок 30 дена по завршувањето на работата.

Иницијална институционална акредитација

Член 55

Постапката на иницијална институционална акредитација на високообразовна установа се спроведува согласно Законот за обезбедување на квалитет во високото образование и науката.

Упис во Регистер на високообразовни установи

Член 56

По спроведувањето на постапката од членот 55 од овој закон, и по добивањето на решението за давање дозвола за вршење на високо образовна дејност од министерството надлежно за работите во високото образование, високообразовната установа се запишува во Регистерот на високообразовни установи (во натамошниот текст: Регистарот) и започнува да ја врши дејноста.

Регистар на високообразовните установи

Член 57

(1) Министерството надлежно за работите на високото образование го воспоставува Регистарот, во електронска форма, кој го објавува на неговата интернет страница.

(2) Во Регистарот се запишуваат податоци за:

1. универзитети,
2. единици на универзитетите,
3. високи стручни школи
4. научни установи кои се акредитирани за вршење високообразовна дејност,
5. други податоци предвидени со актот од став (3) на овој член .

(3) Содржината на Регистарот, податоците кои се запишуваат, барањето за запишување во Регистарот и потребната документација, ги пропишува министерот надлежен за работите на високото образование.

Конституирање на органите на високообразовните установи

Член 58

По извршеното запишување на високообразовна установа во Регистарот, се конституира Сенат на универзитетот и се избира ректор на универзитетот, односно се конституира наставнички совет и се избира директор на високата стручна школа во рок од 30 дена од денот на запишување во Регистерот.

Конституирање на органите на единица на универзитетот

Член 59

(1) Во рок од 30 дена од денот на извршеното запишување на единицата на универзитетот во Регистарот, се конституира наставно-научен совет и се избира декан на факултетот, односно се конституира наставнички совет и се избира директор на високата стручна школа.

(2) Во случај кога со закон се основа единица на универзитетот, до изборот на декан, односно директор согласно со ставот (1) на овој член, во рок од седум дена од денот на влегувањето во сила на законот со кој се основа единицата на универзитетот, ректорот именува вршител на должноста декан, односно вршител на должноста директор кој ја врши должноста најмногу шест месеци од денот на неговото именување.

Упис во Централниот регистар на Република Северна Македонија

Член 60

(1) Во рок од 15 дена од денот на конституирањето и изборот на органите на универзитетот и на неговите единици, односно на високата стручна школа, се врши запишување на универзитетот, единиците на универзитетот и висока стручна школа во Централниот регистар.

(2) По запишувањето на високообразовната установа во Централниот регистар, високообразовната установа може да врши запишување на студенти во прва година на студии.

(3) Централниот регистар нема да изврши упис на високообразовна установа ако називот е во спротивност со одредбата од член 53 став (1) точка 1 од овој закон.

Статусни промени на високообразовни установи

Член 61

(1) Универзитетите, единиците на универзитетите, односно високообразовните установи, можат да се спојат, поделат или присоединат, со почитување на универзитетската автономија и правата на студентите и вработените, и тоа:

- со закон доколку се јавни, односно
- со изменување и дополнување на основачкиот акт доколку се приватни.

(2) Предлогот за статусна промена на јавни високообразовни установи од ставот (1) на овој член, до основачот, дава министерството надлежно за работите на високото образование по претходна консултација и мислење на засегнатите установи. Предлог може да даде и самиот јавен универзитет, односно јавната високообразовна установа.

(3) При статусна промена од ставот (1) на овој член, студентот има право да ги заврши студиите на студиските програми според кои ги започнал студиите.

(4) При статусна промена на високообразовна установа се формира матична комисија за статусни промени. За прашањата на именувањето и работата на матичната комисија за статусни промени се применуваат одредбите кои се однесуваат на матична комисија за основање на високообразовна установа.

(5) Матичната комисија донесува одлука за распределувањето на наставно-научниот, научниот и соработничкиот кадар согласно исполнетоста на општите и посебните услови за избор во звања согласно овој закон, како и потребите на универзитетите.

(6) Матичната комисија донесува одлука и за ненаставниот кадар, односно за тоа каде кадарот продолжува со работа и за студентите како и каде ќе продолжат со студиите, како и за останатите прашања кои произлегуваат од статусните промени.

(7) Во актот за статусните промени се уредуваат последиците од спојувањето, поделувањето или присоединувањето на високообразовните установи.

Запишување на статусните промени во Регистарот на високообразовни установи и во Централниот регистар

Член 62

Статусните промени се запишуваат во Регистарот на високообразовни установи и во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Оддел 3

ПРЕСТАНОК НА ВИСОКООБРАЗОВНА УСТАНОВА

Основи за престанок на високообразовна установа

Член 63

(1) Високообразовната установа престанува, ако:

- основачот утврдил дека престанала потребата од постоење на високообразовната установа,
- министерот надлежен за работите на високото образование донел решение за престанок на приватна високообразовната установа согласно член 198 ставовите (1) и (2) од овој закон,
- министерот надлежен за работите на високото образование донел решение за одземање на дозволата за вршење на високообразовна дејност на приватна високообразовна установа врз основа на одредбите од Законот за обезбедување на квалитет во високото образование и науката,
- е отворена стечајна постапка на приватна високообразовна установа и
- постојат други основи за престанок, согласно закон.

(2) Јавна високообразовна установа престанува со закон.

(3) Со законот за престанок на јавен универзитет се определува дали некои единици на универзитетот ќе продолжат со работа и ќе се припојат/спојат кон друг универзитет или ќе продолжат да работат како самостојни високообразовни установи.

(4) Во случај на престанок на приватна високообразовна установа министерот надлежен за работите на високото образование ќе донесе решение за продолжување на студиите или префрлување на студентите на друга високообразовна установа во земјата, која има исти или слични студиски програми, при што целокупната документација и евиденција за студентот се презема од високообразовната устанува на која се префрлил студентот. Со решението за продолжување на студиите или префрлување на студентите на друга високообразовна установа во земјата која има исти или слични студиски програми, ќе се активира и банкарската гаранција која ја дал основачот за да можат да се надоместат средствата кои студентите ги уплатиле на високообразовната установа која престанала со работа и другите трошоци кои ќе ги имаат студентите за продолжување на студиите.

(5) Во случај на престанок на јавна високообразовна установа со законот за престанок се уредува начинот на кој студентите ќе ги продолжат студиите како и статусот на вработените во установата која престанува.

Стечај на високообразовна установа

Член 64

(1) Над самостојна јавна високообразовна установа не се спроведува стечај.

(2) Самостојна приватна високообразовна установа може да престане со стечај согласно со Законот за установите и Законот за стечај.

(3) Банкарската гаранција што согласно со овој закон, ја дава основачот на приватната високообразовна установа не влегува во стечајната маса и се користи исклучиво за намената за која е дадена согласно со овој закон.

(4) Ако средствата од банкарската гаранција што согласно со овој закон, ја дал основачот на самостојната приватна високообразовна установа и средствата од стечајната маса не се доволни за надомест за средствата што студентите ги уплатиле на високообразовната установа која престанала со работа и на другите трошоци што ќе ги имаат студентите заради префрлувањето на студии на иста или слична високообразовна установа во земјата, основачот одговара неограничено со целиот свој имот согласно со Законот за стечај и Законот за установите.

Бришење од Регистарот и од Централен регистар

Член 65

(1) Високообразовната установа на која и е одземена дозволата за вршење високообразовна дејност, односно е донесен акт за престанок од член 83 став (2) од овој закон, односно член 198 став (2) од овој закон, се брише од Регистарот во рок од 10 дена од донесувањето на актите од овој став.

(2) Во случаите од став (1) на овој член, министерот надлежен за работите на високото образование во рок од три дена од денот на бришењето од Регистарот, поднесува барање за бришење на високообразовната установа од Централниот регистар.

Глава седма

ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ВИСОКООБРАЗОВНИТЕ УСТАНОВИ И ФОРМИ НА СОРАБОТКА

Оддел 1

ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ВИСОКООБРАЗОВНИ УСТАНОВИ

Внатрешна организација на високообразовните установи

Член 66

(1) Внатрешната организација на високообразовните установи се уредува со овој закон и со статутот на високообразовната установа.

(2) Единицата на универзитетот за вршење на својата дејност може да организира институт, центар, катедра, оддел и други внатрешни организациски единици, под услови утврдени со статутот на универзитетот, односно статутот на единицата.

(3) Универзитетот, под условите утврдени со закон и со статутот, покрај единиците во негов состав, може да има и други внатрешни организациски единици, со кои се поврзува праксата, знаењето, уметноста и високото образование и во чие работење може да учествуваат студентите (студентски културни центри, универзитетски спортски центар, центри за истражување и континуирано образование како доживотно учење, инженерски бироа, работилници, центри за правни и бизнис совети и друга помош на граѓаните, производни пробни центри, галерии, радио и ТВ

станици и друго), технолошки паркови и други организациски единици утврдени со статутот на универзитетот.

(4) Универзитетот може под условите утврдени со закон и со статутот на универзитетот за вршење на својата дејност да организира универзитетски клинички центар, универзитетска поликлиника, универзитетски ветеринарен клинички центар, аграрни универзитетски центри и други форми, по поднесено барање со потребната документација до министерството надлежно за работите на високото образование. Министерството надлежно за работите на високото образование врз основа на барањето со документација дава, односно не дава согласност на барањето.

(5) Заради вршење на својата дејност универзитетот може да склучува договори со универзитетски клиники и други установи кога е тоа потребно за вршење на високообразовната дејност или со други установи и трговски друштва чија дејност е од значење за вршење на дејноста на универзитетот и за вршење на применувачка дејност.

(6) Доколку договорот од ставот (5) на овој член, универзитетот го склучува со здравствена установа, универзитетот доставува барање за добивање одобрение до министерството надлежно за работите на високото образовани. Министерството надлежно за работите на високото образование, по предлог на универзитетот и согласно Правилникот за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и вршење високообразовна дејност, дава, односно не дава одобрение на барањето.

## Центар за кариера

### Член 67

(1) Универзитетот основа најмалку еден центар за кариера. Центрите за кариера се формираат заради организирање на практична настава за студентите со цел поврзување на студентите со приватниот и јавниот сектор, за подготовка на стручен кадар кој ќе применува современи иновативни техники и технологии во наставата.

(2) Центарот за кариера води посебна евиденција за поранешни студенти (алумни) и организира саеми за кариера на секој факултет/универзитет каде што има центар за кариера.

(3) Центрите за кариера се состојат од советници кои имаат познавања од областа на образованието.

(4) Центрите за кариера се должни да формираат работни групи од претставници од факултетите, стопански комори и организација на работодавачи и да организираат средби со присуство и на претставници од Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија за потребите од кадар на пазарот на трудот и намалување на јазот меѓу побарувачката и понудата на работна сила.

(5) Работата на центарот за кариера се уредува со општ акт што го донесува Сенатот, во согласност со статутот на универзитетот.

(6) Универзитетите се должни да имаат алумни дигитална мрежа достапна на нивните интернет страници, која ги поврзува поранешните студенти заради одржување на контакти и долгорочна соработка и до која има пристап и министерството надлежно за работите на високото образование.

## Основање на друга организација

### Член 68

(1) Универзитетот, единицата на универзитет, односно високата стручна школа, може под услови утврдени со закон и со статут заради пренос на правата од

интелектуална сопственост коишто произлегуваат од нејзината дејност, а особено од научноистражувачка работа и создавање авторски дела, заради вршење други услуги од јавни овластувања, пренос на научно и стручно знаење и други остварувања во вршењето на применувачка работа, за вршење на издавачка дејност, за здравствена заштита на студентите, за сместување и исхрана, за културни потреби, спорт и рекреација на студентите и вработените во високообразовните установи и за други потреби, самостојно или со друг сосновач да основа трговско друштво, установа, здруженија, фондации и други правни лица под условите утврдени со закон и статутот.

(2) Потребите од став (1) на овој член, универзитетот, единицата на универзитет, односно високата стручна школа, можат да ги остваруваат договорно со правни и физички лица.

(3) Добивката на трговското друштво која и припаѓа на високообразовната установа по основ на влогот, односно приходот на установата од ставот (1) на овој член, може да се користи исклучиво за унапредување на дејноста на високообразовната установа која учествувала во нејзиното создавање.

Административно-стручна служба

Член 69

(1)За вршење на административно стручни работи на високообразовната установа се формира административно-стручна служба, со која раководи генерален секретар на универзитетот.

(2) Внатрешната организација на административно-стручната служба, се уредува со статутот на високообразовната установа.

## Оддел 2

## ФОРМИ НА СОРАБОТКА

Форми на соработка на високообразовните
установи

Член 70

(1) Заради разгледување и усогласување на прашањата од заедничко значење, се формира Интеруниверзитетска конференција како јавно правно тело со права и обврски определени со овој закон.

(2) Членки на Интеруниверзитетската конференција се сите акредитирани универзитети.

(3) Организацијата и работата на Интеруниверзитетската конференција се уредуваат со статутот на Интеруниверзитетската конференција.

(4) Интеруниверзитетската конференција е составена од:

1) ректорите на јавните универзитети,

2) ректорите на приватните универзитети,

3) ректорите на приватните-јавните универзитети,

4) претседателите на студентските собранија на универзитетите од точките 1, 2 и 3 на овој став,

5) 18 члена од редот на редовните професори избрани од сенатите на јавните и приватно-јавните универзитети со тајно гласање, застапени според нивното учество во вкупниот број на редовни студенти првпат запишани во студиска година и еден член избран од редот на директорите на високи стручни школи и

6) два члена од редот на професорите од приватните универзитети процентуално застапени според нивното учество во вкупниот број на редовни студенти првпат запишани во студиска година.

(5) Во работата на Интеруниверзитетската конференција учествува и министерот надлежен за работите на високото образование, без право на одлучување.

(6) Интеруниверзитетската конференција донесува деловник со кој се уредува начинот на работа и одлучување.

(7) Одлуките на Интеруниверзитетската конференција се објавуваат на интернет страницата на Интеруниверзитетската конференција, а записниците од седниците и одлуките задолжително им се доставуваат на сите универзитети кои членуваат во Интеруниверзитетската конференција, во рок не подолг од 10 дена од денот на донесувањето на одлуките.

(8) Седниците на Интеруниверзитетската конференција се отворени за јавноста.

(9) Интеруниверзитетската конференција за својата работа поднесува годишен извештај до сенатите на универзитетите кои се нејзини членки. Извештајот се поднесува најдоцна до 1 март за предходната година и се објавува на интернет страницата на Интеруниверзитетската конференција, во рок не подолг од 10 дена од денот на поднесувањето на извештајот.

(10) Средствата за работа на Интеруниверзитетската конференција се обезбедуваат од членките на Интеруниверзитетската конференција, согласно со статутот на Интеруниверзитетската конференција.

Надлежност на Интеруниверзитетската конференција

Член 71

Интеруниверзитетската конференција ги има следните надлежности:

1. предлага до Собранието на Република Северна Македонија шест членови на Националниот совет, по претходно спроведена постапка за избор по пат на јавен повик,
2. избира шест членови на Советот за квалитет, од редот на професорите, соодветно на застапеноста на универзитетите според нивното учество во вкупниот број на прв пат запишани студенти во студиска година, по претходно спроведена постапка за избор по пат на јавен повик,
3. избира и предлага членови на органи и тела согласно овој или друг закон, по претходно спроведена постапка за избор по пат на јавен повик,
4. утврдува ставови и мислења за прашања од заеднички интерес во високото образование,
5. донесува статут со кој ја уредува сопствената организација и работа,
6. донесува деловник со кој се уредува нејзиниот начин на работа и одлучување,
7. донесува општ акт со кој ја уредува содржината и начинот на водење на интернет страницата согласно со овој закон и
8. врши други работи утврдени со овој или со друг закон.

Други облици на заедничка соработка

Член 72

(1) Заради остварување и на други интереси, универзитетите, односно високите стручните школи можат со спогодба да организираат и други облици на заедничка соработка и вршење на одделни работи.

(2) Универзитетот или единица во негов состав имаат обврска да склучат најмалку два договора за соработка со универзитет од првите 1000 високо рангирани универзитети согласно со Академското рангирање на светски универзитети (ARWU), или Светското рангирање на универзитетите на Квакварели Сајмондс (QS World University Rankings) и

(3) Универзитетот или единица во негов состав, имаат обврска да склучат најмалку два договора за студиска програма за двојна диплома (double degree) или заедничка студиска програма (joint degree) со Универзитет од првите 1000 високо рангирани универзитети согласно со Академското рангирање на светски универзитети (ARWU), или Светското рангирање на универзитетите на Квакварели Сајмондс (QS World University Rankings).

## Глава осма

## ОРГАНИ И ТЕЛА НА ВИСОКООБРАЗОВНИТЕ УСТАНОВИ

### Оддел 1

### ОРГАНИ И ТЕЛА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

#### Органи и тела на универзитетот

#### Член 73

(1) Органи на универзитетот се универзитетски сенат, ректор и ректорска управа и универзитетски совет.

(2) Приватен, односно приватно-јавен универзитет, односно универзитет за применети науки, наместо универзитетски совет-може да има орган на основачот, со права и обврски утврдени со актот за основање и статутот на универзитетот, во согласност со овој закон.

(3) На универзитетот се формира универзитетско студентско собрание како тело на универзитетот.

(4) Заради заштита на правата на студентите на универзитетот, се избира студентски правобранител како независно тело.

#### Универзитетски сенат

#### Член 74

(1) Сенатот е орган на управување и стручен орган кој го сочинуваат претставници од единиците на универзитетот, придружните членки и од универзитетското студентско собрание.

(2) Член на Сенатот може да биде лице избрано во наставно-научно, наставно-стручно, научно или наставно звање и редовен студент на универзитетот во моментот на изборот.

(3) За член на Сенатот не може да биде избрано лице кое е избрано за декан, продекан или директор или заменик директор на единица на универзитетот.

(4) Членовите на Сенатот од единиците на универзитетот и од придружните членки се избираат со тајно гласање од страна на членовите на наставно-научниот, односно наставничкиот или научниот совет за време од четири години, со право на уште еден последователен избор.

(5) По исклучок од ставот (4) на овој член, универзитетското студентско собрание ги избира претставниците на студентите во Сенатот со тајно гласање, за време од две години, согласно член 41 од овој закон и согласно со статутот на универзитетот.

(6) Во Сенатот секоја единица на универзитетот има најмалку по еден, а најмногу два претставника, пропорционално на бројот на членовите на наставно-научниот, односно наставничкиот или научниот совет

(7) Ректорот и проректорите учествуваат во работата на Сенатот, без право на глас.

(8) Придружните членки на универзитетот избираат по еден член на Сенатот.

(9) Претставниците на студентите сочинуваат најмалку 10%, но не повеќе од 15% од членовите на Сенатот.

(10) Бројот на членовите на Сенатот, начинот за нивниот избор и разрешување, како и свикувањето и водењето на седниците на Сенатот, се уредуваат со статутот на универзитетот во согласност со овој закон.

(11) Свикувањето и работата на Сенатот поблиску се уредува со деловник на Сенатот во согласност со овој закон и со статутот на универзитетот.

Надлежност на Сенатот

Член 75

Сенатот на универзитетот:

1. донесува статут на универзитетот и дава согласност на статутите на единиците во неговиот состав,

2. одлучува за наставната, научната, уметничката и високостручната (применувачка) дејност,

3. ги усвојува студиските програми на факултетите, односно на високите стручни школи и на научните институти во негов состав кои вршат високообразовна дејност согласно со овој закон,

4. одлучува за основање и престанок на внатрешни организациони единици, организации и трговски друштва,

5. донесува годишна и четиригодишна програма за развој и работа на универзитетот,

6. дава предлози на Програмата за високообразовната дејност и дава мислење по годишната програма за развој на единиците во неговиот состав,

7. дава предлози на Националната програма за научноистражувачката дејност на Република Северна Македонија,

8. го усвојува годишниот извештај за работа на универзитетот, поднесен од ректорот,

9. усвојува годишен финансиски план на универзитетот,

10. донесува годишна финансиска пресметка и годишен завршен финансиски извештај на универзитетот,

11. предлага програма за инвестиции на универзитетот до Универзитетскиот совет,

12. одлучува по жалба против одлуката по приговор од лицето кое не е избрано ниту во постојното звање, согласно член 178 од овој закон,

13. одлучува за доделувањето на титула почесен доктор на науки (doctor honoris causa), звањето почесен професор на универзитетот (profesor honoris causa) и звањето професор емеритус,

14. избира универзитетска изборна комисија,

15. решава за потврдување на суспензијата на декан, односно директор на единицата на универзитетот,

16. донесува правилници за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трите циклуси на студии,

17. донесува правилник за единствениот кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на универзитетот,

18. донесува правилник за начинот на издавањето на диплома, додаток на диплома и уверение, како и за одземање на издадената диплома, додатокот на диплома и уверението,

19. донесува правилници за начинот на кој се вршат стручно-административните работи од заеднички интерес на единиците на универзитетот,

20. донесува правилник за организирање на издавачката дејност,

21. донесува програма за меѓународна соработка,

22. на предлог на ректорот избира и разрешува генерален секретар на универзитетот,

23. донесува Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на универзитетот и неговите единици во согласност со Правилникот за стандардите и постапката за самоевалуација и надворешна евалуација кој го донесува Националниот совет за високо образование,

24. донесува деловник за работа на Сенатот,

25. презема мерки за унапредување и заштита на стандардот на студентите и вработените,

26. избира претседател на Сенатот,

27. донесува општ акт за уредување на работата на центарот за кариера на универзитетот,

28. донесува општ акт за дополителните критериуми во избор на звања,

29. донесува општ акт со кој ја уредува работата и месечниот надомест на овластеното лице за прием на пријави на корупција,

30. донесува програма за обезбедување на технологија и/или адаптација на просторот во кој се одвива наставата заради овозможување пристап до високото образование на лицата со попреченост

31. формира комисија за самоевалуација на универзитетот и ги избира нејзините членови,

32. го потврдува изборот на декан, односно директор и

33. врши други работи утврдени со овој закон и со статутот на универзитетот.

Начин на одлучување на Сенатот

Член 76

(1) Сенатот може да одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број членови на Сенатот, а одлучува со мнозинство гласови од присутните членови, освен ако со овој закон не е поинаку уредено.

(2) За изборот на органите на универзитетот и избор на претседател на Сенатот, Сенатот одлучува доколку на седниците присуствуваат најмалку 2/3 од вкупниот број членови на Сенатот, а одлучува со мнозинство од присутните членови.

Претседател на Сенатот

Член 77

(1) Претседателот на Сенатот се избира од редот на сенаторите со тајно гласање за период од четири години без право на повторен избор.

(2) Претседателот на Сенатот ги свикува седниците на Сенатот, го предлага дневниот ред и претседава со седниците на Сенатот.

(3) Претседателот на Сенатот свикува седница на Сенатот најмалку еднаш месечно.

(4) Претседателот на Сенатот е должен на барање на најмалку една петтина од членовите на Сенатот или на барање на ректорот да свика седница на Сенатот.

(5) Доколку претседателот на Сенатот не постапи согласно со одредбите од ставовите (3) и (4) на овој член, ректорот ја свикува седницата на Сенатот.

(6) Во случај на отсуство или спреченост на претседателот на Сенатот, седниците на Сенатот ги води член на Сенатот согласно со статутот на универзитетот.

(7) Претседателот на Сенатот е одговорен за законитоста и статутарноста на работењето на Сенатот.

(8) Постапката за избор и разрешување, како и за надлежностите на претседател на Сенатот поблиску се уредува со статутот на универзитетот.

(9) Вршењето на должноста претседател на Сенат е неспојливо со вршењето на друга државна функција или функција во политичка партија.

Ректор на универзитетот и проректори

Член 78

(1) Ректорот е раководен орган на универзитетот.

(2) Ректорот го претставува и застапува универзитетот во земјата и странство.

(3) Ректорот се избира од редот на редовните професори вработени на универзитетот, за време од четири години, со право на уште еден последователен реизбор.

(4) Ректорот ја врши функцијата професионално. Правата и обврските од вршењето на функцијата ректор се уредуваат со посебен договор за вршење на функцијата, склучен во име на универзитетот од лице овластено со статутот, по одлука на Сенатот. Со договорот се уредува и обемот на неговиот наставен ангажман на единицата од која е избран, кој не може да надминува 30% од полното работно време

(5) Универзитетот има најмногу до шест проректори кои ги назначува ректорот од редот на редовните и вонредните професори од единиците на универзитетот, на начин и во постапка утврдени со статутот на универзитетот, при што се води сметка за соодветна застапеност на научните подрачја согласно Националната класификација. Проректорите имаат мандат од четири години со право на уште еден последователен избор.

(6) Вршењето на должноста ректор и проректор е неспојливо со вршењето на друга јавна функција или функција во политичка партија.

(7) Начинот на разрешување на ректорот, пред истекот на времето за кое е избран, поблиску се уредува со статутот на универзитетот.

(8) Начинот и посебните услови за нивното назначување, како и престанокот на мандатот на проректорите, поблиску се уредуваат со статутот на универзитетот.

Избор на ректор

Член 79

(1) Ректорот се избира на слободни, непосредни и тајни избори од страна на членовите на наставно-научните, научните и наставничките совети на сите единици, при што секој глас еднакво се вреднува.

(2) Во првиот круг од гласањето за ректор е избран оној кандидат кој добил мнозинство гласови од вкупниот број членови на наставно-научните совети, научните и наставничките совети кои гласале, доколку на изборите излегле една третина од вкупниот број на членови.

(3) Доколку во првиот круг од гласањето за избор на ректор, не излезат една третина од вкупниот број на гласачи, целата изборна постапка се повторува во период од седум дена.

(4) Ако за ректор е предложен еден кандидат, а во првиот круг на гласањето не го добил потребното мнозинство гласови од ставот (2) на овој член, се повторува целата изборна постапка, во период од седум дена.

(5) Ако во првиот круг ниту еден кандидат за ректор не го добил потребното мнозинство гласови од ставот (2) на овој член, во вториот круг се гласа за двајцата кандидати кои во првиот круг добиле најмногу гласови.

(6) Вториот круг на гласање се одржува во рок од седум дена од денот на завршувањето на првиот круг на гласањето.

(7) Во вториот круг на гласање за ректор е избран кандидатот кој добил поголем број гласови.

(8) Сенатот, најдоцна шест месеци пред истекот на мандатот на постојниот ректор, донесува одлука за започнување на постапка за избор на ректор.

(9) Ректор се избира на јавен оглас кој го распишува универзитетот. На јавниот оглас може да се јави кандидат кој ги исполнува условите за ректор.

(10) Начинот и посебните услови за избор на ректор се уредуваат со статутот на универзитетот.

### Надлежност на ректорот

### Член 80

Ректорот во рамките на раководењето со универзитетот:

1. ја усогласува високообразовната, уметничката, научноистражувачката и применувачка дејност и друга работа на универзитетот,
2. ги извршува одлуките и заклучоците на Сенатот,
3. назначува еден или повеќе проректори од редот на редовните и вонредните професори од единиците на универзитетот, под услови и постапка утврдени со статутот на универзитетот,
4. дава иницијатива за свикување на Сенатот,
5. им поднесува на Сенатот и на ректорската управа предлози и одлуки и други општи акти и заклучоци за прашања чие разгледување и решавање е во нивна надлежност,
6. одлучува за финансиските и материјалните прашања кои не се во надлежност на другите органи на универзитетот;
7. промовира доктори на науки;
8. доделува награди на универзитетот;
9. ги свикува, го предлага дневниот ред и претседава со седниците на ректорската управа;
10. разрешува проректор;
11. суспендира декан или директор на единица на универзитет за непочитување на законот, статутот, општ акт или одлука на универзитетот,
12. назначува вршител на должност декан, односно вршител на должност директор на единица согласно овој закон,
13. предлага избор и разрешување на генерален секретар на универзитетот;
14. ја води меѓународната соработка на универзитетот и иницира соработка со други универзитети во земјата и странство,
15. дава овластување на проректорите за вршење на дел од своите права и обврски,
16. се грижи за имотот на универзитет и се грижи за неговото одржување и
17. врши други работи утврдени со закон, статутот и други општи акти на универзитетот.

### Извештај на ректорот

### Член 81

(1) Ректорот е должен еднаш во годината до Сенатот, универзитетскиот совет и основачот, да поднесува извештај за својата работа и за работата на универзитетот, во кој е содржан и детален финансиски извештај.

(2) Доколку Сенатот не го прифати извештајот од ставот (1) на овој член, се поведуваа постапка за разрешување на ректорот.

(3) Содржината и формата на извештајот од ставот (1) на овој член, ги утврдува министерот надлежен за работите на високото образование, на предлог на Националниот совет.

### Престанок на мандатот на ректорот

### Член 82

(1) Мандатот на ректорот престанува пред истекот на периодот за кој е избран, во еден од следните случаи:

1. ако тоа сам го побара,

2. ако настане трајна спреченост за вршење на функцијата,
3. ако ги исполни условите за старосна пензија,
4. ако биде разрешен од должноста пред истекот на мандатот, или
5. во моментот на именување на јавна функција во земјата или странство.

(2) Во случај на престанок на мандатот на ректорот, до изборот на нов ректор, должноста ја врши проректор определен од Сенатот, согласно статутот на универзитетот.

(3) Вршителот на должноста ректор ги врши тековните и неопходни работи за непречено функционирање на универзитетот и не може да презема долгорочни, кадровски или статусни одлуки, освен ако тоа е неопходно заради спречување штета.

(4) Најдоцна во рок од 30 дена од денот на изборот на вршителот на должноста ректор, се поведува постапка за избор на ректор, која мора да заврши во рок од шест месеци од денот на започнувањето на постапката за избор на ректор.

### Одговорност на ректорот за законитоста и статутарноста

### Член 83

(1) Ректорот се грижи за законитоста и статутарноста на работата на универзитетот и на единиците во неговиот состав и има право и должност да запре од извршување, односно да укине акт на нивните органи, за кој смета дека не е во согласност со закон, статут, општ акт или одлука на универзитетот.

(2) Единицата на универзитетот чиј акт е укинат, може да поднесе жалба до Сенатот. Одлуката на Сенатот е конечна.

(3) Во согласност со статутот на универзитетот, ректорот може за непочитување на законот, статутот, општ акт или одлука на универзитетот, да суспендира декан или директор на единица на универзитет.

(4) Сенатот во најкус можен рок, а најдоцна во рок од 30 дена од суспендирањето на деканот или директорот на единицата, одлучува за суспензијата на деканот, односно директорот на единицата на универзитетот од ставот (3) на овој член. Доколку Сенатот ја потврди суспензијата, на деканот односно на директорот му престанува мандатот со денот на потврдувањето на одлуката за суспензија.

### Ректорска управа

### Член 84

(1) Ректорската управа е орган на управување и ја сочинуваат ректорот, проректорите, деканите на факултетите, директорите на високите стручни школи, директорите на научните институти во состав на универзитетот и претставници на студентите.

(2) Со ректорската управа раководи ректорот.

(3) Организацијата и начинот на работата на ректорската управа, како и бројот на претставниците на студентите, поблиску се утврдуваат со статутот на универзитетот.

### Надлежност на ректорската управа

### Член 85

Ректорската управа:

1. ги подготвува и ги предлага актите и материјалите за прашања од надлежност на Сенатот,
2. го утврдува и го објавува конкурсот за запишување на студиите од прв, втор и трет циклус на јавните универзитети, по претходна согласност од Владата,
3. на приватните универзитети го утврдува и го објавува конкурсот за запишување на студиите од прв, втор и трет циклус,

4. подготвува извештај за бројот на запишани студенти според студиски програми и го доставува до министерството надлежно за работите на високото образование и до Агенцијата за квалитет во високото образование и науката,

5. дава мислење за студиските програми на факултетите, научните институти и високите стручни школи во состав на универзитетот,

6. донесува одлуки за тековната меѓународна соработка на универзитетот,

7. го уредува издавањето на дипломи и други документи за завршени студии на високо образование,

8. утврдува предлог за висината на партиципација и школарина на студентите на јавните високообразовни установи и

9. врши и други работи определени со статутот на универзитетот.

Универзитетски совет

Член 86

(1) Универзитетскиот совет на јавен универзитет има единаесет членови.

(2) Од вкупниот број членови на универзитетскиот совет пет членови именува Сенатот, од редот на вонредните и редовните професори, од лицата кои не се членови на Сенатот, еден член именува универзитетското студентско собрание од редот на студентите; три члена предлага Владата од редот на вонредните и редовните професори од јавните универзитети, на предлог на министерот надлежен за работите од високото образование; и два члена именуваат стопанските комори во Република Северна Македонија. Во работата на универзитетскиот совет учествува и ректорот без право на глас.

(3) Мандатот на членовите на универзитетскиот совет трае четири години без право на повторен избор, освен за членовите избрани од редот на студентите на кои мандатот им трае две години без право на повторен избор.

(4) Конститутивната седница на универзитетскиот совет ја свикува највозрасниот член на Советот.

(5) На конститутивната седница универзитетскиот совет од редот на своите членови избира претседател, на тајно гласање со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови.

(6) Начинот на работа на универзитетскиот совет поблиску се уредува со деловник за работа.

(7) Стручните и административните работи на универзитетскиот совет ги врши стручната служба на универзитетот.

(8) На членовите на универзитетскиот совет им следува месечен надоместок кој изнесува до 25% од просечната месечна исплатена нето плата по вработен во претходната година во Републиката, кој го исплаќа универзитетот од самофинансирачки средства, врз основа на присуство на седница на универзитетскиот совет.

(9) Членовите на универзитетскиот совет од редот на професорите и стопанските комори треба да имаат најмалку 15 годишно работно искуство и искуство во управување, организација и/или финансии.

Надлежност на универзитетскиот совет

Член 87

(1) Универзитетскиот совет врши надзор над извршувањето на дејноста на универзитетот, задачите на универзитетот во согласност со овој закон, законитоста на неговото работење, рационалната употреба на кадровските и материјалните ресурси и врши други работи утврдени со закон и статутот на универзитетот.

(2) Универзитетскиот совет:

- ја одобрува оправданоста на предлогот за трошоците за основање правно лице чија главна дејност е остварување на мисијата на универзитетот и задоволување на потребите на студентите и универзитетот,

- врши надзор над извршувањето на финансискиот план на универзитетот и управувањето на финансиските средства во согласност со закон и статут,

- донесува програма за инвестиции на универзитетот,

– дава мислење на извештајот на ректорот,

- од редот на редовните професори избира овластено лице за прием на пријави за корупција,

- дава мислење за статутот на универзитетот и единиците и

– доколку се посомнева во неправилност на работата на универзитетот универзитетскиот совет задолжително го предупредува Сенатот и ректорот, предлага мерки кои задолжително се преземаат за отстранување на неправилностите во определен рок. Доколку органите на универзитетот во определениот рок не ги отстранат неправилностите во работењето, универзитетскиот совет може времено да запре од извршување одлука на Сенатот и ректорот, ако е спротивна на законот, односно статутот и да свика седница на Сенатот заради расправа на тоа прашање. Доколку Сенатот повторно ја донесе одлуката или актот, универзитетскиот совет е должен да ја почитува одлуката, освен ако утврди постоење на јасна незаконитост за што може да покрене постапка пред надлежен орган.

(3) Универзитетскиот совет во својата работа ги почитува начелата на автономијата на универзитетот.

(4) Универзитетскиот совет најмалку еднаш годишно во рамките на своите надлежности доставува информација за своето работење и работењето на универзитетот до министерството надлежно за работите на високото образование и до Сенатот.

Орган на основачот на приватно-јавна и приватна високообразовна установа

Член 88

(1)Приватно-јавниот и приватниот универзитет наместо универзитетски совет, формираат орган на основачот.

(2)Бројот на членови и составот на органот од ставот (1) на овој член, го определува основачот со актот за основање на универзитетот и со статутот на универзитетот.

(3)Органот на основачот не може да има права и обврски со кои се ограничува и повредува автономијата на високообразовната установа или се ограничуваат правата и обврските на органите на универзитетот утврдени со овој закон.

(4) Основачот и членовите на органот од став (1) на овој член, не може да вршат раководни функции во раководните и органите на управување на приватниот универзитет.

Овластено лице за прием на пријави на корупција

Член 89

(1) Заради поефикасно спречување и заштита од корупција, универзитетскиот совет од редот на редовните професори на универзитетот избира овластено лице за прием на пријави на корупција.

(2) Пријавувањето на корупција се врши усно на записник или во писмена форма.

(3) Овластеното лице за прием на пријави на корупција, е должно:

- да постапува по пријавувањето од ставот (2) на овој член, согласно утврдените процедури;

- да ги заштити личните податоци на пријавувачот, односно податоците кои можат да го откријат идентитетот на пријавувачот кој бара да биде анонимен или пријавува доверливо, согласно со прописите за заштита на личните податоци и

- да го информира пријавувачот кој е познат за преземените мерки во врска со пријавата без одлагање, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата.

(4) Овластеното лице за прием на пријави за корупција се избира за време од две години, со право на уште еден избор.

(5) Овластеното лице за прием на пријави за корупција најмалку два пати годишно доставува извештај за својата работа до универзитетскиот совет и до Сенатот.

(6) Работата на овластеното лице за прием на пријави на корупција поблиску се уредува со општ акт кој го донесува Сенатот.

(7) Надоместокот за работата на овластеното лице од ставот (6) на овој член, се утврдува со општ акт кој го донесува Сенатот, врз основа на бројот на примени и постапени пријави на корупција.

## Оддел 2

## ОРГАНИ И ТЕЛА НА ЕДИНИЦИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

### Органи на факултетот, научниот институт во состав на универзитет и на високата стручна школа

#### Член 90

(1) Органи на факултетот се наставно-научен совет, декан и деканатска управа.

(2) На факултетот се формира факултетска студентска организација како тело на факултетот.

(3) Органи на научен институт, како единица на универзитет, се научен совет и директор.

(4) Одредбите од овој закон за факултет како единица на универзитет соодветно се применуваат и за научен институт како единица на универзитет.

(5) Органи на високата стручна школа, како единица на универзитет, се наставнички совет, директор и управа на високата стручна школа.

(6) На високата стручна школа, како единица на универзитет, се формира студентско собрание на високата стручна школа како тело на високата стручна школа.

(7) Одредбите од оваа глава за висока стручна школа како единица на универзитет, соодветно се применуваат и за висока стручна школа која не е во состав на универзитет.

### Наставно-научен совет

#### Член 91

(1) Наставно-научниот совет е орган на управување и стручен орган на факултетот.

(2) Наставно-научниот совет на факултетот од областа на уметноста или уметничка академија може да носи назив наставно-научен и уметнички совет.

(3) Наставно-научниот совет го сочинуваат редовните професори, вонредните професори, доцентите и претставници од соработниците и лекторите кои се во работен однос на факултетот.

(4) На факултет на кој се избрани повеќе од 150 наставници, наставно-научниот совет го сочинуваат претставници избрани од организационите единици (катедри, институти, центри и слично), од страна на редовните и вонредните професори и

доцентите. Изборот се врши сразмерно на наставниците избрани, односно распоредени во организационата единица на начинот и според условите определени во статутот на универзитетот и статутот на единицата. Наставно-научниот совет на овие факултети го сочинуваат 150 претставници.

(5) Во наставно-научниот совет свои претставници избира и факултетското студентско собрание.

(6) Бројот на претставниците на студентите и времето за кое се избираат се утврдува со статутот на универзитетот и статутот на факултетот.

(7) Претставниците на студентите сочинуваат најмалку 10%, но не повеќе од 15% од вкупниот број на членови на наставно-научниот совет.

(8) Во наставно-научниот совет свои претставници избираат и соработниците вработени на факултетот. Бројот на претставниците и начинот на кој се избираат се утврдува со статутот на универзитетот и статутот на факултетот.

(9) Наставно-научниот совет може за одделни студиски програми или за други потреби да формира стручни тела утврдени со статутот на универзитетот и/или статутот на факултетот.

### Надлежност на наставно-научниот совет

### Член 92

(1) Наставно-научниот совет на факултетот:

1. донесува статут на факултетот,

2. донесува четиригодишна програма за развој и годишна програма за работа,

3. избира декан на факултетот и ја доставува одлуката за избор на Сенатот за потврдување,

4. избира членови на Сенатот на универзитетот во чиј состав е (сенатори),

5. му предлага на Сенатот студиски програми,

6. донесува програма за научно-истражувачка, односно уметничка работа,

7. врши избор во наставно-научни звања доцент, вонреден професор и редовен професор, во наставно-стручни звања лектор и виш лектор, во научни звања, во соработнички звања и демонстратори,

8. избира членови на рецензентски комисии,

9. ја утврдува соодветноста и сродноста на научните области при примената на одредбите од овој закон,

10. предлага број на студенти кои се запишуваат во прва година на сите циклуси на студии,

11. донесува одлука за распоред на работни задачи за наставниците и соработниците за секоја академска година,

12. го усвојува финансискиот план и донесува завршна сметка (финансискиот годишен извештај) во рамките на единствениот финансиски план на универзитетот и консолидираната завршна сметка на јавниот универзитет,

13. ги донесува општите акти на факултетот од негова надлежност,

14. донесува мерки за создавање и усовршување на наставно-научниот и уметничкиот подмладок и за работа со особено успешни и талентирани студенти,

15. донесува мерки и одлучува за унапредување на наставната, научно-истражувачката, уметничката и применувачка работа,

16. избира и разрешува секретар на факултетот, во согласност со статутот на универзитетот и статутот на факултетот,

17. ги избира членовите на комисијата за самоевалуација,

18. одлучува за библиотеката, за библиотечно-информацискиот систем и за остварувањето на библиотечно-информациската и документационата дејност, во согласност со статутот на универзитетот и статутот на факултетот,

19. одлучува за организирање на собири, симпозиуми, советувања и слично,

20. одлучува за остварувањето на меѓународната соработка согласно статутот на универзитетот и статутот на факултетот и

21. врши и други работи утврдени со овој закон и статутот.

(2) Наставно-научниот совет полноважно одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број негови членови, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

(3) При изборот во наставно-научни, наставно-стручни, научни и соработнички звања и демонстратори не учествуваат студентите.

(4) За работите од ставот (1) алинеи 1, 3, 4 и 7 на овој член, наставно-научниот совет може полноважно да одлучува доколку се присутни две третини од вкупниот број негови членови, а одлуката се смета за донесена ако за неа гласало мнозинството од присутните членови на советот.

(5) Наставно-научниот совет одлучува со јавно гласање доколку не е поинаку определено со овој закон.

(6) За избор и разрешување на декан и за избор на сенатори наставно-научниот совет одлучува со тајно гласање.

(7) Со статутот на универзитетот или со статутот на факултетот може да се предвиди дека за други прашања наставно-научниот совет гласа тајно.

Наставнички совет

Член 93

(1) Наставничкиот совет е орган на управување и стручен орган на високата стручна школа.

(2) Наставничкиот совет го сочинуваат професорите, вишите предавачи и предавачите на високата стручна школа.

(3) Во наставничкиот совет свои претставници избира и студентското собрание на високата стручна школа.

(4) Бројот на претставниците на студентите и времето за кое се избираат се утврдува со статутот на високата стручна школа.

(5) Претставниците на студентите сочинуваат најмалку 10%, но не повеќе од 15% од вкупниот број на членови на наставничкиот совет.

(6) Наставничкиот совет може за одделни студиски програми или за други потреби да формира стручни тела утврдени со статутот на универзитетот и со статутот на високата стручна школа.

Надлежност на наставничкиот совет

Член 94

(1) Наставничкиот совет на високата стручна школа како единица на универзитет:

1. донесува статут на високата стручна школа,
2. донесува двегодишна програма за развој и годишна програма за работа,
3. избира директор и ја доставува одлуката за избор на Сенатот за потврдување,
4. избира членови на Сенатот во чиј состав е (сенатори),
5. му предлага на Сенатот студиски програми,
6. врши избор во наставни звања професор, виш предавач и предавач,
7. предлага број на студенти кои се запишуваат во прва година на студии,
8. донесува одлука за распоред на работни задачи за професорите, вишите предавачи и предавачите,
9. го усвојува финансискиот план и донесува завршна сметка (финансискиот годишен извештај) во рамките на единствениот финансиски план на универзитетот и консолидираната завршна сметка на јавниот универзитет,
10. му предлага на универзитетот, односно на основачот измена или проширување на дејноста во согласност со овој закон,

11. ги донесува општите акти на високата стручна школа како единица на универзитетот,

12. донесува мерки за работа со особено успешни и талентирани студенти,

13. донесува мерки и одлучува за унапредување на наставната и применувачката работа и за компјутерската мрежа,

14. избира секретар на високата стручна школа, во согласност со статутот на универзитетот и статутот на високата стручна школа,

15. ги избира членовите на комисијата за самоевалуација и донесува упатство за евалуација на високата стручна школа,

16. одлучува за библиотеката, за библиотечно-информацискиот систем и за остварувањето на библиотечно-информациската и документационата дејност, во согласност со статутот на универзитетот и статутот на високата стручна школа,

17. одлучува за организирање на собири, симпозиуми, советувања и слично,

18. одлучува за остварувањето на меѓународната соработка согласно статутот на универзитетот и статутот на високата стручна школа и

19. врши и други работи утврдени со овој закон и статутот.

(2) Наставничкиот совет полноважно одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број негови членови, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

(3) При изборот во наставни звања не учествуваат студентите.

(4) За работите од ставот (1) алинеите 1, 3, 4 и 6 на овој член, советот може полноважно да одлучува доколку се присутни две третини од вкупниот број негови членови, а одлуката се смета за донесена ако за неа гласало мнозинството од присутните членови на советот.

(5) Наставнонаучниот совет одлучува со јавно гласање доколку не е поинаку определено со овој закон.

(6)За избор и разрешување на директор и заменик директор и за избор на сенатори наставничкиот совет одлучува со тајно гласање.

(7) Со статутот на универзитетот или со статутот на високата стручна школа може да се предвиди дека и за други прашања од ставот (1) на овој член, наставничкиот совет гласа тајно.

(8) Одредбите од ставовите (1) до (7) на овој член, соодветно се применуваат и на наставничкиот совет на висока стручна школа која не е во состав на универзитет.

Научен совет

Член 95

Научните институти кои вршат високообразовна дејност, основаат научен совет за студиите од втор и трет циклус, кој го сочинуваат лицата избрани во научни звања кои учествуваат во изведувањето на наставата.

Декан на факултет и негови надлежности

Член 96

(1) Деканот на факултетот е раководен орган.

(2) Деканот го претставува факултетот, во земјата и странство во согласност со статутот на универзитетот и статутот на факултетот.

(3) Вршењето на должноста декан и продекан, е неспојливо со вршење на друга јавна функција или функција во политичка партија.

(4) Деканот, во рамките на вршењето на својата раководна функција:

1. ги извршува одлуките и заклучоците на Сенатот и ректорот на универзитетот,

2. ги извршува одлуките и заклучоците на наставно-научниот совет,

3. се грижи за усогласено вршење на високообразовната, уметничката, научно-истражувачката и применувачката дејност,

4. назначува еден или повеќе продекани од редот на наставно-научниот кадар на факултетот, согласно статутот на факултетот, во согласност со статутот на универзитетот.

5. ги свикува седниците на наставно-научниот совет, го предлага дневниот ред и претседава со нив,

6. ги подготвува и предлага актите и материјалите за прашања за кои одлучува деканатската управа,

7. на наставно-научниот совет му поднесува предлози на одлуки и заклучоци за прашањата чие разгледување и решавање е во негова надлежност,

8. распишува конкурс за избор на лица во наставно-научни, наставно-стручни, научни и соработнички звања,

9. ги промовира дипломираните студенти и доделува награди,

10. управува со имотот на факултетот и се грижи за неговото одржување во рамките на овластувањата определени со статутот на факултетот и статутот на јавниот универзитет и

11. врши и други работи согласно со овој закон, статутот на универзитетот и статутот на факултетот.

(5) Деканот е должен најмалку еднаш во годината до наставно-научниот совет и до ректорот на универзитетот да поднесе извештај за својата работа. Извештајот содржи финансиски дел согласно завршната сметка и истиот се објавува на интернет страницата на факултетот. Ако наставно-научниот совет со квалификувано мнозинство, не го прифати извештајот, се поведува постапка за разрешување на деканот, во согласност со овој закон и статут.

(6) Деканот е одговорен за законитоста и статутарноста на работата на органите на факултетот и има право и должност да запре од извршување општ акт и одлука на овие органи за кои смета дека не се во согласност со закон, статутот на универзитетот и статутот на факултетот и за тоа го известува ректорот кој донесува одлука по спорното прашање.

(7) За вршење на дел од своите права и обврски деканот може да овласти одделни продекани.

Избор на декан на факултетот

Член 97

(1) Деканот се избира од редот на редовните и вонредните професори на факултетот, а доколку нема редовни и вонредни професори и од редот на доцентите за време од четири години, со право на уште еден последователен избор, под условите утврдени со статутот на универзитетот.

(2) Факултетот може да има еден или повеќе продекани, кои ги назначува деканот. Мандатот на продеканот трае четири години.

(3) Постапката за избор на деканот и назначување на продеканите, поблиску се уредуваат со статутот на факултетот, во согласност со статутот на универзитетот.

(4) Ако во определниот рок предвиден со статут на универзитетот единицата не избере декан, најдоцна во рок од три дена од истекот на мандатот на деканот, ректорот именува вршител на должност декан, по претходно добиена согласност од лицето кое го именува за време определено со статутот на универзитетот.

(5) Мандатот на вршител на должност декан трае најмногу шест месеци.

(6) Ако факултетот не може да избере декан во рок од една година, сметано од назначувањето на вршител на должност декан, ректорот именува декан со мандат од две години.

Престанок на мандатот на декан и продекан

Член 98

(1) Мандатот на деканот и продеканот престанува пред истекот на рокот за кој е избран поради негово разрешување.

(2) Постапката за разрешување на декан и продекан поблиску се уредува со статутот на факултетот, во согласност со статутот на универзитетот.

Други основи за престанок на мандатот на декан

Член 99

(1) Мандатот на деканот престанува пред истекот на рокот за кој е избран и доколку:

1. поднесе оставка од функцијата за којашто е избран или именуван,
2. настане трајна спреченост за вршење на функцијата,
3. ако биде именуван за носител на јавна функција во земјата или странство и
4. во други случаи определени со закон и со статутот на универзитетот.

(2) Во случај на престанок на мандатот на деканот пред истекот на рокот за кој е избран од ставот (1) на овој член, ректорот во рок од три дена, именува времен вршител на должност декан, со ограничени овластувања, по претходно добиена согласност од лицето кое го именува.

(3) Мандатот на вршител на должност декан може да трае најмногу шест месеци, при што за вршител на должност декан едно лице може да биде именувано само еднаш.

(4) Најдоцна во рок од триесет дена од денот на именувањето на вршител на должноста декан, наставно-научниот совет на факултетот започнува постапка за избор на нов декан.

Директор на висока стручна школа како единица на универзитет и негови надлежности

Член 100

(1) Директорот на високата стручна школа е раководен орган.

(2) Директорот на високата стручна школа ја претставува високата стручна школа во земјата и странство во согласност со статутот на универзитетот и статутот на високата стручна школа.

(3) Директорот на високата стручна школа назначува заменик директор на високата стручна школа од редот на професорите на високата стручна школа, односно од редот на вишите предавачи согласно статутот на високата стручна школа, во согласност со статутот на универзитетот.

(4) Вршењето на должноста директор и заменик директор на висока стручна школа е неспојливо со вршење на друга државна функција или функција во политичка партија.

(5) Директорот во рамките на вршењето на својата раководна функција:

1. ги извршува одлуките и заклучоците на Сенатот и ректорот на универзитетот,
2. ги извршува одлуките и заклучоците на наставничкиот совет,
3. се грижи за усогласено вршење на високообразовната, уметничката и применувачката дејност,
4. ги свикува седниците на наставничкиот совет, го предлага дневниот ред и претседава со нив,
5. ги подготвува и предлага актите и материјалите за прашања за кои одлучува управата,
6. на наставничкиот совет му поднесува предлози на одлуки, и заклучоци за прашањата чие разгледување и решавање е во негова надлежност,
7. распишува конкурс за избор на лица избрани во наставни звања, шест месеци пред истекот на времето за кое се избрани,
8. ги промовира дипломираните студенти и доделува награди,

9. управува со имотот на високата стручна школа и се грижи за неговото одржување во рамките на овластувањата определени со статутот високата стручна школа и статутот на јавниот универзитет и

10. врши и други работи согласно со овој закон, статутот на универзитетот и статутот високата стручна школа.

(5) Директорот е должен најмалку еднаш во годината до наставничкиот совет и до ректорот на универзитетот да поднесе извештај за својата работа. Извештајот содржи финансиски дел согласно завршната сметка и истиот се објавува на интернет страницата на високата стручна школа. Доколку наставничкиот совет не го прифати извештајот за работата на директорот, на директорот му престанува функцијата, односно се смета за разрешен.

(6) Директорот е одговорен за законитоста и статутарноста на работата на органите на високата стручна школа и има право и должност да запре од извршување општ акт и одлука на овие органи за кој смета дека не е во согласност со закон, статутот на универзитетот и статутот на високата стручна школа и за тоа го известува ректорот кој донесува одлука по спорното прашање.

(7) За вршење на дел од своите права и обврски директорот може да го овласти заменик директорот.

(8) Одредбите од ставовите од (1) до (7) на овој член, соодветно се применуваат и на директорот на висока стручна школа која не е во состав на универзитет.

Избор на директор на висока стручна школа

Член 101

(1)Директорот на високата стручна школа се избира од редот на професорите на високата стручна школа, а доколку нема професори и од редот на вишите предавачи за време од четири години, со право на уште еден последователен избор, под условите утврдени со статутот на високата стручна школа, во согласност со статутот на универзитетот.

(2) Високата стручна школа може да има еден заменик директор, кој го заменува директорот.

(3) Постапката за избор на директорот и за назначување на заменик директорот, поблиску се уредуваат со статутот на високата стручна школа, во согласност со статутот на универзитетот.

(4) Ако во определниот рок предвиден со статут на универзитетот не се избере директор на високата стручна школа, најдоцна во рок од три дена од истекот на мандатот на директорот, ректорот именува вршител на должност директор, по претходна согласност на лицето кое го именува, за време определено со статутот на универзитетот.

(5) Ако во определниот рок предвиден со статутот на висока стручна школа која не е во состав на универзитет не биде избран директор, се назначува вршител на должноста директор на начин определен со статутот на висока стручна школа.

(6) Најдоцна во рок од триесет дена од денот на именувањето на вршител на должноста директор, наставничкиот совет на високата стручна школа започнува постапка за избор на нов директор.

(7) Ако високата стручна школа во состав на универзитет не може да избере директор во рок од една година, ректорот именува директор со мандат од две години.

(8) Во случаите од ставовите (4) и (5) од овој член, мандатот на вршителот на должност директор може да трае најмногу шест месеци.

Разрешување на директор и заменик директор на висока стручна школа

Член 102

(1) Мандатот на директор и  заменик директорот престанува пред истекот на рокот за кој е избран поради негово разрешување, согласно член 100 став (5) од овој закон.

(2) Постапката за разрешување на директор и заменик директор поблиску се уредуваат со статутот на високата стручна школа.

Други основи за престанок на мандатот на директор и заменик директорот на на висока стручна школа

Член 103

(1) Мандатот на директорот на високата стучна школа, престанува пред истекот на рокот за кој е избран и доколку:

1. поднесе оставка од функцијата за којашто е избран,

2. настане трајна спреченост за вршење на функцијата,

3. Сенатот ја потврди одлуката за суспензија на директорот од страна на ректорот, и

4. во други случаи определени со закон и со статутот на универзитетот.

(2) Во случај на престанок на мандатот на директорот на високата стручна школа пред истекот на рокот за кој е избран од ставот (1) на овој член, до изборот на нов директор, функцијата ја врши заменик директорот.

(3) Најдоцна во рок од триесет дена од денот на именувањето на  вршител на должноста директор, наставничкиот совет на високата стручна школа започнува постапка за избор на нов директор.

Член 104

Одредбите од членовите 100, 101, 102 и 103 од овој закон, соодветно се применуваат и на директорот на висока стручна школа која не е во состав на универзитет.

Деканатска управа

Член 105

(1) Деканатската управа е орган на управување на факултетот и може да има најмалку пет, а најмногу 15 членови.

(2) Составот и начинот на избор на деканатската управа се утврдуваат со статутот на единицата, а во согласност со статутот на универзитетот.

(3) Деканатската управа ја свикува и со седниците претседава деканот.

(4) Деканатската управа, во рамките на својата надлежност:

1. се грижи за остварување на дејноста и развојот на факултетот  и за односите со пошироката општествена заедница и државните органи,

2. донесува акти кои не се во надлежност на наставно - научниот совет и кои со статутот на универзитетот или статутот на факултетот е определено дека нивното донесување е во надлежност на деканатската управа и го следи нивното извршување,

3. ги подготвува и предлага актите и материјалите за прашања за кои одлучува наставно-научниот совет

4. го усвојува извештајот од годишниот попис на средствата, обврските и побарувањата и

5. врши и други работи определени со статутот на факултетот.

(5) На деканатската управа не можат да и се доверат надлежности ниту може да одлучува за прашања со кои се ограничува и повредува автономијата како единица на универзитетот.

(6) Организацијата, начинот на работа на деканатската управа, како и бројот и начинот на изборот на претставниците на студентите, поблиску се утврдуваат со статутот на факултетот.

Управа на висока стручна школа

Член 106

(1) Управата на високата стручна школа е орган на управување на високата стручна школа и може да има најмалку пет, а најмногу 15 членови.

(2) Составот и начинот на избор на управата на висока стручна школа се утврдуваат со статутот на високата стручна школа, а во согласност со статутот на универзитетот доколку е единица во состав на универзитет.

(3) Управата на високата стручна школа ја свикува и со седниците претседава директорот.

(4) Управата на високата стручна школа во рамките на својата надлежност:

1. се грижи за остварување на дејноста и развојот на високата стручна школа и за односите со поширокта општествена заедница и државните органи,

2. донесува акти кои не се во надлежност на наставничкиот совет и кои со статутот на универзитетот или статутот на високата стручна школа е определено дека нивното донесување е во надлежност на управата на високата стручна школа и го следи нивното извршување,

3. ги подготвува и предлага актите и материјалите за прашања за кои одлучува наставничкиот совет и директорот,

4. го усвојува извештајот од годишниот попис на средствата, обврските и побарувањата и

5. врши и други работи определени со статутот на високата стручна школа.

(5) На управата на високата стручна школа не можат да и се доверат надлежности ниту може да одлучува за прашања со кои се ограничува и повредува автономијата како единица на универзитетот.

(6) Организацијата, начинот на работа на управата на високата стручна школа, како и бројот и начинот на изборот на претставниците на студентите, поблиску се утврдуваат со статутот на високата стручна школа.

Одбор за соработка и доверба со јавноста

Член 107

(1) За да оствари соработка и доверба со јавноста, деловната заедница, професионалните комори и други институции и здруженија од подрачјето во кое ја врши високообразовната дејност и научно-истражувачката работа или уметничкото творештво, како и да оствари јавност и одговорност за вршењето на дејноста од јавен интерес, единица на универзитет формира факултетски одбор за соработка и доверба со јавноста, односно одбор на високата стручна школа за соработка и доверба со јавноста.

(2) Во одборите за соработка и доверба со јавноста на јавните високообразовните установи членуваат претставници кои ги назначува Владата, односно во приватните установи - претставници кои ги назначува основачот, како и релевантни претставници на деловната заедница или нестопанството од делокругот на студиските програми.

(3) Составот, мандатот и начинот на предлагање на членовите на Одборот за соработка и доверба со јавноста се определува со статутот на факултетот, односно високата стручна школа.

(4) По прашањата за кои Одборот за соработка и доверба со јавноста расправа, се усвојуваат мислења, предлози и препораки.

(5) Обврска на Одборот за соработка и доверба со јавноста, е да дава мислење до Сенатот по однос на студиска програма

(6) Сенатот задолжително го доставува мислењето од Одборот за соработка и доверба со јавноста, по однос на студиската програма, до Советот за квалитет во постапките за обезбедување квалитет пред нејзиното одобрение.

(7) Начинот на работењето на одборот за соработка и доверба со јавноста го утврдува министерот надлежен за работите на високото образование.

## Глава деветта

## ФИНАНСИРАЊЕ И ИМОТ НА ВИСОКООБРАЗОВНИТЕ УСТАНОВИ

### Финасирање на високото образование

#### Член 108

(1) Средствата за финансирање на јавните универзитети, односно на јавните високи стручни школи и студиите од јавен интерес се обезбедуваат од Буџетот и од други извори определени со закон.

(2) Националниот совет секоја буџетска година, најдоцна до 15 мај, на министерот надлежен за работите на високото образование му го предлага вкупниот износ на средства од Буџетот за финансирање на јавните високообразовни установи за наредната буџетска година.

(3) Средствата за финансирање на високообразовните установи вклучуваат средства од буџетската сметка со вклучена развојна компонента од член 109 став (6) од овој закон и компонента за успешност од член 109 став (10) од овој закон, и тоа за:

– остварување на целите на јавните високообразовни установи усогласени со националните акти за стратегиско планирање со мерливи индикатори,

– развојна компонента со активности кои ќе придонесат за остварување на целите,

– вкупен износ на средства проектирани за финансирање на јавната високообразовна установа со поединечни износи со буџетски ставки,

– обврска за годишен извештај за имплементација на целите и

– други одредби кои се од важност за финансирањето на високобразовните установи.

### Финансиски план на јавните високообразовни установи

#### Член 109

(1)Финансирањето на јавните високообразовните установи се темели на реализираните годишни финансиски планови на високообразовните установи.

(2)Финансискиот план на јавните високообразовни установи е план за буџетската сметка и планови на сметките од самофинансирачки активности и донации со проекции на приливи и одливи за следните пет буџетски години со вклучена развојна компонента до 20% годишно, за секоја сметка поединечно.

(3) Финансискиот план на јавните високообразовни установи се донесува секоја календарска година.

(4)Финансиските планови на јавните високообразовни установи се збирни финансиски планови на сите нивни составни единици, согласно важечките законски прописи што го регулира системот на буџетирање и подзаконските акти во Република Северна Македонија, статутот на установата и овој закон.

(5)Финансиските планови на високообразовните установи за буџетската сметка се однесуваат на:

– плати и придонеси за вработените,
– материјални трошоци за работењето на високообразовните установи,
– комунални трошоци за работа на високообразовните установи,

– неопходни трошоци за тековно и инвестициско одржување како и трошоците за инфрастуктирни инвестиции и развој,

– број на студенти за запишување на прв, втор и трет циклус на студии на јавната високобразовна установа со утврдена партиципација и школарина и

– неопходни трошоци за реализација на студиските програми согласно спецификите на јавната високобразовна установа од интерес на државата.

(6)Финансиските планови на високообразовните установи за развојната компонента се однесуваат на:

- трошоци за дигитализација,
- иновации во настава и наука и применувачка дејност,
- трошоците за модернизација на студиските програми,
- трошоци за развој на програми за регионален развој,
- зајакнување на општествениот ангажман на високообразовната установа,
- трошоци за обезбедување библиотечен фонд,
- трошоци за поддршка на студентите,
- трошоци за поттикнување на меѓународната соработка и мобилност со посебна поддршка за вмрежување на универзитетите во рамките на европските алијанси на универзитети,
- трошоци за реализација на студиска програма за заедничка дипплома и/или двојна диплома,
- трошоци за реализација на тековни меѓународни проекти кои се изведуваат самостојно на високообразовната установа,
- трошоци за спроведување на проекти од интерес за Република Северна Македонија,
- мобилност на наставно-научниот, научниот, соработничкиот, стручниот и административниот кадар и
- остварување други цели во согласност со националните стратешки определби на Република Северна Македонија.

(7) На предлог на јавните високообразовни установи финасискиот план за буџетската сметка, се доставува до министерството надлежно за работите на високото образование, кое врши проверка на усогласеност со буџетот и законитоста, согласно расположивиот буџет и ги доставува до Министерството за финансии.

(8) Финансиските планови за сметките од самофинансирачки активности и донациите на јавните високообразовни установи може да ги содржат елементите од ставовите (5) и (6) на овој член, а се прифаќаат и одобруваат во целост согласно доставените проекции на установите, без промени од страна на Министерството за финансии, а по службена должност во секоја буџетска година.

(9) По исклучок на ставот (8) на овој член, Министерството за финансии може да изврши соодветни измени и порамнувања во финансиските планови за сметките од самофинансирачки активности и донациите, согласно важечките прописи кои го уредуваат системот на буџетирање во Републиката.

(10) Доколку јавните високообразовни установи во тековната година реализирале над 75% од расходите на финансиски план, заклучно со третиот квартал во тековната година, може да се одобри зголемување на финансискиот план заради успешност до 15 % за негова реализација во наредната година.

Финансирање со средства од буџетот и самофинансирачката и донациска сметка на високообразовните установи во Република Северна Македонија

Член 110

(1) На јавните високообразовни установи, неопходните трошоци за тековно одржување, комуналните трошоци, материјалните трошоци, трошоците за

инфрастуктирни инвестиции и развој, за дигитализација, за опрема и потрошен материјал, а со цел реализација на студиските програми, за плати и придонеси на вработените согласно со закон и колективен договор како и неопходните трошоците за работењето на високообразовната установа, се обезбедуваат од Буџетот , согласно финансискиот план на буџетската сметка.

(2) Од самофинансирачката сметка јавните високообразовни установи издвојуваат најмалку 30% од средствата за:

1) подобрување на наставата и учењето (ИКТ опрема, модернизација на училници и амфитеатри, онлајн платформи за учење, обука на наставен кадар и друго),

2) истражување и научна работа (мали истражувачки проекти, учество на конференции и научни собири, лабораториска опрема и друго),

3) лаборатории и специјализирани центри (апаратура, реагенси, одржување на постоечка техника, надградба на специјализирани центри и друго),

4) студентски стандард и услуги (читални, студентски клубови, финансирање студентски проекти и натпревари, инкубатори и претприемачки програми, психолошки центри и друго),

5) развој на студиски програми (акредитација, ревизија, нови програми, вклучување на експерти од стопанство и друго),

6) меѓународна соработка (договори, заедничка и двојна диплома, размени на студенти и кадар, организирање конференции, летни школи и друго),

7) инфраструктура и одржување,

8) кадар и човечки ресурси (ангажирање асистенти, млади истражувачи и друго),

9) стимулирање на квалитет

10) права од работен однос на вработените, согласно закон и колективен договор и

11) други потреби или трошоци за континуирано изведување на високообразовната дејност.

(3) Износот на средства од ставот (2) на овој член, е збирен (кумулативен) со цел подигнување на квалитетот на наставата, а согласно потребите и приоритетите на висообразовната установа за секоја календарска година.

Финансирање со средства од физички и правни лица

Член 111

(1) Високообразовните установи можат да стекнуваат средства од домашни и странски правни и физички лица.

(2) На средствата од ставот (1) на овој член, домашните и странските правни и физички лица можат да имаат даночни и царински поволности утврдени со закон.

Други приходи на високообразовните установи

Член 112

(1) Високообразовните установи можат да стекнуваат средства и од:

- партиципации;
- школарини;
- вршење на образовни услуги на правни и физички домашни и странски лица;
- продавање на научни и стручни услуги и производи на правни и физички домашни и странски лица;
- камати;

- приходи по основа на права на интелектуална сопственост чиј носител е високообразовна установа;
- приходи од вршење на уметничка дејност;
- легати, подароци, завештанија, прилози и
- други извори согласно закон.

(2) Средствата од ставот (1) на овој член, се сопствен приход на високообразовната установа со кој таа слободно располага во согласност со законот и општите акти на високообразовната установа.

(3) Високообразовните установи се должни најмалку 40% од средствата од партиципациите да ги вложат во развој на наставата, научно-истражувачката, односно уметничката дејност и мобилност.

(4) Средствата од ставот (1) на овој член, можат да се акумулираат и да се префрлуваат во наредната фискална година.

Партиципација

Член 113

(1) Јавен универзитет, на предлог на единица на универзитет може да воведе партиципација за трошоците за студирање, за студентите чие образование се финансира од Буџетот .

(2) Максималниот износ на партиципација за трошоците за студирање од ставот (1) на овој член, го утврдува Владата, на предлог на министерството надлежно за работите на високото образование.

Школарина

Член 114

(1) Приватен универзитет или приватна висока стручна школа, во рамките на бројот на студентите определен со конкурсот, определува школарина за студирање.

(2) Јавен универзитет или јавна висока стручна школа, во рамките на бројот на студентите определен со конкурсот може да воведе школарина за студирање, за студентите чие образование не се финансира од Буџетот , по претходна согласност од Владата.

(3) Максималниот износ на школарината за студирање од ставот (2) на овој член, го утврдува универзитетот.

(4) Студентот чие финансирање се врши од Буџетот кој без оправдани причини не ги исполни условите утврдени со правилата за студирање на јавен универзитет, односно на јавна висока стручна школа, ги сноси трошоците за студирање во износот на школарината.

(5) Со школарината се утврдуваат трошоците за студирање за една студиска година.

Ослободување од плаќање партиципација

Член 115

(1) Јавната високообразовна установа нема да наплатува партиципација за:

- лице кое до 18 годишна возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа, односно и по престанокот на старателството, а најмногу до 26 годишна возраст, доколку е невработено,
- родител на дете, но најдоцна до шест годишна возраст на детето, доколку е невработен,
- воени инвалиди и

- лица кои потекнуваат од самохрани и еднородителски семејства, доколку вкупните примања во семејството не ја надминуваат минималната плата утврдена во Република Северна Македонија.

(2) Средствата за партиципација на овие лица ќе се покриваат од основниот Буџет.

Финансирање на научно-истражувачката и уметничка дејност

Член 116

За финансирање на научно-истражувачката и уметничка дејност на јавните високообразовни установи се применуваат одредбите за финансирање од Законот за научноистражувачката дејност.

Недвижен имот и други средства на високообразовни установи

Член 117

(1) Недвижниот имот и другите ствари на високообразовната установа и стварите стекнати од легати, наменски прилози, подароци, завештанија и другите средства стекнати согласно закон, се имот во сопственост на високообразовната установа.

(2) Високообразовната установа располага и управува со имотот и ги користи стварите, паричните средства, правата од интелектуална сопственост и другите материјални права заради вршење на високообразовна и научноистражувачката дејност, под услови определени со овој закон и со статутот на високообразовната установа.

(3) Истражувачката инфраструктура на јавните високообразовни установи претставува единствен национален истражувачки систем, кој е отворен и еднакво достапен за истражување и користење за потребите на сите јавни високообразовни установи, што се уредува со меѓусебен договор.

(4) Јавната високообразовна установа може да го отуѓува недвижниот имот само по претходно добиена согласност од Владата.

(5) Средствата добиени од продажба на имотот од ставот (4) на овој член, се употребуваат за инвестиции, инвестициско одржување и опрема, по претходно добиена согласност од Владата.

Наменско користење на завештанијата, средствата на фондациите или другите наменски фондови

Член 118

(1) Недвижностите и другите средства дадени како завештанија, средствата на фондациите или другите наменски фондови високообразовната установа ги користи исклучително според намената што ја определил донаторот, во согласност со закон.

(2) Недвижностите и другиот имот кој високообразовната установа ги стекнала врз основа на завештанија и подароци, се сопственост на високообразовната установа која го стекнала имотот.

Имот на високообразовна установа што престанала со работа

Член 119

(1) Кога единица на универзитет ќе престане со работа, имотот, средствата и приходите што остануваат по исполнувањето на обврските, му припаѓаат на универзитетот во чиј состав е единицата на универзитетот.

(2) Кога универзитет, односно висока стручна школа ќе престане со работа, имотот, средствата и приходите што остануваат по исполнувањето на обврските, му припаѓаат на основачот.

## Глава десетта

## ВИСОКООБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

### Оддел 1

### ЦИКЛУСИ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

#### Академски и стручни студии

#### Член 120

(1) Високото образование се остварува преку изведување на академски и стручни студии врз основа на акредитирани студиски програми.

(2) Академските студии ги оспособуваат студентите за стекнување напредни теоретски, научни и уметнички знаења и вештини, развој на аналитички и истражувачки способности и нивна примена во научната, стручната и општествената практика, како и за продолжување на образованието на повисоки циклуси на студии.

(3) Стручните студии ги оспособуваат студентите за стекнување практични знаења, вештини и компетенции за извршување на професионални задачи и за непосредно вклучување во работниот процес.

(4) По завршувањето на академските студии се издава диплома и додаток на дипломата со кои се потврдува дека студентот ги завршил студиите и се стекнал со академски назив во соодветно поле на образование и обука согласно Меѓународната стандардна класификација на образованието-Полиња на образование и обука (ИСЦЕД-П), (ISCED-F) .

(5) По завршувањето на стручните студии се издава диплома и додаток на дипломата со кои се потврдува дека студентот ги завршил стручните студии и се стекнал со соодветен стручен назив во определено поле на образование и обука согласно Меѓународната стандардна класификација на образованието- Полиња на образование и обука (ИСЦЕД-П), (ISCED-F).

(6) Студиските програми од кратки стручни студии, прв и втор циклус на студии обезбедуваат хоризонтална и вертикална проодност меѓу студиските програми и циклусите на студии во исто или соодветно поле на образование, под услови утврдени од високообразовната установа.

#### Циклуси на високото образование

#### Член 121

(1) Студиските програми се распоредуваат во три циклуси на високото образование.

(2) Студии на прв циклус (додипломски студии) се:
- прв циклус на академски студии и
- прв циклус на стручни студии.

(3) Студии на втор циклус (постдипломски студии) се:
- втор циклус на академски студии и
- втор циклус на стручни студии

(4) Студии на трет циклус (докторски) се:
-трет циклус на академски студии и
-трет циклус на стручни студии

(5) Секој циклус на студиите завршува со стекнување на одреден назив во согласност со Македонската рамка на квалификации .

(6) Одредени студиски програми можат да се реализираат како интегриран прв и втор циклус.

(7) Секој циклус на студии мора да биде во согласност со европскиот кредит трансфер систем на пренос и акумулација на кредити (во натамошниот текст: ЕКТС), според кој за една година на студии се стекнуваат најмалку 60 ЕКТС кредити.

(8) Високообразовните квалификации се запишуваат во Регистерот на Македонската рамка на квалификации согласно Законот за националната рамка на квалификации.

## АКАДЕМСКИ СТУДИИ

### Прв циклус на академски студии - додипломски студии

#### Член 122

(1) Првиот циклус на академски студии (додипломски студии) трае три или четири години и со неговото завршување се стекнуваат 180, односно 240 ЕКТС кредити.

(2) На прв циклус академски студии, може да се запише лице кое положило државна матура, државна стручна матура, државна уметничка матура или меѓународна матура, или кое завршило четиригодишно средно образование според прописите кои важеле пред воведувањето на државната матура.

(3) Универзитетот за запишување на одделни академски студии може да определи полагање на приемен испит.

(4) Учениците кои положиле државна матура или меѓународна матура можат да се запишат на прв циклус на академски студии од сите подрачја на Меѓународната стандардна класификација на образованието- Полиња на образование и обука (ИСЦЕД-П), (ISCED-F), согласно критериумите за запишување на високообразовната установа.

(5) Универзитетот ја определува соодветноста за упис на одделни академски студии од прв циклус, врз основа на положената државна стручна матура или државна уметничка матура и сличноста на наставната програма од средното образование со студиската програма согласно Меѓународната стандардна класификација на образованието- Полиња на образование и обука (ИСЦЕД-П), (ISCED-F), согласно критериумите за запишување на високообразовната установа.

(6) Со студиската програма за додипломските студии може да биде предвидена завршна работа (дипломска работа).

(7) Лицето кое ги завршило додипломските студии се стекнува со назив дипломиран и додавка која се изведува од соодветното подрачје според Меѓународната стандардна класификација на образованието- Полиња на образование и обука (ИСЦЕД-П), (ISCED-F) , ако со закон поинаку не е уредено.

(8) Квалификациите кои се стекнуваат со завршување на студиска програма на додипломските студии припаѓаат на нивото VIБ за тригодишните додипломски студии, односно на нивото VIА за четиригодишните додипломски студии од Македонската рамка на квалификации и соодветствуваат на ниво 6 од Европската рамка на квалификации.

(9) Во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, академскиот назив по завршување на додипломските студии е „bachelor“ или „baccalaureus“, односно „baccalaurea“.

(10) Студиските програми на додипломските студии на студентот му обезбедуваат знаења, вештини и компетенции во едно или повеќе подрачја согласно Меѓународната стандардна класификација на образованието- Полиња на образование и обука (ИСЦЕД-П), (ISCED-F) и го квалификуваат да работи независно во рамките на својата професија.

(11) Студиските програми од додипломските студии според содржината и резултатите од учењето треба:

1. да го воведат студентот во академските дисциплини во едно или повеќе подрачја, согласно Меѓународната стандардна класификација на образованието- Полиња на образование и обука (ИСЦЕД-П), (ISCED-F) преку вклучување на теории и методи за да може да се стекне со широки академски знаења и вештини.

2. да му овозможат на студентот академски знаења, теоретски и методолошки квалификации коишто ќе го оспособат за самостојно идентификување, формулирање и решавање на сложени проблеми во рамките на соодветните составни делови на предметните области и

3. да го оспособат студентот стекнатите неопходни основни вештини да ги применува за практикување на професијата на одредени стручни работни места и за влез во вториот циклус на академски студии.

## Втор циклус на академски студии - постдипломски студии

### Член 123

(1) Студиите од втор циклус на академски студии - постдипломските студии се организираат како студии кои траат една, односно две години и со нивното завршување се стекнуваат 60 односно 120 ЕКТС кредити.

(2) На постдипломските студии може да се запише лице кое завршило соодветни акадмски студиски програми од прв циклус, од исто или слично подрачје од Меѓународната стандардна класификација на образованието- Полиња на образование и обука (ИСЦЕД-П), (ISCED-F). Деталните услови за упис на постдипломските студии се утврдуваат во студиските програми.

(3) На студиска програма од постдипломски студии која трае една година и со која се стекнуваат 60 ЕКТС кредити може да се запише само лице кое завршило академски додипломски студии во траење од најмалку четири години со кои се стекнуваат најмалку 240 ЕКТС кредити.

(4) Вкупниот број на кредити кои се стекнуваат на додипломските и постдипломските академски студии изнесува најмалку 300 ЕКТС кредити.

(5) Студиската програма за постдипломските студии задолжително содржи обврска за изработка на магистерски труд, како завршен дел на постдипломските студии.

(6) Студиската програма за постдипломски студии од областа на уметностите опфаќа магистерски труд во пишана форма и јавна изведба/интерпретација/ прикажување на уметничко дело или изложба.

(7) Посебните услови за постдипломските академски студии од областа на уметноста ги пропишува високообразовната установа со посебен акт.

(8) Лицето кое по завршувањето на постдипломските студии стекнало најмалку 300 ЕКТС кредити, вкупно од додипломските и постдипломските студии, се стекнува со назив – магистер на науки од соодветното подрачје според Меѓународната стандардна класификација на образованието- Полиња на образование и обука (ИСЦЕД-П), (ISCED-F) .

(9) За одбрана на магистерскиот труд од ставот (5) на овој член, се формира комисија составена од три члена избрани во звање редовен или вонреден професор, односно научен советник или виш научен соработник, од кои двајца се од соодветно поле поврзано со темата.

(10) Член на комисијата за оценка и одбрана на магистерскиот труд од ставот (6) на овој член, не може да биде лице кое со лицето кое го брани магистерскиот труд е роднина по крв во права линија до кој и да е степен, а во странична линија до четврти степен, или му е брачен другар, лице со кое живее во вонбрачна заедница или роднина по сватовство до втор степен.

(11) Членовите на комисијата за оценка и одбрана на магистерскиот труд не смеат меѓусебно да бидат роднини по крв во права линија до кој и да е степен, а во странична линија до четврти степен, или да се брачни другари, лица кои живеат во вонбрачна заедница или роднини по сватовство до втор степен.

(12) Во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, научниот назив по завршување на постдипломските студии е master, „Master of Science (MSc)“, односно „Master of Arts (MA)“.

(13) По исклучок од ставот (8) на овој член, во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик за студиската програма од 300 ЕКТС по право е „Master of Laws (LLM)“.

(14) Во текот на една академска година, еден наставник во звање редовен односно вонреден професор може да биде определен за ментор на најмногу шест кандидати кои изработуваат магистерски трудови.

(15) Квалификациите кои се стекнуваат со завршување на студиска програма на постдипломските студии од ставот (1) на овој член, припаѓаат на ниво VIIA од Македонската рамка на квалификации и соодветствуваат на ниво 7 од Европската рамка на квалификации.

(16) Квалификациите кои се стекнуваат со завршување на студиска програма на интегрираните академски студии од прв и втор циклус припаѓаат на нивото VIIБ од Македонската рамка на квалификации и соодветствуваат на ниво 7 од Европската рамка на квалификации.

Трет циклус на академски студии -докторски студии

Член 124

(1) Студиски програми од трет циклус на студии можат да организираат само универзитетите кои ги исполнуваат следниве услови:

- се меѓу првите пет рангирани универзитети, запишани во регистарот на високообразовни установи во државата, утврдени во последното рангирање.
- вршат високообразовна дејност најмалку 15 години;
- имаат запишано студенти на втор циклус студии најмалку 10 години;
- имаат најмалку три акредитирани ментори по докторска програма;
- да има учество во меѓународни научноистражувачки проекти, во минимален број што се утврдува како производ од вкупниот број на единици на универзитетот и бројот три, во последните пет години и
- наставниот и соработничкиот кадар на универзитетот да има објавено научни публикации во списанија со фактор на влијание во најмалку три научни подрачја во последните пет години, во број кој е производ од бројот на единиците на универзитетот и бројот 30, при што се земаат предвид трудовите објавени со афилијација на универзитетот;

(2) Условите од ставот (1) на овој член, треба да бидат исполнети кумулативно.

(3) Универзитетот кој ги исполнува условите од ставот (1) на овој член, поднесува барање за издавање на одобрение за организирање на студии од трет циклус-докторски студии. Министерот надлежен за работите на високото образование одлучува по барањето врз основа на поднесената документација за исполнување на условите од ставот (1) на овој член, во рок од шест месеци од денот на поднесувањето на барањето. Одобрението се обновува на секои пет години, почнувајќи ја постапката една година пред истекот на важноста на одобрението.

(4) По добивањето на одобрението од ставот (3) на овој член, проектот за акредитација на студиската програма се поднесува до Агенцијата за квалитет во високото образование и наука, најдоцна во рок од шест месеци од денот на приемот на одобрението.

(5) Ако универзитетот не исполни еден од условите во ставот (1) на овој член, универзитетот, односно неговите единици и придружни членки не можат да

запишуваат нови студенти на трет циклус докторски студии, а студентите започнатите студии ги завршуваат согласно условите по кои се запишале.

(6) Начинот на издавање на одобрението од ставот (3) на овој член, го утврдува министерот надлежен за работите на високото образование.

Член 125

(1) Докторските студии траат најмалку три години и носат најмалку 180 ЕКТС кредити. Со јавната одбрана на докторскиот труд се стекнува научен назив доктор на науки (dr.sc. PhD) односно доктор по уметности (dr.Art).

(2) Докторските студии можат да се запишат по завршувањето на соодветни студии од вториот циклус на академски студии од исто или слично подрачје од Меѓународната стандардна класификација на образованието- Полиња на образование и обука (ИСЦЕД-П), (ISCED-F) со стекнати најмалку 300 ЕКТС кредити од првиот и вториот циклус на студии (додипломски и постдипломски студии) збирно или по завршување на интегрирани академски студии. Соодветноста, како и условите за упис на постдипломските студии на кандидатите кои имаат завршено други студиски академски програми се утврдуваат со студиската програма. Универзитетот може да утврди и други дополнителни услови за упис на докторски студии заради постигнување на резултатите од учење на студиската програма.

(3) Универзитетот со општ акт го уредува стекнувањето на ЕКТС кредити на докторските студии.

(4) Студиската програма за докторските студии задолжително содржи обврска за изработка на докторски труд (докторска дисертација), како завршен дел на студиската програма на докторските студии.

(5) На високообразовните установи кои изведуваат студиски програми од трет циклус на академски - докторски студии, ментор на докторскиот труд може да биде редовен или вонреден професор, односно научен советник или виш научен соработник од соодветната научна област, кој е акредитиран за ментор на докторски труд согласно Законот за обезбедување на квалитет во високото образование и науката и кој е вработен на високообразовната установа, или чиј работен однос е во мирување или е во пензија, но бил во работен однос на високообразовната установа.

(6) Комисијата за одбрана на докторскиот труд се состои од пет члена, од кои најмалку три члена се од соодветната научна област.

(7) По исклучок на ставот (6) на овој член, доколку нема член од соодветната научна област, во комисијата за одбрана на докторски труд член може да биде и лице од друга сродна област на темата на дисертацијата. Сродноста и соодветноста ја утврдува наставно-научниот совет, научниот совет, односно наставно-научниот и уметнички совет.

(8) Членови на комисијата од ставот (6) на овој член, може да бидат лица избрани во наставно-научни звања редовен или вонреден професор или научни звања виш научен соработник или научен советник.

(9) Член во комисијата од ставот (6) на овој член, не смее да биде лице кое со лицето кое го брани докторскиот труд (дисертација) е роднина по крв во права линија до кој и да е степен, а во странична линија до четврти степен, или му е брачен другар, лице со кое живее во вонбрачна заедница или роднина по сватовство до втор степен.

(10) Членовите на комисијата од ставот (6) на овој член не смеат меѓусебно да бидат роднини по крв во права линија до кој и да е степен, а во странична линија до четврти степен, или да се брачни другари, лица кои живеат во вонбрачна заедница или роднини по сватовство до втор степен.

(11) Високообразовната установа нема да дозволи одбрана на докторски труд на кандидат кој пред одбраната на докторскиот труд нема објавено два научни труда од темата на докторскиот труд како прв или автор за коресподенција, од кои еден во списание со фактор на влијание во базата во Веб оф Сајанс (Web of Science).

(12) По исклучок од ставот (11) на овој член, за одбрана на докторски труд од општествените и хуманистичките науки, кандидатот пред одбрана на докторскиот труд треба да објави два научни труда од темата на докторскиот труд како прв автор, од кои еден во списание во базата на Скопус (Scopus).

(13) По исклучок од ставот (11) на овој член, за одбрана на докторски труд од уметностите, кандидатот пред одбрана на докторскиот труд треба да објави два труда од темата на докторскиот труд во референтна научна публикација како прв автор или еден труд од темата на докторскиот труд во референтна научна публикација како прв автор и две јавно изведени/прикажани уметнички дела.

(14) Најмалку седум дена пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на интернет страницата на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии, како и во базата на отворени образовни и научни ресурси која ја води Министерството надлежно за високото образование и која мора да биде јавно достапна на интернет.

(15) Бројот на студентите кои се запишуваат на студиска програма за докторски студии на сите три години треба да биде во согласност со бројот на расположливите ментори.

(16) Професор, односно виш научен соработник и научен советник може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него се обучуваат за научна работа.

(17) За едно научно поле/потполе може да се организира само една докторска студиска програма со модули според областите, освен во случаи на интердисциплинарни студиски програми.

(18) Студиската програма за докторски студии од ставот (1) на овој член, опфаќа активна истражувачка работа под менторство и вклучува:

1. организирана академска обука, што содржи напредни и стручни курсеви,
2. независен истражувачки проект под менторство (докторски проект),
3. меѓународна мобилност, најмалку еднонеделен престој,
4. предавања и друг вид на комуникациски активности,
5. објавување во референтни научни публикации и активно учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд и
6. изработка и јавна одбрана на докторски труд врз основа на докторскиот проект.

(19) Докторскиот труд од областа на уметностите се состои од два дела: теоретски дел и јавна изведба/интерпретација/прикажување на уметничко дело.

(20) Квалификациите кои се стекнуваат со завршување на студиска програма на докторските студии од ставот (1) на овој член, припаѓаат на ниво VIII од Македонската рамка на квалификации и соодветствуваат на ниво 8 од Европската рамка на квалификации.

## СТРУЧНИ СТУДИИ

### Кратки стручни студии

#### Член 126

(1)Високообразовна установа може да организира и кратки стручни студии од 90 до 120 ЕКТС кредити.

(2) Со завршување на кратките стручни студии од ставот (1) на овој член, се стекнува уверение во кое се наведува соодветната квалификација.

(3) Квалификациите кои се стекнуваат со завршување на студиската програма од став (1) на овој член, припаѓаат на нивото VA за кратки стручни студии согласно Македонската рамка за квалификации и соодветствуваат на ниво 5 од Европската рамка на квалификации.

(4) На лицето кое се стекнало со уверение од став (2) на овој член, според акредитирана студиска програма, квалификацијата може да му се признае како дел од

високообразовна стручна студиска програма согласно одредбите од овој закон и според условите утврдени со општ акт на високообразовната установа.

(5) Високообразовната установа може да организира и стручно образование од 30 до 60 ЕКТС кредити за стекнување специфични вештини и знаења од одредена област, усвоена од органите на високообразовната установа, што не се признава како самостоен циклус на високо образование и не се вреднува како дел од организирани стручни и академски студии.

(6) Со завршување на стручното образование од ставот (5) на овој член, лицето стекнува кредити и уверение со назив во согласност со стекнатите практични и специјализирани вештини на соодветната струка, за работа на специфични работни места.

Прв циклус на стручни студии - додипломски студии

Член 127

(1) Стручните студии се спроведуваат на универзитет и на висока стручна школа.

(2) На прв циклус стручни студии може да се запише лице кое положило државна матура, државна стручна матура, државна уметничка матура или меѓународна матура или лице кое завршило четиригодишно средно образование според прописите кои важеле пред воведувањето на државната матура.

(3) Универзитетот, односно високата стручна школа соодветноста за упис на одделни стручни студии од прв циклус, ја определува врз основа на видот на положената државна стручна матура или државна уметничка матура и припадноста на наставната програма од средното образование на исто или слично детално подрачје од Меѓународната стандардна класификација на образованието - Полиња на образование и обука (ИСЦЕД-П), (ISCED-F) , согласно критериумите за запишување на високообразовната установа.

(4) Учениците кои положиле државна матура или меѓународна матура можат да се запишат на прв циклус на стручни студии од сите подрачја на Меѓународната стандардна класификација на образованието - Полиња на образование и обука (ИСЦЕД-П), (ISCED-F) , согласно критериумите за запишување на високообразовната установа.

(5) Стручните студии од прв циклус траат три или четири години и со нивно завршување се стекнуваат 180 или 240 ЕКТС кредити,

(6) Со завршување на стручните студии со 180 ЕКТС кредити се стекнува диплома и стручен назив кој се изведува од соодветното потесно или детално подрачје според Меѓународната стандардна класификација на образованието-Полиња на образование и обука (ИСЦЕД-П), (ISCED-F) , ако со закон поинаку не е уредено.

(7) Во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, стручниот назив по завршување на првиот циклус на стручни студии е „professional bachelor“ или „baccalaureus professionalis“, односно „baccalaurea professionalis“, со додавка која се изведува од соодветното потесно или детално подрачје според Меѓународната стандардна класификација на образованието - Полиња на образование и обука (ИСЦЕД-П), (ISCED-F) , ако со закон поинаку не е уредено.

(8) Квалификациите кои се стекнуваат со завршување на студиска програма на првиот циклус на стручни студии припаѓаат на нивото VIБ од Македонската рамка на квалификации и соодветствуваат на ниво 6 од Европската рамка на квалификации.

Специјалистички стручни студии од втор циклус

Член 128

(1) Специјалистичките студии се стручни студии од втор циклус.

(2) Специјалистички студии го оспособуваат студентот за вработување на работни места кои бараат специјалистички знаења, вештини и компетенции за професионални потреби.

(3) Специјалистички студии траат најмалку една година и со нивното завршување се стекнуваат 60 ЕКТС.

(4) На специјалистички студии може да се запише лице кое завршило соодветни стручни студиски програми од прв циклус со стекнати 180 ЕКТС кредити или академски студии од прв циклус и има работно искуство од најмалку три години, во релевантна област пред запишувањето. Соодветноста, како и условите за упис на кандидатите кои имаат завршено други студиски програми се утврдуваат со студиската програма .

(5) Специјалистичките студии завршуваат со извршување на студиските обврски и полагање на специјалистички испит.

(6) Со завршување на специјалистички студии се стекнува диплома со назив специјалист по професионални студии од определена струка.

(7) Во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, називот по завршување на специјалистичките студии е „Specialist of professional studies (SPS)“ со додавка на струката.

(8) Квалификациите кои се стекнуваат со завршување на специјалистички студии припаѓаат на ниво VIIБ од Македонската рамка на квалификации и соодветствуваат на ниво 7 од Европската рамка на квалификации.

Втор циклус на стручни студии - постдипломски студии

Член 129

(1) Универзитетите и високите стручни школи можат да организираат стручни студии од втор циклус за лица кои завршиле соодветни студиски програми од прв циклус на стручни студии.

(2) Стручни студии од втор циклус се организираат како студии кои траат една или две години и со нивното завршување се стекнуваат од 60 до 120 ЕКТС кредити.

(3) Вкупниот број на кредити кои се стекнуваат на прв и на втор циклус стручни студии изнесува 300 ЕКТС кредити.

(4) На стручни студии од втор циклус може да се запише лице кое завршило соодветна студиска програма од прв циклус со стекнати 180 или 240 ЕКТС кредити или академски студии од прв циклус со стекнати 240 ЕКТС. Соодветноста, како и условите за упис на постдипломските студии на кандидатите кои имаат завршено други студиски програми се утврдуваат со студиската програма.

(5) Студиската програма од втор циклус на стручни студии како завршен дел задолжително содржи обврска за изработка и јавна одбрана на завршен стручен труд кој има апликативен карактер и демонстрира напредни компетенции на студентот.

(6) Завршниот дел на студиската програма од втор циклус на стручни студии од областа на уметностите се состои од јавна изведба/интерпретација/ прикажување на уметничко дело.

(7) Посебните услови за втор циклус стручни студии од областа на уметноста ги пропишува високообразовната установа со посебен акт.

(8) За стручните студии се применуваат одредбите од член 123 ставовите (9), (10), (11) и (14) од овој закон.

(9) Со завршување на втор циклус на стручни студии се стекнува диплома со назив професионален магистер од одредена струка.

(10) Во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, називот по завршување на стручните студии од втор циклус е „Professional Master of“ со додавка на струката или „Applied Master“ со додавка на струката.

(11) Квалификациите кои се стекнуваат со завршување на студиска програма од втор циклус стручни студии припаѓаат на ниво VIIБ согласно Македонската рамка на квалификации и соодветствуваат на ниво 7 од Европската рамка на квалификации.

Трет циклус стручни докторски студии

Член 130

(1) За практична примена на истражувањата во решавање на сложени проблеми, универзитетот кој ги исполнува условите од членот 124 од овој закон, може да организира и стручни докторски студии.

(2) Стручните докторски студии траат најмалку две години и носат најмалку 120 ЕКТС кредити. Со јавната одбрана на стручниот докторскиот труд се стекнува стручен назив стручен доктор по соодветната област (Doctor of professional studies–DProf).

(3) Акредитацијата и евалуацијата на студиските програми за стручни докторски студии подлежат на истите процедури како и академските докторски студии, согласно Законот за обезбедување на квалитет во високото образование и наука.

(4) Квалификациите кои се стекнуваат со завршување на стручни докторските студии од ставот (1) на овој член, припаѓаат на ниво VIII од Македонската рамка на квалификации и соодветствуваат на ниво 8 од Европската рамка на квалификации.

(5) На стручните докторските студии можат да се запишат кандидати кои се во работен однос, со работно искуство од над пет години и имаат завршено соодветни академски или стручни студии од вториот циклус со стекнати најмалку 300 ЕКТС кредити од првиот и вториот циклус на студии (додипломски и постдипломски студии) збирно или по завршување на интегрирани студии.

(6) Соодветноста, како и условите за упис на стручните докторски студии на кандидатите кои имаат завршено други студиски програми се утврдуваат со студиската програма за трет циклус на стручни докторски студии.

(7) Студиската програма за стручните докторски студии од ставот (1) на овој член, опфаќа:

- индивидуални напредни и стручни курсеви што обезбедуваат напредни знаења и вештини релевантни за професионалната област,
- применета работа во тековната професионална средина на кандидатот или нов контекст поврзан со неговата област,
- истражување за примена на теоријата во пракса кое вклучува идентификување на проблем во професионалната област, негово истражување и развивање практични решенија или унапредување и
- работа на применет истражувачки проект што ја потврдува способноста на кандидатот за практични примени на истражувањата во професионалната пракса.

(8) Ментор на стручниот докторскиот труд може да биде редовен или вонреден професор, односно научен советник или виш научен соработник од соодветната научна област кој е вработен на високообразовната установа и има предходно искуство во најмалку три апликативни проекти.

(9) Завршен дел на студиската програма на стручните докторски студии е изработка и одбрана на стручен докторски труд.

(10) Комисијата за одбрана на докторскиот труд се состои од пет члена од кои три се професори од соодветната научна област, а два се од деловната заедница на високи раководни места и се на предлог на стопанските комори во Република Северна Македонија.

(11) Лицето стекнато со звање доктор по соодветната област не може да биде бирано во наставно-научни, научни звања и соработнички звања.

(12) Начинот за спроведување на стручните докторски студии и условите за одбрана се уредуваат со посебен акт на високообразовната установа.

Академски и стручен назив

Член 131

Определувањето на академските и стручните називи го пропишува министерот надлежен за работите на високото образование, на предлог на Националниот совет.

Оддел 2

СТУДИСКИ ПРОГРАМИ

Студиска програма

Член 132

(1) Студиските програми се вреднуваат со кредити по ЕКТС. Секоја година на студиската програма содржи 60 кредити.

(2) Секој предмет од студиската програма се вреднува со одреден број на ЕКТС кредити.

(3) Студиските програми во сите студиски години на додипломските, постдипломските и докторските студии содржат задолжителни и изборни наставни предмети.

(4) Задолжителните наставни предмети во студиската програма треба да се од соодветните подрачја и да обезбедуваат клучни компетенции потребни за квалификацијата со која се стекнува студентот, додека изборните предмети ги надополнуваат и прошируваат овие компетенции.

(5) Практичната настава во рамки на задолжителните наставни предмети во втората половина од студиите на прв циклус студии се одвива каде што е применливо и изнесува од 20% до 40% од наставните активности и по правило се реализира надвор од високобразовната установа, во стопанството, јавниот сектор или други релевантни институции.

(6) Практичната настава во задолжителните наставни предмети за подрачјата каде што е тоа применливо може да се изведува како дуално образование под менторство на стручни лица од реалниот сектор и ментор од соодветната студиска програма на универзитетот.

(7) Изборните наставни предмети, студентите ги избираат од листата на изборни наставни предмети на дадената студиска програма, односно модул. Студентите може до 10 % од кредитите предвидени за изборни предмети да ги избере од друга студиска програма на истата единица, односно друга единица од универзитетот.

(8) Бројот на кредити, односно соодносот на задолжителните и изборните наставни предмети во студиската програма, односно модул го утврдува наставно-научниот/наставно-научен и уметнички совет/научниот совет. Застапеноста на кредитите за изборните предмети може да бидат од 10% до најмногу 40% од вкупниот број на кредити.

(9) Студентите на прв циклус студии во текот на студиите задолжително изведуваат пракса надвор од високообразовната установа, која не може да биде пократка од 30 дена, како еден од условите за дипломирање.

(10) Студиски програми за: општа медицина, ветерина, медицински сестри, акушерки, правни студии, одбрана и безбедност и наставници во основното и средно образование се студиски програми од јавен интерес и може да се организираат само на јавни и приватно-јавни високообразовни установи.

(11) Образовна програма која е насловена како студиска програма, а која не е акредитирана, не се смета за студиска програма од кој било од циклусите на образование, ниту со нејзиното завршување може да се стекне кој било стручен или научен назив определен со овој закон.

Изготвување на студиска програма

Член 133

(1) Студиската програма задолжително се изготвува со модули, со кои се овозможува профилирање на знаењата и компетенциите во рамките на истото поле на образование.

(2) Кога во рамките на студиската програма постојат различни насоки, а по нивното завршување студентите се стекнуваат со ист академски или стручен назив, тие се организираат како една студиска програма со различни модули или насоки.

(3) Студиски програми што водат кон ист академски или стручен назив не можат да се утврдуваат како посебни студиски програми, освен во случај на интердисциплинарни студиски програми.

(4) Интердисциплинарните студиски програми опфаќаат содржини од повеќе научни области или полиња на образование и се организираат и класифицираат согласно Меѓународната стандардна класификација на образованието- Полиња на образование и обука (ИСЦЕД-П), (ISCED-F) .

Содржина и структура на студиските програми

Член 134

(1) Содржината на студиската програма ја утврдува наставно-научниот, наставно-научен и уметничкиот, научниот, односно наставничкиот совет, согласно резултатите од учење од стандардот на квалификации.

(2) Структурата на студиските програми и критериумите за општествена оправданост на студиската програма подетално се регулира со Правилник за структурата на студиските програми кој го донесува Националниот совет.

(3) Студиските програми се акредитираат согласно Законот за обезбедување на квалитет во високото образование и науката.

(4) Резултатите од учење на студиските програми се опишуваат согласно Уредбата за Националната рамка на високообразовните квалификации.

Програми за стручно и професионално усовршување-доживотно учење

Член 135

(1) Универзитетите и високите стручни школи можат да организираат програми за стручно, односно професионално усовршување, во согласност со концептот на доживотно учење.

(2) Програмите од ставот (1) на овој член, се организираат заради усовршување, дополнување, продлабочување и осовременување на знаењето и вештините и не се сметаат за студии во смисла на овој закон. Со завршување на овие програми се стекнува потврда или сертификат, кој го издава универзитетот, односно високата стручна школа, без стекнување академски или стручен назив.

(3) Лицата кои учествуваат во програмите за стручно, односно професионално усовршување немаат статус на студенти во смисла на овој закон.

(4) Формите на стручно, односно професионално усовршување, нивната содржина, времетраење, начинот на проверка на стекнатите знаења, како и правата и обврските на учесниците, се уредуваат со општ акт на универзитетот и неговите единици, односно на висока стручна школа, во согласност со овој закон.

(5) Покрај програмите од ставот (1) на овој член, универзитетите и високите стручни школи можат да организираат и облици на неформално учење, како курсеви, летни и зимски школи, работилници и слично.

(6) Со завршување на облик на неформално учење од ставот (5) на овој член, се стекнува потврда, сертификат или микро-потврда, која не претставува квалификација ниту дел од студиска програма, и која ја издава универзитетот, неговата единица или високата стручна школа.

Студиски програми за заедничка диплома

Член 136

(1) Студиска програма за стекнување на заедничка диплома е студиска програма која високообразовната установа ја прифаќа и изведува заедно со една или повеќе високообразовни установи од Република Северна Македонија или од странство, акредитирани во земјата во која и е седиштето.

(2) Содржината и структурата на студиската програма за стекнување на заедничка диплома, организацијата, изведбата, завршувањето, носителот, содржината и начинот на издавање на завршниот документ, како и носителот на постапката за акредитација на заедничката студиска програма се утврдуваат со договор помеѓу високообразовните установи кои учествуваат во нејзиното изведување.

(3) Заедничката диплома е јавна исправа во која задолжително се наведени сите високообразовни установи кои заеднички учествувале при изведувањето на студиската програма.

(4) Студиските програми за стекнување заедничка диплома се акредитираат пред Совет за квалитет или друга меѓународна акредитациска агенција која е впишана во Европскиот регистар за осигурување на квалитет (EQAR). Ако акредитациската агенција не е впишана во Европскиот регистар за осигурување на квалитет (EQAR), Агенцијата за квалитет во високото образование и наука потпишува договор со таа агенција со кој се гарантира дека акредитацијата е во согласнот со европските стандарди во областа на високото образование.

Студиски програми за двојна диплома

Член 137

(1) Студиска програма за стекнување на двојна диплома е студиска програма која високообразовната установа ја прифаќа и изведува заедно со една или повеќе високообразовни установи од Република Северна Македонија или од странство, акредитирани во земјата во која и е седиштето.

(2) Содржината и структурата на студиската програма за стекнување на двојна диплома, организацијата, изведбата, завршувањето, носителот, содржината и начинот на издавање на завршниот документ на студиската програма се утврдуваат со договор помеѓу високообразовните установи кои учествуваат во нејзиното изведување.

(3) Двојна диплома е јавна исправа која ја издава посебно секоја високообразовна установа која учествува во изведување на студиската програма.

Јазици на кои се изведува наставата

Член 138

(1) Наставата на високообразовните установи се изведува на македонски јазик.

(2) Припадниците на заедниците заради изразување, негување и развивање на својот идентитет и другите особености, имаат право наставата на јавните високообразовни установи, по соодветни студиски програми и содржини, да ја изведуваат на јазикот на заедницата, различен од македонскиот јазик, во согласност со овој закон и статутот на високообразовната установа. Финансирање од страна на државата ќе се обезбеди за високото образование и на јазикот на којшто зборуваат најмалку 20% од населението во Република Северна Македонија.

(3) Наставата на јавните педагошки високообразовни установи за образование на воспитувачи за предучилишно воспитание и наставници за основно образование како и по дидактичко-методичките предмети за наставници за средно образование, може да се одвива и на јазиците на припадниците на другите заедници кои не се мнозинство во Република Северна Македонија.

(4) По исклучок од ставот (1) на овој член, наставата на високообразовните установи може да се изведува на некој од светските јазици.

(5) Наставата на приватните високообразовни установи може да се изведува и на јазиците на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија или на светските јазици.

(6) Кога наставата се изведува на јазиците на припадниците на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, согласно со ставовите (2) (3) и (5) на овој член, македонскиот јазик се изучува како посебен наставен предмет, и наставата се изведува на македонски јазик најмалку за уште два наставни предмети од студиската програма.

(7) Кога наставата се изведува на еден од светските јазиците согласно ставот (4) на овој член, македонскиот јазик се изучува како посебен наставен предмет.

(8) На универзитетот наставата за најмалку две студиски програми за прв циклус на академски студии и најмалку две студиски програми за втор циклус на академски и стручни студии задолжително се изведува и се полага на англиски јазик.

Орган што ги донесува студиските програми

Член 139

(1) Студиските програми од прв, втор и трет циклус, кратките стручни студии и студиските програми за професионално усовршување ги усвојува Сенатот на предлог на наставно-научниот/наставно-научниот и уметнички совет на факултетот, наставничкиот совет на висока стручна школа или научниот совет на научниот институт во состав на универзитетот, односно наставничкиот совет на висока стручна школа.

(2) Постапката за акредитација, како и постапката за утврдување на исполнетост на условите за почеток со реализација на студиските програми се уредуваат со Закон за обезбедување на квалитет во високото образование и науката.

Студиски програми за регулирани професии

Член 140

По исклучок од членот 132 од овој закон, времетраењето и содржината на студиските програми со кои се стекнуваат квалификации за вршење на регулирани професии се:

1. академска студиска програма од областа на општа медицината опфаќа студиска програма во траење од најмалку шест години и најмалку 5.500 часа на теоретска и практична обука која се изведува на универзитет;

2. академска студиска програма од областа на стоматологијата (доктор по дентална медицина) опфаќа студиска програма во траење од најмалку пет години и најмалку 5.000 часа која се состои од теоретски и практичен дел;

3. академска студиска програма за доктор по ветеринарна медицина опфаќа теоретска и практична настава во редовна форма со минимално траење од пет години, која ја опфаќа како минимум програмата опишана со прописите на Европската Унија;

4. академска студиска програма за медицински сестри и академската студиска програма за акушерки опфаќа теоретска и практична настава со минимално траење од четири години, која како минимум ја опфаќа програмата опишана со прописите на Европската Унија, а практичната настава се изведува на здравствени установи кои ги исполнуваат нормативите и стандардите кои ги утврдува министерот надлежен за работите на високото образование;

5. студиска програма на стручни студии за медицински сестри со општ профил трае најмалку три години и најмалку 4.600 часа теоретска и клиничка обука, при што периодот на теоретската настава претставува најмалку една третина и периодот на клиничката настава претставува најмалку една половина од минималното траење на обуката;

6. студиската програма на стручни студии за акушерки вклучува теоретска и практична настава со минимално траење од три години, која како минимум ја опфаќа програмата опишана со прописите на Европската Унија;

7. академска студиска програма за фармацевти опфаќа теоретска и практична настава со траење од најмалку пет години, која ја опфаќа како минимум програмата опишана со прописите на Европската Унија, и која вклучува најмалку:

а) четиригодишна редовна теоретска и практична настава обезбедена на универзитет и

б) шестмесечно стажирање во аптека отворена за јавноста или во болница, под надзор на фармацевтскиот оддел на болницата;

8. академската студиска програма за архитект задолжително опфаќа теоретска и практична настава со траење од најмалку пет години кои завршуваат со успешно полагање на завршен испит;

9. академските студиски програми по право, за пристап до правната професија, траат пет години и со нив се стекнуваат 300 кредити и можат да бидат организирани како:

- прв циклус на студии со траење на четири години (240 ЕКТС) и втор циклус во траење од една година (60 ЕКТС) или

- прв циклус на студии со траење на три години години (180 ЕКТС) и втор циклус во траење од две години (120 ЕКТС).

Пренесување на кредити

Член 141

(1) Кредитите можат да се пренесуваат од една на друга иста, слична или различна студиски програма во рамките на еден универзитет, односно од еден на друг универзитет, односно од една на друга високообразовна установа.

(2) Поблиските критериуми за пренесување на кредитите и за преминување меѓу студиските програми се уредуваат со општ акт на универзитетот, односно на високата стручна школа, односно со договорот склучен меѓу високообразовните установи.

Оддел 3

УСЛОВИ И НАЧИН НА ЗАПИШУВАЊЕ НА СТУДИИ

Начин на запишување на студии

Член 142

(1) Запишувањето на студии се врши врз основа на јавен конкурс кој го објавува универзитетот, односно високата стручна школа кој ги реализира студиите, најмалку пет месеци пред започнувањето на наставата.

(2) Конкурсот за запишување на студии од ставот (1) на овој член, содржи:

1. име на високообразовната установа и нејзината адреса,
2. назив на студиската програма,
3. место на изведување на студиската програма,
4. времетраење на студиите,
5. услови за запишување,
6. предвиден број на слободни места за запишување,
7. постапки и рокови за пријавување и за изведување на запишувањето на студиите и
8. висината на партиципацијата или школарината, доколку студентот е должен да ги плати.

(3) Универзитетот, односно високата стручна школа ја утврдува постапката за селекција на кандидатите за запишување на начин кој гарантира рамноправност на сите кандидати без каква било дискриминаторска основа.

(4) Универзитетот, односно високата стручна школа ги утврдува критериумите врз основа на кои се врши селекцијата и изборот на кандидатите за запишување на студиите.

(5) За високообразовната единица која е во состав на универзитет конкурсот од ставот (1) на овој член, го објавува универзитетот, а за високата стручна школа која не е е во состав на универзитет, го објавува високата стручна школа, на начин определен со нејзиниот статут.

(6) Странски државјани се запишуваат како студенти на студии на високообразовните установи, под исти услови како и државјаните на Република Северна Македонија и плаќаат школарина во висина утврдена од страна на универзитетот, односно високата стручна школа.

Еднакво вреднување на странско образование

Член 143

(1) Се смета дека условите за запишување на студиски програми од прв, втор или трет циклус на академски и стручни студии, ги исполнува и лицето кое завршило соодветно образование во странство, по спроведена постапка за признавање на странска високообразовна квалификација.

(2) Со општ акт кој го донесува Сенатот, се утврдуваат условите за упис од ставот (1) на овој член, за лицето кое не завршило еднакво образование во странство.

Одлука за бројот на студентите кои се запишуваат

Член 144

(1) Одлука за бројот на студентите кои се запишуваат на јавни високообразовни установи, чие образование се финансира од Буџетот, на предлог на јавната високообразовна установа, донесува Владата.

(2) Одлука за бројот на студентите кои се запишуваат на јавни високообразовни установи надвор од бројот утврден во ставот (1) на овој член, донесува универзитетот, под условите утврдени во овој закон.

(3) Вкупниот број на студентите кои можат да се запишат на високообразовните установи според одлуките од ставовите (1) и (2) на овој член, не може да биде поголем од бројот утврден со одлуката за акредитација на студиските програми.

(4) Одлука за бројот на студентите кои се запишуваат на приватна високообразовна установа, на предлог на наставно-научниот совет, односно наставничкиот совет, донесува основачот. Бројот на студентите не може да биде поголем од бројот утврден со одлуката за акредитација на студиските програми на приватната високообразовна установа.

(5) На одлуката за бројот на студентите кои се запишуваат на студии од трет циклус на приватна високообразовна установа согласност дава Владата, на предлог на наставно-научниот совет, односно на советот на научната установа.

(6) Владата донесува одлука и за дополнителните квоти за запишување на студенти припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија.

(7) Пријавувањето и запишувањето на сите високообразовните установи се врши истовремено, а термините се утврдуваат со одлуките од ставовите (1), (2) и (4) на овој член.

Оддел 4

ОБЕМ НА СТУДИИ И ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕ

Почеток и завршување на академска година

Член 145

(1) Академската година започнува помеѓу 20 септември и 1 октомври, а завршува на 20 септември следната година и се дели на два семестри, зимски и летен или на три семестри, со можност наставата да се остварува во циклуси.

(2) Почетокот и времетраењето на наставата по семестри се определува со статутот на универзитетот, односно самостојната високообразовна установа.

Обем и организација на студиите

Член 146

(1) Во рамките на најмногу 40 недели годишно, вкупното оптоварување на студентите изнесува од 1.500 до 1.800 часа годишно.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член, студиските програми од првиот циклус содржат најмалку 20, а најмногу 30 часа предавања, вежби и семинари неделно и 30 недели годишно.

(3) По исклучок, ако студиската програма содржи практично оспособување, вкупното оптоварување на студентот не смее да надмине 40 часа неделно и 45 недели годишно.

(4) Оптоварувањето на студентите од ставот (1) на овој член, опфаќа предавања, вежби, семинари, индивидуална настава и другите облици на студиите кои се соодветни на специфичноста на наставно-научната и уметничката област (практично оспособување, хоспитација, настапи, теренска работа и слично), консултативно-инструктивна настава, форми на континуирана проверка на знаењето и испити кои се сметаат како контакт часови, како и индивидуална студиска работа (спортска работа, истражување на литература, семинарски задачи, проектна работа), самостојно учење, како и изработката на дипломска (магистерска, докторска) задача.

(5) Вкупниот број на часови на предметните програми, бројот на групи, како и бројот на кандидати за испит, рамномерно се распределуваат помеѓу сите наставници избрани во научната област на која припаѓа предметната програма и сите наставници чии теми на докторска десертација и стекнат научен назив биле од научното поле и област на кои припаѓа и предметната програма .

Проверка на знаењето

Член 147

(1) Проверката на знаењето на студентот, по наставните предмети, се врши во текот на наставно-образовниот процес и се изразува во бодови.

(2) За исполнувањето на обврски за полагање на испитот (по делови или во целина) студентот добива оценка изразена во броеви од 5 (пет) до 10 (десет), при што оценката 5 (пет) означува недоволен успех.

(3) Проверката на знаењето по одделни наставни предмети се врши на начин утврден во акредитираната предметна програма, а кој начин се вградува во студиската програма и се спроведуваат во роковите утврдени со статутот на високообразовната установа.

(4) Универзитетот, односно високата стручна школа со општ акт кој го донесува Сенатот, односно наставничкиот совет на стручната школа, ги утврдува можните начини на проверка на знаењето.

(5) Завршното оценување задолжително се запишува во индексот и во пријавата за завршно оценување и/или во електронски систем.

(6) Уверението или документот за завршното оценување се издава врз основа на податоците во пријавите за испитите за секоја предметна програма, потпишани од наставникот.

(7) Просечниот успех на студентот претставува аритметичка средина на оценките од завршното оценување по сите наставни предмети во текот на студиите на студиската програма, вклучувајќи го и завршниот испит ако истиот е предвиден во студиската програма.

Платформи за далечинско учење

Член 148

Предавањата, вежбите, семинарите, индивидуалната настава и другите облици на студиите, како и проверката на знаењата може да се релизираат и со платформи за далечинско учење, но не повеќе од 10% од вкупниот фонд на часови на предметната програма, освен за програмите од членовите 136 и 137 од овој закон.

Оддел 5

ДИПЛОМА

Диплома, додаток на диплома и други јавни исправи

Член 149

(1) На студентот кој ги извршил сите обврски по студиската програма за добивање на високо образование во кој било циклус на образование универзитетот и единицата на универзитетот, односно високата стручна школа, врз основа на евиденцијата што се води за него му се издава диплома и додаток на диплома во хартиена и/или електронска форма.

(2) Со дипломата од ставот (1) на овој член, се потврдува дека студентот завршил студиска програма од прв, втор и трет циклус и се стекнува со соодветен стручен или научен назив. Составен дел на дипломата е додаток на дипломата.

(3) Диплома и додаток на дипломата на универзитетот ја потпишува ректорот и деканот односно директорот на единицата на универзитетот и се заверува со сув печат на универзитетот, на хартиената форма, односно се заверува согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливи услуги за електронската форма.

(4) Дипломата и додатокот на дипломата на високата стручна школа ја потпишува директорот и се заверува со сув печат на високата стручна школа, на хартиената форма, односно се заверува согласно прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливи услуги за електронската форма.

(5) Заедничката диплома и додаток на дипломата ја потпишуваат овластените лица на високообразовните установи кои организираат студиска програма за стекнување на заедничка диплома.

(6) Други јавни исправи, во смисла на овој закон се: уверение, студентска легитимација и индекс.

(7) На студентот кој ги извршил сите обврски по студиската програма за усовршување или само дел од студиска програма за стекнување на образование му се издава уверение, за завршениот дел од студиската програма кое содржи податоци за нивото, природата и содржината на студиите, како и постигнатите резултати.

(8) Уверението, студентската легитимација и студентскиот индекс за припадниците на заедницата кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, а кои наставата ја следат на службен јазик различен од македонскиот јазик, се издава на македонски јазик и кирилско писмо и на јазикот и писмото на таа заедница.

(9) Дипломата и додатокот на дипломата за припадниците на заедницата кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, а кои наставата ја следат на службен јазик различен од македонскиот јазик, се издава на македонски јазик и кирилско писмо и на јазикот и писмото на таа заедница.

(10) Содржината и формата на дипломата и упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи определени со овој закон, ги пропишува министерот надлежен за работите на високото образование.

(11) Студентот кој еднаш завршил определена студиска програма на јавна високообразовна установа не може повторно да се запише на студиска програма на која се стекнува со идентичен стручен или научен назив, на иста или друга јавна високообразовна установа во државата.

### Одземање на диплома и уверение

### Член 150

(1) На студент кој се стекнал со диплома, согласно со овој закон, високообразовната установа може да ја одземе издадената диплома, уверение, односно стекнатиот стручен или научен назив, ако се утврди дека не ги исполнувал условите за добивање статус на студент на соодветната високообразовна установа, дека се здобил со стручен или научен назив спротивно на условите за стекнување на стручен, односно научен назив утврдени со статутот на високообразовната установа или со закон.

(2) Начинот за одземање на издадената диплома и уверение од ставот (1) на овој член, се утврдува со правилник на универзитетот, односно на високата стручна школа која не е во состав на универзитет.

### Промоција за завршени студии

### Член 151

(1) Промоцијата на лицата кои завршиле стручни или академски студиски програми од прв циклус на студии или студиски програми од втор циклус на студии, ја врши деканот, односно директорот на единицата на универзитетот или директорот на високата стручна школа, според постапка утврдена со правилата на единицата на универзитетот, високата стручна школа или научната установа.

(2) Промоцијата на лицата кои завршиле докторски студиски програми од трет циклус и се здобиле со научен назив доктор на науки, ја врши ректорот на универзитетот, според постапка утврдена со статутот на универзитетот.

### Водење и заштита на личните податоци

### Член 152

(1) Високообразовните установи ја водат следнава евиденција со лични податоци за студентите:

1. евиденција на пријавени за упис и запишани студенти;
2. досие кое се води за секој студент од започнување на студиите до завршување на студиите односно до отпишувањето;
3. записник за испитот со кој се евидентира пријавата кон испитот, текот на испитот и постигнатата оценка и
4. евиденција на издадени исправи за завршени студии.

(2) Евиденциите од ставот (1) точките 1, 2 и 4 на овој член, опфаќаат: име и презиме на студентот (за студентките и моминското презиме), пол, датум, место и датум на раѓање, држава на раѓање, живеалиште или престојувалиште, матичен број

на граѓанинот, единствен образовен број, државјанство, претходно стекнато образование, начин на студирање, како и други податоци по посебни прописи.

(3) Евиденцијата од ставот (1) точка 2 на овој член, покрај податоците предвидени во ставот (2) на овој член, опфаќа и податоци за положени испити, за напредувањето и завршувањето на студиите.

(4) Евиденцијата од ставот (1) точка 3 на овој член, опфаќа: име и презиме на студентот (за студентките и моминското презиме), пол, матичен број на граѓанинот, начин на студирање, година на студирање и студиска година на првиот упис, датум на испитот, податоци за тоа дали испитот го полага прв пат или го повторува, како и оценка добиена на испитот.

(5) Одредбите во врска со водењето, употребата и чувањето на личните податоци од евиденциите од овој закон, се користат и за документација, врз основ на која биле собрани личните податоци. Од документите за претходното образование по завршената уписна постапка се задржува копија од документите (во материјална или електронска форма), а оригиналите му се враќаат на студентот.

(6) Евиденцијата од ставот (1) точките 2, 3 и 4 на овој член, високообразовната установа ја чува 20 години од денот на завршувањето на студиите, односно од денот на престанок на статусот студент.

Матична книга на запишани студенти, главна книга на дипломирани студенти

Член 153

(1) На високообразовните установи се водат матична книга на запишани студенти и главна книга на дипломирани студенти и досие на секој студент во хартиена и/или електронска форма.

(2) Формата, содржината и начинот на водењето на матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти, ги пропишува министерот надлежен за работите на високото образование.

(3) Матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломираните студенти се документи од трајна вредност.

Електронски систем за евиденција

Член 154

(1) Евиденцијата од членовите 152 и 153 од овој закон, како и индексот и студентската легитимација, се води во хартиена и/или електронска форма, што ја пропишува министерот надлежен за работите на високото образование.

(2) Министерството надлежено за работите на високото образование, во соработка со Министерството за дигитална трансфомарција и/или јавната високообразовна установа воспоставува електронски систем кој ќе го користат јавните високообразовни установи во Република Северна Македонија.

Глава единаесетта

ВРАБОТЕНИ СО НАСТАВНО-НАУЧНИ, НАСТАВНО-УМЕТНИЧКИ, НАСТАВНО-СТРУЧНИ, НАСТАВНИ, НАУЧНИ И СОРАБОТНИЧКИ ЗВАЊА И ДРУГИ ВРАБОТЕНИ НА ВИСОКООБРАЗОВНИ УСТАНОВИ

Оддел 1

ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Вработени лица на високообразовните установи

Член 155

(1) Вработените на високообразовните установи се:

1. лица избрани во наставно-научни, научни, наставностручни, наставноуметнички, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност

2. лица вработени во високообразовните установи кои вршат стручни работи – стручни соработници (лаборант, виш лаборант, корепетитор, сниматeл, монтажер, продуцент, други стручни соработници),

3. лица вработени во високообразовните установи кои вршат административни работи –административни службеници и

4. лица вработени во високообразовните установи кои вршат помошно-технички работи – помошно технички персонал.

(2) Правата, обврските и одговорностите на вработените на високообразовните установи од став (1) на овој член, се уредуваат со општите прописи за работните односи и одредбите од овој закон.

(3) Странски државјанин може да врши високообразовна дејност исто како и државјанин на Република Северна Македонија, под условите кои се утврдени со овој закон.

(4) На високообразовните установи се води електронска евиденција на работното време на ненаставниот кадар согласно прописите за работните односи.

(5) За наставниот кадар се води електронска евиденција за одржана настава во согласност со правилата на универзитетот, односно единицата.

(6) Наставниот кадар задолжително доставува извештај за спроведените активности на крај на секој семестар до деканот. Содржината на извештајот се уредува со правилник на високообразовната установа.

(7) За вработените во високообразовните установи од став (1) на овој член, се води евиденција во системот за вработени во јавниот сектор во Министерството за јавна администрација .

(8) Вработените од ставот (1) на овој член, се распоредуваат во следните категории и нивоа:

Наставен кадар:

1. Категорија А наставно-научни, научни и наставно-уметнички звања во високото образование

- ниво А1 редовен професор/научен советник,
- ниво А2 вонреден професор/виш научен соработник и
- ниво А3 доцент/научен соработник,

2. Категорија Б наставни звања во високото образование

- ниво Б1 професор на висока стручна школа,
- ниво Б2 виш предавач,
- ниво Б3 виш лектор и
- ниво Б4 предавач - асистент со д-р,

3. Категорија В соработнички звања во високото образование

- ниво В1 асистент, уметнички соработник, истражувач, лектор и
- ниво В2 помлад асистент, помлад лектор, помлад уметнички соработник, помлад истражувач.

Ненаставен кадар:

1. Категорија Г стручни соработници (лаборант, виш лаборант, корепетитор, сниматeл, монтажер, продуцент и други стручни соработници)

- ниво Г-1 стручни соработници со високо образование, со или без работно искуство (лаборант, виш лаборант, корепетитор, сниматeл, монтажер, продуцент и други стручни соработници)
- ниво Г-2 стручни соработници со средно или вишо образование со или без работно искуство (лаборант и други стручни соработници)

2. Категорија Д помошно –технички лица

- ниво Д-1 помошно – технички лица со основно или средно образование, со или без работно искуство: економ–домаќин, хаусмајстор, курир (доставувач) и други,
- ниво Д-2 помошно –технички лица со основно или средно образование со или без работно искуство: чувар, возач и други
- ниво Д-3 помошно –технички лица со основно или средно образование со или без работно искуство: одржувач на хигиена, општ работник и други.

Наставно-научни, научни, наставно-уметнички, наставно-стручни и наставни звања

Член 156

(1) Високообразовна дејност може да врши само лице избрано во наставно-научно, наставно-уметничко, наставно-стручно, наставно или соработничко звање, за времето за кое е избрано.

(2) Лице избрано во наставно-научно, наставно-стручно или соработничко звање, може да врши високообразовна дејност на единица на универзитет или на висока стручна школа.

(3) Лице избрано во наставно звање, може да врши високообразовна дејност само на висока стручна школа.

(4) По исклучок од ставот (1) на овој член, лице избрано во научно звање согласно со одредбите на Законот за научноистражувачката дејност, може да врши високообразовна дејност на студии од втор и трет циклус во согласност со овој закон, според еквивалентноста на звањата утврдени во овој закон.

(5) На факултетот наставно-научни звања се доцент, вонреден професор и редовен професор.

(6) На факултетите во областа на филолошките науки и на другите високообразовни установи на кои се изведува настава по јазик, наставно-стручни звања се лектор и виш лектор.

(7) На високите стручни школи наставни звања се предавач, виш предавач и професор на висока стручна школа.

(8) На факултетите и на институтите во состав на универзитетот може да се врши избор и во научни звања согласно со Законот за научноистражувачката дејност и правилникот на универзитетот за дополнителните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања,

(9) На иста високообразовна установа, лице со наставно-научно или научно звање има право да биде распоредено на работно место со еквивалентно наставно-научно или научно звање во научната област на која припаѓа темата на докторската дисертација и стекнатиот научен назив од научното поле/потполе, при што решение за распоредување и еквиваленција на звањето и областа донесува деканот.

(10) Лицето избрано во наставно-научно, наставно звање и наставно-стручно звање во текот на една академска година може да врши предавања од 180 наставни часа за наставнонаучниот кадар, и 240 наставни часа за наставниот и наставностручниот кадар, и вежби од 300 наставни часа на наставни предмети на прв циклус на студии од иста или сродна област на универзитетот на кој засновал работен однос, уредено со правилникот од член 44 став (2) точка 4 од овој закон, а лицето избрано во звање од областа на уметностите и кое изведува индивидуална настава врши предавања од 180 наставни часа по семестар, односно 12 часа неделно.

(11) Лицето избрано во наставно-научно, наставно, научно звање и наставно-стручно звање во текот на една академска година може да врши предавања од 120 за наставно-научниот кадар и 180 наставни часа за наставниот и наставно-стручниот кадар, а за вежби од 300 наставни часа, во зависност од студиската програма, на наставни предмети на втор циклус на студии од иста или сродна област на

универзитетот на кој засновал работен однос, уредено со правилникот од член 44 став (2) точка 4 од овој закон.

(12) Во меѓународниот промет, за наставно-научните звања на факултетите се користат следните називи на англиски јазик:

1. доцент - Assistant professor, со кратенка - Asst. Prof. Dr.sc,
2. вонреден професор - Associate professor, со кратенка - Assoc. Prof. Dr.sc и
3. редовен професор - Professor, со кратенка - Prof. Dr.sc.

(13) По исклучок од ставот (12) на овој член, во меѓународниот промет за наставнонаучните звања на стручно-уметничките предмети на факултетите, односно уметничките академии се користат следните називи на англиски јазик:

1. доцент - Assistant professor, со кратенка - Asst. Prof. Dr.art
2. вонреден професор-Associate professor, со кратенка-Assoc.Prof.Dr.art и
3. редовен професор - Professor, со кратенка-Prof. Dr.art.

(14) По исклучок на став (13) на овој член, во меѓународниот промет за наставнонаучните звања на наставно-уметничките предмети на факултетите, односно уметничките академии се користат следните називи на англиски јазик:

1. доцент - Assistant professor, со кратенка - Asst. Prof. art
2. вонреден професор-Associate professor, со кратенка-Assoc.Prof.art и
3. редовен професор - Professor, со кратенка-Prof. art.

## Соработнички звања

### Член 157

(1) На факултетот соработнички звања се помлад асистент и асистент.

(2) Соработниците од ставот (1) на овој член, се избираат за наставно-научна, односно уметничка област утврдена со Македонската рамка на класификации.

(3) Соработниците од ставот (1) на овој член, учествуваат во наставнообразовниот процес на начин и во обем определен со статутот на универзитетот и статутот на единицата, односно со статутот на висока стручна школа.

(4) Лица избрани во соработничко звање, вработени на јавна високообразовна установа или на јавна научна установа, се ослободени од обврската за плаќање школарина за трет циклус студии на јавната високообразовна, односно јавната научна установа во Република Северна Македонија, на којашто запишале докторски студии.

## Демонстратори

### Член 158

(1) На факултетот, односно на високата стручна школа, можат да се избираат демонстратори како помошници во наставно-образовниот процес на првиот циклус на студии.

(2) Демонстратор може да биде лице кое е студент на прв циклус и стекнал најмалку 120 ЕКТС или студент на втор или трет циклус на студии, со просечна оценка од најмалку 8 (осум).

(3) За демонстратор на студиски програми од интегриран прв и втор циклус може да биде избран студент кој има остварено најмалку 180 ЕКТС кредити, со просечна оценка од најмалку 8 (осум).

(4) Демонстратор се избира за период од една академска година, со право да биде уште еднаш повторно избран.

(5) Начинот за изборот на демонстраторите, посебните услови, како и нивните задачи во наставно-образовниот процес, се уредуваат со општ акт на универзитетот и општ акт на единицата на универзитетот, односно со општ акт на високата стручна школа.

(6) Демонстраторите учествуваат во наставно-образовниот процес во обем и на начин определен со студиската програма.

(7) Демонстраторите имаат право на месечен надоместок утврден со општ акт на единицата, но не помалку од 30% од една минимална плата исплатена по работник во претходната година во Републиката.

(8) Факултетот, односно високата стручна школа и демонстраторот склучуваат договор со кој ги уредуваат меѓусебните права и обврски. Исплатата на надоместоците за избраните демонстратори се врши од сопствените приходи на факултетот, односно високата стручна школа, за што не се бара согласност од Министерството за финансии.

## Оддел 2

## Критериуми и услови за избор во наставно-научни, наставно-уметнички, наставно-стручни, наставни и соработнички звања

### Критериуми за избор во звања

### Член 159

(1) Критериуми за избор во наставно-научни, наставно-уметнички, наставно-стручни, наставни и соработнички звања се:

1. стекнато образование,
2. резултати од научноистражувачка работа,
3. резултати и искуство во наставната дејност и подготвување на наставен и научноистражувачки подмладок и
4. стручно- применувачка или стручно-уметничка дејност.

(2) Врз основа на критериумите од ставот (1) на овој член, се утврдуваат општите и посебните услови за избор во наставно-научни, наставно-уметнички, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања.

### Видови услови за избор во звања

### Член 160

(1) Изборот во наставно-научни, наставно-уметнички, научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања, се врши според општи и посебни услови.

(2) Општите услови за избор во наставно-научни, наставно-уметнички, научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања, се определуваат со овој закон.

(3) Посебните услови од член 159 став (2) од овој закон, ги утврдува Националниот совет.

(4) Високообразовната установа може да утврди и дополнителни повисоки услови за избор во наставно-научни, наставно-уметнички, научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања.

(5) Националниот совет донесува акт за категоризација и рангирање на научните списанија и електронски бази на списанија и преводи на капитални дела кои ќе се сметаат за релевантни, при избор во звања.

### Општи услови за избор во наставно-научни звања

### Член 161

(1) Во наставно-научно звање доцент, може да биде избрано лице кое:

1. има остварено кумултивно просечен успех од најмалку 8,00 (осум) изведен од просечните успеси од студиите на прв и втор циклус, односно просечен успех од

најмалку 8,00 (осум) на студиите за регулирани професии согласно член 140 од овој закон, пред воведувањето на ЕКТС, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот циклус и вториот циклус, за регулираните професии од член 140 од овој закон,

2. има научен степен доктор на науки од научната област за која се избира, како и завршен прв и втор циклус од исто или соодветно поле/потполе,

3. да има најмалку три години искуство во звањето асистент/лектор,

4. има објавени или прифатени за објавување најмалку шест рецензирани научни труда во референтна научна публикација од кои најмалку три во списание со фактор на влијание (Веб оф Сајанс (Web of Science)), во последните пет години пред објавување на огласот за избор и

5. има познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на универзитетот, односно на високата стручна школа.

(2) Во наставно-научно звање вонреден професор, може да избрано лице кое:

1. има остварено кумултивно просечен успех од најмалку 8,00 (осум) изведен од просечните успеси од студиите од прв и втор циклус, односно просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите за регулирани професии согласно член 140 од овој закон пред воведувањето на ЕКТС, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот циклус и вториот циклус, за регулираните професии согласно член 140 од овој закон,

2. има научен степен доктор на науки од научната област за која се избира, како и завршен прв и втор циклус од исто или соодветно поле/потполе,

3. има објавени или прифатени за објавување најмалку шест рецензирани научни труда во референтна научна публикација од кои најмалку четири во списание со фактор на влијание во базата на Веб оф Сајанс (Web of Science), во последните пет години пред објавување на огласот за избор,

4. да бил претходно избрано во наставно-научно звање доцент,

5. да бил учесник на проект или раководител на проект и

(3) Во наставно-научно звање редовен професор, може да биде избрано лице кое:

1. има остварено кумулативно просечен успех од најмалку 8,00 (осум) изведен од просечните успеси од студиите од прв и втор циклус, односно просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите за регулирани професии согласно член 140 од овој закон, пред воведувањето на ЕКТС, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот циклус и вториот циклус, за регулираните професии согласно член 140 од овој закон,

2. има научен степен доктор на науки од научната област за која се избира, како и завршен прв и втор циклус од исто или соодветно поле/потполе,

3. има објавени или прифатени за објавување најмалку седум рецензирани научни труда во референтна научна публикација од кои најмалку четири во списание со фактор на влијание во базата на Веб оф Сајанс (Web of Science), во последните пет години пред објавување на огласот за избор,

4. да бил претходно избран во звање вонреден професор,

5. да бил учесник во најмалку два проекти или раководител на проект,

6. да бил ментор на кандидат или да бил член во комисија за одбрана на специјалистички или магистерски трудови или докторски дисертации, на единиците каде што има акредитирани специјалистички студии, односно студиски програми од втор и трет циклус студии и

7. да има објавено учебно помагало.

(4) За повторен избор во наставно-научно звање редовен професор, лицето треба да:

1. било претходно избрано во звањето редовен професор,

2. има објавени или прифатени за објавување најмалку седум рецензирани научни труда во референтна научна публикација од кои најмалку четири во списание со фактор на влијание во базата на Веб оф Сајанс (Web of Science), во последните седум години пред објавување на огласот за избор

3. да биде автор на книга, или универзитетски учебник, или монографија, или дел од книга согласно овој закон,

4. да бил ментор на кандидат или да бил член во комисија за одбрана на специјалистички или магистерски трудови или докторски дисертации, на единиците каде што има акредитирани специјалистички студии, односно студиски програми од втор и трет циклус студии и

5. било носител на најмалку три апликации за меѓународни проекти.

(5) Условите од ставот (1) точка 4, ставот (2) точка 3, ставот (3) точка 3 и ставот (4) точка 2 на овој член, што се однесуваат на објавени трудови при избор во звања од хуманистичките и општествените науки, се сметаат за исполнети со прифаќање и објавување на трудови и во базата Скопус (Scopus).

(6) Условите од ставот (1) точка 4, ставот (2) точка 3, ставот (3) точка 3 и ставот (4) точка 2 на овој член, што се однесуваат на објавени трудови при избор во звања од областа на теологијата, се сметаат за исполнети со прифаќање и објавување на трудови и во базата на Скопус (Scopus) и/или Атла (Atla), а од областа на лингвистиката и славистиката се сметаат за исполнети со прифаќање и објавување на трудови и во базата на Скопус (Scopus) и/или ЕБСКО (EBSCO).

(7) Објавените трудови и научноистражувачки проекти се вреднуваат доколку лицето го има наведено називот на универзитетот каде што е вработено согласно актите на универзитетот.

(8) Условите од ставот (2) точка 5 и 6 и ставот (3) точка 5 и 6 на овој член, треба да бидат исполнети во последните пет години пред објавување на огласот за избор, а условите од ставот (4) точките 3, 4 и 5 на овој член, треба да бидат исполнети во последните седум години пред објавување на огласот за избор.

(9) Општите услови за избор во звања од овој член се минимални услови, а високообразовната установа може со посебен акт да утврди повисоки дополнителни услови за избор во звања, при што доколку за избор во звање два или повеќе кандидати ги исполнуваат општите, посебните и дополнителни услови, предност има кандидатот со повисок х (h)-индекс, во Веб оф Сајанс (WoS) или во база определена од високообразовната установа, согласно спецификите на областа во која се избира кандидатот.

Член 162

(1) Во наставно-научно звање доцент од полето на уметностите може да биде избрано лице кое:

1. има остварено кумулативно просечен успех од најмалку 8,00 (осум) изведен од просечните успеси од студиите од прв и втор циклус;

2. има научен степен доктор на науки од областа за која се избира, како и завршен прв и втор циклус од истото или соодветно поле/потполе;

3. има најмалку три години искуство во звањето асистент;

4. има објавено или прифатено за објавување најмалку пет рецензирани труда, од кои најмалку два објавени во списание со меѓународен уредувачки одбор во последните пет години пред објавување на огласот за избор или да има авторство или јавна изведба, интерпретација/прикажување, во најмалку три уметнички дела

презентирани или позитивно рецензирани во земјата или во странство во последните пет години пред објавување на огласот за избор и

5. има познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на универзитетот, односно на високата стручна школа.

(2) Во наставно-научно звање вонреден професор од полето на уметностите може да биде избрано лице кое:

1. има остварено кумулативно просечен успех од најмалку 8,00 (осум) изведен од просечните успеси од студиите од прв и втор циклус,

2. има научен степен доктор од областите за кои се избира како и завршен прв и втор циклус од истото или соодветно поле/потполе;

3. има објавено или прифатени за објавување најмалку шест рецензирани труда, од кои најмалку три објавени во списание со меѓународен уредувачки одбор во последните пет години пред објавување на огласот за избор или има авторство, јавна изведба/интерпретација/изведба во најмалку четири уметнички дела презентирани или позитивно рецензирани во земјата или во странство во последните пет години пред објавување на огласот за избор;

4. да бил претходно избран во звањето доцент;

5. учествувало во научноистражувачки или уметничкоистражувачки проект; и

6. е автор или коавтор на еден објавен универзитетски учебник, учебно помагало или уметничка/научна книга, прирачник или на уметничка работилница.

(3) Во наставно-научно звање редовен професор од полето на уметностите може да биде избрано лице кое:

1. има остварено кумулативен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) изведен од просечните успеси од студиите од прв и втор циклус,

2. има научен степен доктор од областите за кои се избира како и завршен прв и втор циклус од истото или соодветно поле/потполе;

3. има објавено или прифатени за објавување најмалку седум рецензирани труда, од кои најмалку четири објавени во списание со меѓународен уредувачки одбор во последните пет години пред објавување на огласот за избор или има авторство во најмалку пет уметнички дела презентирани или позитивно рецензирани во земјата или во странство во последните пет години пред објавување на огласот за избор;

4. да бил претходно избран во звањето вонреден професор;

5. учествувало во најмалку два уметничко-истражувачки проекти и

6. било ментор на кандидат или член во комисија за одбрана на најмалку еден магистерски труд или докторска дисертација.

(4) За повторен избор во наставно-научно звање редовен професор од полето на уметностите лицето треба да:

1. било претходно избрао во звањето редовен професор;

2. има објавено или прифатени за објавување најмалку седум рецензирани труда, од кои најмалку четири објавени во списание со меѓународен уредувачки одбор во последните седум години пред објавување на огласот за избор или има авторство во најмалку пет уметнички дела презентирани или позитивно рецензирани во земјата или во странство во последните пет години пред објавување на огласот за избор;

3. е автор или коавтор на книга или дел од книга, учебно помагало или уметничка/научна книга, прирачник или уметничка работилница во последните пет години пред објавување на огласот за избор и

4. било ментор на кандидат или член во комисија за одбрана на најмалку еден магистерски труд или докторска дисертација.

(5) Условите од ставот (2) точките 5 и 6 на овој член и ставот (3) точките 5 и 6 на овој член, треба да бидат исполнети во последните пет години пред објавување на

огласот за избор, а условите од ставот (4) точка 4 од овој член, треба да бидат исполнети во последните седум години пред објавување на огласот за избор

(6) По исклучок од ставот (1) точка 2, ставот (2) точка 2 и ставот (3) точка 3 на овој член, условот за стекнат научен степен-доктор на науки од полето на уметностите, лице кое нема завршено трет циклус на студии, може да биде избрано во наставно-уметничко звање доколку:

- поседува меѓународно признати и исклучителни уметнички достигнувања во соодветната област,
- има континуирана и значајна кариера потврдена преку јавни настапи, продукции, изложби, изведби или други релевантни уметнички референци,
- приложи збирка докази кои според обем и квалитет се еквивалентни на научноистражувачки трудови, утврдени со правилник на Националниот совет за високо образование и научно истражувачка дејност.

(7) Постапката за избор на лицата од ставот (6) на овој член, се спроведува од страна на комисија во чиј состав задолжително учествуваат најмалку двајца истакнати уметници или експерти од странство од меѓународен ранг во соодветната област, што се уредува со статутот на универзитетот.

(8) Општите услови за избор во звања од овој член се минимални услови, а високообразовната установа може со посебен акт да утврди повисоки дополнителни услови за избор во звања.

Член 163

Странскиот јазик односно јазици чие познавање се бара заради исполнување на условот за избор во соодветно звање согласно одредбите на овој закон, нивото на познавање и начинот на проверка на познавањето на странскиот јазик, односно јазици, поблиску се регулираат со општ акт на универзитетот, односно со општ акт на високата стручна школа.

Член 164

(1)Доцент, вонреден професор и асистент може да бидат избирани во истото звање, без ограничување на бројот на избори, доколку ги исполнуваат условите за избор во истото звање.

(2)Редовен професор кој не бил повторно избран (реизбран) во звањето редовен професор, а ги исполнува условите од членот 161 став (2) од овој закон, може да биде избран во звање вонреден професор.

(3) Редовен професор кој не бил повторно избран (реизбран) во звањето редовен професор од полето на уметностите, а ги исполнува условите од членот 162 ставот (2) од овој закон, може да биде избран во звањата вонреден професор.

(4) Доколку лицата од ставовите (2) и (3) на овој член, не бидат избрани во наведените звања им престанува звањето и им престанува работниот однос.

(5 )Лицето од ставовите (2), (3) и (4) на овој член, има право на приговор до органот кој одлучувал за изборот. Ако приговорот биде одбиен, лицето има право на жалба до Сенатот, кој формира комисија од три члена, составена од три професори од иста или сродна научна област од која е подносителот на жалбата, од кои најмалку два члена се од друга високообразовна установа. Комисијата поднесува извештај во кој дава оцена за изборот. Одлуката по приговорот на Сенатот е конечна.

(6) Против конечната одлука од ставот (5) на овој член, може да се поднесе тужба до надлежниот суд.

Член 165

(1) Одредбите од член 161 од овој закон, соодветно се применуваат и за избор во научните звања научен соработник, виш научен соработник и научен советник.

(2) Лицата од ставот (1) на овој член, пред изборот во научно звање треба да бидат избрани во соработничко звање согласно Законот за научноистражувачката дејност.

Општи услови за избор во наставно-стручни звања

Член 166

(1) За лектор може да биде избрано лице кое:

1. има завршено студии од втор циклус на академски студии,
2. има стекнато назив магистер од соодветната област,
3. има остварено кумулативно просечен успех од најмалку 8,00 (осум) изведен од просечните успеси од студиите од прв и на втор циклус и
4. има наставно и практично искуство во полето во кое се избира.

(2) За виш лектор може да биде избрано лице кое:

1. има завршено студии од втор циклус на академски студии,
2. има стекнато назив магистер од соодветната област,
3. има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус,
4. има наставно и стручно искуство во областа во која се избира,
5. било претходно избрано за лектор на високообразовна установа и
6. има објавено најмалку три научни и стручни трудови во областа во која се избира, во последните пет години пред објавување на огласот за избор.

(3) Лектор може да биде избран во звање доцент на соодветен факултет со претходно стекнато искуство од три години како лектор.

Општи услови за избор во наставни звања на висока стручна школа

Член 167

(1) За предавач на висока стручна школа може да биде избрано лице кое:

1. има завршено втор циклус на академски студии,
2. има стекнато назив магистер од соодветната област,
3. има објавени најмалку пет научни, односно стручни трудови во соодветни научни списанија од член 2 точка 22 од овој закон, во последните три години пред објавување на огласот за избор,4. има остварено кумулативно просечен успех од најмалку 8,00 (осум) изведен од просечните успеси од студиите од прв и втор циклус и
5. има најмалку седум годишно искуство во работите од својата струка.

(2) За виш предавач на висока стручна школа може да биде избрано лице кое има:

1. завршено втор циклус на академски студии,
2. има стекнато назив магистер од соодветната област,
3. бил претходно избран во звањето предавач,
4. има објавени најмалку шест научни, односно стручни трудови во соодветни научни списанија од член 2 точка 22 од овој закон, во последните три години пред објавување на огласот за избор и
5. има остварено кумулативно просечен успех од најмалку 8,00 (осум) изведен од просечните успеси од студиите од прв и втор циклус.

(3) За професор на висока стручна школа може да биде избрано лице кое има:

1. научен степен доктор на науки,
2. да бил претходно избран во звањето виш предавач,
3. објавени најмалку шест научни, односно стручни трудови по изборот за виш предавач на висока стручна школа,

4. ментор на најмалку 10 дипломски трудови и

5. има остварено кумулативно просечен успех од најмалку 8,00 (осум) изведен од просечните успеси од студиите од прв и втор циклус.

(4) За повторен избор на професор на висока стручна школа лицето треба да има:

1. објавени најмалку шест научни, односно стручни трудови по изборот за виш предавач на висока стручна школа,

2. да биде автор на книга или на дел од книга согласно овој закон во последните пет години пред објавување на огласот за избор и

3. ментор на најмалку 10 дипломски трудови.

(5) Предавач и виш предавач може да бидат избирани во истото звање, без ограничување на бројот на избори, доколку ги исполнуваат условите за избор во истото звање.

(6) Професор на висока стручна школа кој не бил повторно избран (реизбран) во звањето професор, а ги исполнува условите од ставот (3) точка 3 и ставот (4) точки 1, 2 и 3 на овој член, може да биде избран во звањата виш предавач или предавач.

(7) Доколку лицата од ставовите (5) и (6) на овој член, не бидат избрани во наведените звања им престанува звањето и го губат работниот однос.

(8) Лицето од ставот (7) на овој член, има право на приговор до органот кој одлучувал за изборот.

(9) Ако приговорот биде одбиен, лицето кое е од високата стручна школа која е во состав на универзитет, има право на жалба до Сенатот, Сенатот формира комисија од три члена, составена од три професори од иста или сродна научна област од која е подносителот на жалбата, од кои најмалку два члена се од друга високообразовна установа. Комисијата поднесува извештај до Сенатот во кој дава оцена за изборот. Одлуката по приговорот на Сенатот е конечна.

(10) Ако приговорот на лицето кое е од високата стручна школа која не е единица во состав на универзитет е одбиен, наставничкиот совет донесува одлука. Одлуката по приговорот на наставничкиот совет е конечна.

(11) Против конечните одлуки од ставовите (9) и (10) на овој член, може да се поднесе тужба до надлежниот суд.

Општи услови за избор во соработнички звања

Член 168

(1) За помлад асистент може да биде избрано лице кое:

1. има завршено прв циклус на академски студии со најмалку 240 ЕКТС кредити,

2. има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) од студиите од прв циклус и

3. има познавање на најмалку еден странски јазик на ниво Б2.

(2) На високообразовните установи кои имаат студиски програми на регулирани професии од член 140 став (1) точките 1, 3, 5, 9 и 11 од овој закон, за помлад асистент може да биде избрано лице кое:

1. ги има завршено интегрираните студии,

2. има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии и

3. има познавање на најмалку еден странски јазик на ниво Б2.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член, помлад асистент во полето на правните науки може да биде избрано лице кое:

1. има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС,

2.има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот и вториот циклус на академски студии посебно и

3. има познавање на најмалку еден странски јазик на ниво Б2.

(4) За асистент може да биде избрано лице кое:

1. има завршено прв и втор циклус на академски студии со најмалку 300 ЕКТС кредити,

2. има стекнато назив магистер од соодветната област,

3. има остварено кумулативно просечен успех од најмалку 8,00 (осум) изведен од просечните успеси од студиите на првиот и вториот циклус на академски студии,

4. да има објавено најмалку два труда во референтна научна публикација и

5. има познавање на најмалку еден странски јазик на ниво Б2.

(5) По исклучок од ставот (4) на овој член, на високообразовните установи кои имаат студиски програми на регулирани професии од 140 став (1) точките 1, 3, 5, 9 и 11 од овој закон, за асистент може да биде избрано лице кое:

1. ги има завршено интегрираните студии,

2. има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии,

3. да има објавено најмалку два труда во референтна научна публикација и

4. има познавање на најмалку еден странски јазик на ниво Б2.

(6) На факултетите по општа медицина и дентална медицина, покрај условите од став (4) на овој член, за асистент може да биде избрано лице кое е запишано на специјализација согласно Законот за здравствената заштита.

(7) Општите услови за избор во звања од овој член, се минимални услови, а високообразовната установа може со посебен акт да утврди повисоки дополнителни услови за избор во звања.

Член 169

(1) За помлад асистент од полето на уметностите може да биде избрано лице кое:

1. има завршено прв циклус на академски студии со најмалку 240 ЕКТС кредити,

2. има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус на академски студии и

3. има познавање на најмалку еден странски јазик на ниво Б2.

(2) За асистент од полето на уметностите може да биде избрано лице кое:

1. има завршено прв и втор циклус на академски студии со најмалку 300 ЕКТС кредити,

2. има стекнато назив магистер од соодветната област,

3. има остварено кумулативно просечен успех од најмалку 8,00 (осум) изведен од просечните успеси од студиите од прв и втор циклус,

4. има објавено најмалку еден рецензиран труд или има авторство во најмалку едно уметничко дело презентирано или позитивно рецензирано во земјата или во странство и

5. има познавање на најмалку еден странски јазик на ниво Б2.

(3) Општите услови за избор во звања од овој член се минимални услови, а високообразовната установа може со посебен акт да утврди повисоки дополнителни услови за избор во звања.

Плата на вработените во јавните високообразовни установи од буџетската сметка

Член 170

(1) Вработените во јавните високообразовни установи имаат право на плата, сразмерно на извршената работа и придонесот во единицата/универзитетот, надоместоци на плата, додатоци на плата и други примања, под условите утврдени со закон, колективниот договор и договорот за вработување.

(2) Платата на вработените во јавните високообразовни установи се исплаќа од средствата на буџетската сметка и од самофинансирачката сметка на универзитетот/единицата, доколку се остваруваат средства од сопствени приходи.

(3) Делот од платата од средства од сопствени приходи се утврдува со договор за вработување или анекс на договор за вработување во зависност од видот, обемот, сложеноста и одговорноста во извршувањето на работата на работното место.

(4) Платата, надоместоците на плата, додатоци на плата и други примања, кои не се уредени со овој или друг закон, се уредуваат во колективниот договор и договорот за вработување.

(5) Основната плата на работникот се состои од:

- минимална плата,
- дел од плата за називот/звањето и
- дел на плата за минат труд.

(6) Платата, односно основната плата од буџет на Министерството за образование и наука на работникот за полно работно време се утврдува на начин што износот на минималната плата во Република Северна Македонија, утврдена согласно со закон, се множи со коефициентот по назив/звање на работните места утврден во членот 171 од овој закон.

(7) Делот од плата за работниот стаж за работникот се вреднува во износ од 0,5% од основната плата од ставот (6) на овој член, за секоја навршена година, а најмногу до 20%.

(8) На лицето кое како прв автор или автор за коресподенција објавило поголем број на научни трудови во списание со фактор на влијание во базата на Веб оф Сајанс (Web of Science) од предвидените научни трудови за избор во звање во период од пет години, платата му се зголемува до 10%, за период од една година од денот на изборот во звање, за што носи решение деканот/ректорот, односно директорот.

(9) Начинот и поблиските критериуми за зголемување на платата на лицата од ставот (8) на овој член, ги утврдува министерот надлежен за работите на високото образование.

Коефициент за исплата на плата на вработените во јавните високообразовни установи од буџетска сметка

Член 171

Коефициентот за исплата на плата од основната буџетска сметка се утврдува на следниов начин:

| Ниво | Назив/Звање на работно место | Коефициенти |
|---|---|---|
| | I. НАСТАВЕН КАДАР | |
| А1 | Редовен професор | 4,4 |
| А2 | Вонреден професор | 4,0 |
| А3 | Доцент | 3,6 |
| А1 | Научен советник | 4,4 |
| А2 | Виш научен соработник | 4,0 |
| А3 | Научен соработник | 3,6 |
| | Виш лектор | 4 |
| | Лектор | 3,6 |
| | Лектор по македонски јазик во странство | 4 |
| | Асистент /асистент истражувач | 2,7 |
| | помлад асистент | 2,6 |
| А3 | Професор на висока стручна школа | 3,6 |
| А5 | Виш предавач на висока стручна | 3,6 |

| | | |
|---|---|---|
| | школа | |
| А6 | Предавач на висока стручна школа | 2,8 |

II. НЕНАСТАВЕН КАДАР

| | | |
|---|---|---|
| А1 | генерален секретар на Универзитетот | 4,0 |
| А2 | секретар на факултет/институт/единици во состав на Универзитетот | 3,6 |
| А3 | Уметнички соработник: корепетитор, сниматeл, монтажер, продуцент и слично; стручен соработник: виш лаборант и сл. | 2,5 |
| | стручен соработник: лаборант и сл. | 1,6 |
| Б1 | советник на ректорот | 2,8 |
| Б2 | раководител на сектор | 2,9 |
| Б4 | раководител на одделение | 2,7 |
| В1 | Советник | 2,3 |
| В2 | виш соработник | 2,1 |
| В3 | Соработник | 2.0 |
| В4 | помлад соработник | 1,9 |
| Г1 | Самостоен референт/технички секретар /информатичар | 1,7 |
| Г2 | виш референт | 1,6 |
| Г3 | Референт | 1,5 |
| Г4 | помлад референт | 1,4 |

III. ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ ЛИЦА

| | | |
|---|---|---|
| ПГ1 | одржувач на хигиена/одржувач/ракувач на ложење (градинар), општ работник и други | 1,2 |
| ПГ2 | чувар и други | 1,3 |
| 1.2 | возач и други | 1,3 |
| ПГ4 | сервирка – садомијач, готвач и други | 1,2 |
| ПГ5 | економ – домаќин, хаузмајстор, курир (доставувач) и други (стаклодувач, дреар...) | 1,4 |

Табела за Медицински факултет

| Ниво | Назив на работно место | Коефициенти |
|---|---|---|
| ЗДР А14 | Доктор по медицина – специјалист примариус | 3,0 |
| ЗДР А16 | Генетски советник | 2,4 |
| ЗДР А17<br>ЗДР Д01<br>ЗДР Д04<br>ЗДР Д06 | Доктор по медицина, дипломиран фармацевт, магистар по фармација, Дипломиран инженер по хемија, Дипломиран биолог и биотехнолог, Дипломиран инженер по физика, Дипломиран инженер по биологија – биохемија и физиологија, Дипломиран молекуларен биолог | 2,3 |
| ЗДР Д02 | Дипломиран лабораториски биоинженер магистер | 2,3 |

| | | |
|---|---|---|
| ОБН Г02<br>ЗДР Д04 | Лаборант со високо образование, Дипломиран лабораториски биоинженер | 2,2 |

## Оддел 3
## ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊА

### Правила за постапката за избор во звања

Член 172

Изборот во наставно-научни, наставно-уметнички, наставно-стручни, наставни и соработнички звања, се врши според постапка утврдена со овој закон и со акт на универзитетот, односно со акт на висока стручна школа која не е во состав на универзитет.

### Конкурс за избор во звање и засновање на работен однос

Член 173

(1) Избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни и наставни звања и соработнички звања се врши по пат на јавен конкурс кој го распишува наставно-научниот, односно наставничкиот совет, што го објавува високообразовната установа во дневниот печат.

(2) Конкурсот за избор во звања од ставот (1) на овој член, и засновање на работен однос се распишува за избор во сите звања.

(3) Конкурсот за избор во соработнички звања и засновање на работен однос се распишува за избор во определено соработничко звање.

(4) Конкурсот за избор во звање и засновање на работен однос треба да ја содржи соодветната наставно-научна област за која се избира лицето, утврдена со Националната класификација, видот на работниот однос, рокот на траењето и општите и посебните услови за избор, документацијата која е од важност за изборот и други услови утврдени со закон или општ акт на универзитетот и единицата на универзитетот, односно општ акт на високата стручна школа.

(5) Стекнувањето на наставно-научно, наставно-стручно, односно наставно звање на избраните наставници е постапно.

(6) Постапката по јавниот конкурсот од став (1) на овој член, може да трае најмногу шест месеци сметано од денот на објавување на јавниот конкурс во дневниот печат. Доколку постапката не заврши во овој рок, постапката се запира и се распишува нов конкурс.

(7) Рокот од ставот (6) на овој член, не тече во периодот од 15 јули до 25 август во календарската година.

### Постапка за избор

Член 174

(1) Изборот на кандидатите во наставно-научни, научни, наставно-стручни, наставни, научни и соработнички звања го врши наставно-научниот совет на факултетот, односно наставничкиот совет на високата стручна школа, врз основа на оценката во рефератот на рецензиона комисија.

(2) Повторниот избор на редовен професор и научен советник го потврдува Сенатот на универзитетот.

(3) Рецензионата комисија од ставот (1) на овој член, се состои од најмалку три члена и ја формира наставно-научниот совет на факултетот, односно наставничкиот совет на висока стручна школа, по завршувањето на рокот за пријавување на кандидатите.

(4) Членовите на рецензионата комисија можат да бидат од високообразовната установа во која се врши изборот или од други високообразовни или научни установи, кои вршат високообразовна дејност во согласност со овој закон.

(5) Член на рецензиона комисија, под истите услови определени со овој закон, за членови на рецензиона комисија, може да биде и наставник од акредитирана високообразовна установа од странство со која универзитетот или неговата единица, односно високата стручна школа има склучено спогодба за меѓусебна соработка.

(6) Повеќе од половината членови на рецензионата комисија ја сочинуваат лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни и наставни звања од истата наставно-научна, односно уметничка област во која се избира кандидатот, а другите членови може да бидат од сродна наставно-научна, односно уметничка област.

(7) Членовите на рецензионата комисија не можат да бидат во пониско звање од звањето за кое се избира кандидатот.

(8) За сите пријавени кандидати рецензионата комисија поднесува реферат во писмена форма во рок од три месеци од денот на доставувањето на целокупната документација до сите членови на рецензионата комисија. Рефератот содржи оценка за остварувањата на кандидатите во согласност со општите и посебните услови за избор во соодветно звање, како и предлог за избор на кандидатот во соодветно звање.

(9) Високообразовната установа го објавува рефератот на рецензионата комисија од ставот (8) на овој член, во соодветниот билтен на универзитетот и на интернет страницата на универзитетот, односно на високата стручна школа најмалку 15 дена пред денот на изборот.

(10) Рецензионата комисија во рефератот ги вреднува вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатите од почетокот на кариерата до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

(11) Ако наставно-научниот совет, односно наставничкиот совет не избере предложен кандидат, конкурсот се повторува.

(12) Изборот во звање е основа за засновање на работен однос на определено, односно неопределено време.

(13) Постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, наставни и соработнички звања на универзитетот поблиску се уредува со општ акт на универзитетот, односно на високата стручна школа.

(14) Изборот на лица во соработничко звање на високообразовните установи се врши по следните категории на приоритет:

1. лице кое се стекнало со универзитетска диплома од соодветно поле, на универзитет кој во последните 10 години се наоѓал меѓу првите 200 рангирани универзитети на листата Академското рангирање на светски универзитети (Academic ranking of World University- ARWU).

2. лице наградено со инжинерски прстен од Инжинерската институција на Македонија,

3. лице од редот на 10 најдобри студенти од факултетот во последните две години и

4. лице од останатите пријавени кандидати.

(15) Доколку на јавниот конкурс од член 173 став (1) од овој закон, се пријават две или повеќе лица од истата категорија, предлогот за избор го донесува рецензентската комисија.

(16) Лице кое веќе има стекнато наставно-научно, научно или соработничко звање на високообразовна или научна установа во странство на универзитет кој во последните 10 години се наоѓал меѓу првите 200 рангирани универзитети на листата Академското рангирање на светски универзитети (ARWU (Academic ranking of World University- ARWU)или Светското рангирање на универзитетите на Квакварели

Сајмондс (QS World University Rankings) има право да заснова работен однос без конкурс, по објавен јавен повик од високообразовната установа и по добиена согласност за вработување од министерството надлежно за работите на високото образование и науката и Министерство за финансии, во исто или еквивалентно звање.

Засновање работен однос

Член 175

(1) Постапката за избор во наставно-научно, научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање завршува со засновање на работен однос со полно работно време меѓу избраното лице и високообразовната установа, доколку поинаку не е уредено со овој закон. Работниот однос се заснова за времето на кое е избрано лицето.

(2) Лице избрано во наставно-научно, научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање кое засновало работен однос на јавна високообразовна, односно јавна научна установа може да премине и да заснова работен однос на друга јавна високообразовна односно јавна научна установа, доколку ги исполнува условите од овој закон, посебните услови од Националниот совет и повисоки дополнителни услови утврдени од високообразовната установа на која преминува. Преминувањето од една на друга јавна високообразовна установа се спроведува по донесена одлука на наставно-научниот совет, односно наставничкиот совет, а врз основа на спогодба склучена помеѓу двете јавни високообразовни установи и лицето кое преминува, при што заснова работен однос во исто, односно еквиваленто звање. На спогодбата согласност дава министерството надлежно за работите во образованието и науката.

(3) Лицата избрани во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање со засновaниот работен однос остваруваат права и обврски од работен однос во согласност со овој и друг закон и колективен договор.

(4) Лицата избрани во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање кои се во работен однос на јавна високообразовна установа, вршат и здравствена дејност во јавна здравствена установа.

(5) Лицата кои се во работен однос во јавна здравствена установа, а се избрани во наставно-научно, научно и наставно звање односно во соработничко звање на јавна високообразовна установа, вршат и високообразовна дејност на јавна високообразовна установа.

(6) По исклучок од ставот (1) на овој член, лицата од ставовите (4) и (5) на овој член, високообразовната, научноистражувачката и здравствената дејност ја вршат како неделива функционална целина со поделба на работното време во двете установи.

(7) Условите и начинот според кои лицата од ставовите (4) и (5) на овој член, вршат здравствена, односно високообразовна и научноистражувачка дејност, се уредуваат со спогодба меѓу јавната високообразовна и јавната здравствена установа, во согласност со закон.

(8) Лицето кое е вработено како доктор по медицина во приватна здравствена установа, доколку ги исполнува условите за избор во наставно-научно, научно и наставно звање, утврдени во овој закон, може да биде избрано во звање на високообразовна установа, при што правата и обврските се уредуваат со договор меѓу лицето и високообразовната установа. Во конкурсот за избор се наведува дека изборот се врши без засновање на работен однос на високообразовната установа.

(9) Условите и начинот според кои лицата од ставо (8) на овој член, вршат здравствена, односно високообразовна и научноистражувачка дејност, се уредуваат со спогодба меѓу високообразовната и здравствената установа, во согласност со закон.

(10) Едно лице не може да биде избрано истовремено во наставно-научно, наставно-уметничко, наставно, наставностручно, наставно и соработничко звање на повеќе од една високообразовна установа.

(11) При мирување на работниот однос, лицето избрано во наставно-научно, наставно-уметничко, наставностручно, наставно или соработничко звање, има право да врши високообразовна дејност на прв циклус на студии без финансиски надомест.

(12) Лицето избрано во наставно-научно, научно, наставно-стручно, наставно или соработничко звање, на кое му мирува работниот однос, има право да држи предавања или вежби и доколку го исполнува услови да биде ментор на втор и трет циклус на студии, како и да врши други активности од високообразовната и научноистражувачката дејност, согласно овој закон.

(13) Редовен професор во пензија од јавна високообразовна установа може да држи предавања и да биде ментор на трет циклус на студии на јавна високообразовна установа, како и да врши други активности од високообразовната и научноистражувачката дејност, согласно општ акт на високообразовната, односно научната установа.

(14) Лицето од ставот (12) на овој член, може да биде член на организациона единица (институт, катедра, оддел) на високообразовна или научна установа и член на колегиум на втор циклус на студии и совет на трет циклус на студии.

Рокови за кои се вршат изборите

Член 176

(1) Доцент и вонреден професор на факултет, односно уметничка академија се избираат за време од пет години.

(2) Научен соработник и виш научен соработник се избираат за време од пет години.

(3) Редовен професор, научен советник и професор на висока стручна школа се избираат за време од седум години, а повторен избор се врши во рок од седум години од претходниот избор во звањето редовен професор, односно научен советник, односно професор на висока стручна школа. По повторниот избор редовниот професор, односно научниот советник, односно професорот на висока стручна школа заснова работен однос на неопределено време и го задржува соодветното звање доживотно.

(4) Предавач и виш предавач на висока стручна школа се избираат за време од пет години.

(5) Лектор и виш лектор се избираат за време од четири години.

(6) Асистент се избира за време од три години, со право на уште еден последователен избор во истото звање.

(7) Помлад асистент се избира за време од три години.

Рок за избор во повисоко звање, односно за повторен избор во звање

Член 177

(1) Најрано седум месеци, а најдоцна шест месеци пред истекот на времето за кое е извршен изборот во наставно-научно, научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање, деканот на факултетот, односно директорот на високата стручна школа распишува конкурс за избор во сите наставно-научни, научни, наставно-стручни, наставни звања и соработничко звање асистент.

(2) Времето за распишување на конкурсот од ставот (1) на овој член, се продолжува за времето кое е поминато на породилно отсуство, боледување подолго од три месеци, како и мирување на работниот однос во случаи определени со закон. На барање на лицето, рокот за распишување на конкурсот не мора да се продолжи.

Лица кои не се избрани

Член 178

(1) Ако при избор, лицето кое претходно било избрано во наставно-научно, наставностручно, научно, наставно звање и асистент биде предложено за избор во повисоко звање и не биде избрано во предложеното повисоко звање, повторно се гласа за избор во постојното звање во кое било претходно избрано.

(2) На лицето од ставот (1) на овој член, кое не е избрано ниту во постојното звање, му престанува работниот однос.

(3) Лицето од ставот (2) на овој член, има право на приговор до органот кој одлучувал за изборот.

(4) Ако приговорот биде одбиен, лицето кое е од високата стручна школа која е во состав на универзитет, има право на жалба до Сенатот, Сенатот формира комисија од три члена, составена од тројца професори од иста или сродна научна област од која е подносителот на жалбата, од кои најмалку два члена се од друга високообразовна установа. Комисијата поднесува извештај до Сенатот во кој дава оцена за изборот. Одлуката по жалбата на Сенатот е конечна.

(5) Ако приговорот на лицето кое е од високата стручна школа која не е единица во состав на универзитет е одбиен, наставничкиот совет донесува одлука. Одлуката по приговорот на наставничкиот совет е конечна.

(6) Против конечните одлуки од ставовите (4) и (5) на овој член, може да се поднесе тужба до надлежниот суд.

Престанок на работен однос поради одземање на звање

Член 179

(1) На лицето избрано во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање, може да му престане работниот однос и пред истекот на времето за кое е избрано:

- ако се утврди дека подолго од шест месеци не ги исполнува педагошките и другите обврски утврдени од високообразовната установа,или
- ако со судска одлука се утврди дека престанале да постојат основните услови врз основа на кои е извршен изборот или
- во други случаи утврдени со закон.

(2) Одлука за престанок на работниот однос поради одземање на звањето пред истекот на времето за кое е избрано лицето во наставно-научно, наставно-стручно, научно, наставно и соработничко звање во случаите од став (1) алинеите 1 и 2 на овој член, донесува наставно-научниот совет со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови, врз основа на реферат на комисија составена од три редовни професори.

(3) Лицето од ставот (1) на овој член, има право на приговор до органот кој одлучувал за престанокот на изборот.

(4) Ако приговорот биде одбиен, лицето има право на жалба до Сенатот, кој формира комисија од три члена, составена од редовни професори од иста или сродна научна област од која е подносителот на жалбата, од кои најмалку два члена се од друга високообразовна установа. Комисијата поднесува реферат во кој дава оцена за постоењето основи за престанок на работниот однос и на звањето.

(5) Сенатот одлуката по жалбата ја донесува со мнозинство од вкупниот број членови.

(6) Одлуката по жалба на Сенатот е конечна.

(7) Против одлуката по жалба на Сенатот може да се покрене судска постапка.

(8) Одредбите од овој член соодветно се однесуваат и на високите стручни школи и научните институти во состав на универзитет.

(9) Начинот за престанок на работен однос поради одземање на звање поблиску се утврдува со општ акт на високообразовната установа.

(10) На лице кое го стекнало звањето редовен професор, односно научен советник доживотно, не може да му се поведе постапка за предвремен престанок на изборот, освен ако не му е изречена правосилна пресуда за забрана на вршење на професија, дејност или должност.

Право на вршење дејност во друга високообразовна установа

Член 180

(1) Лице од една единица на универзитет може да врши високообразовна дејност во друга единица на универзитет во звањето во кое е избрано на иста или сродна наставнонаучна, односно уметничка област.

(2) Лице од еден универзитет може да врши високообразовна дејност во единица на друг универзитет, односно висока стручна школа во звањето во кое е избрано на иста или сродна наставно-научна, односно уметничка област, надвор од времето во кое ги извршува наставно-образовните активности на универзитетот на кој засновал работен однос.

(3) Лице од една висока стручна школа може да врши високообразовна дејност во друга висока стручна школа, во звањето во кое е избрано на иста или сродна наставно-научна, односно уметничка област, надвор од времето во кое ги извршува наставно-образовните активности на високата стручна школа на која засновал работен однос.

(4) Начинот и поблиските критериуми под кои лицето од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, може да врши високообразовна дејност, се утврдуваат со акт на единицата, односно на високообразовната установа.

(5) Надоместокот на лицата за вршењето на високообразовна дејност од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, се исплаќа од сопствени приходи на другата високообразовна установа.

Гостински (визитинг) наставници

Член 181

(1) По покана од наставно-научниот совет на факултетот, односно наставничкиот совет на високата стручна школа, наставници признати научници и истакнати уметници од земјата или од првите 1000 рангирани универзитети согласно Академското рангирање на светски универзитети (ARWU (Academic ranking of World University- ARWU)или Светското рангирање на универзитетите на Кваквարели Сајмондс (QS World University Rankings) можат како гости, без распишување на конкурс, да извршуваат високообразовна и научноистражувачка, односно уметничка дејност за определено време.

(2) Начинот, времето и поблиските критериуми на вршење на дејноста од ставот (1) на овој член, се уредуваат со статутот на универзитетот, односно високата стручна школа.

(3) Гостински наставник не може да биде носител на предметна програма, ниту самостојно да оценува.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, гостински наставник може да биде носител на предметна програма и самостојно да оценува доколку е избран во звање на еден од првите 1000 универзитети од Академското рангирање на светски универзитети (ARWU (Academic ranking of World University- ARWU)или Светското рангирање на универзитетите на Кваквարели Сајмондс (QS World University Rankings) и учествува на истражувачки проект на високообразовната установа во Република Северна Македонија.

Афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката

Член 182

(1) Афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката, без оглед на исполнетоста на условите утврдени со овој закон за избор во звање како специјалисти и експерти, по покана, можат да учествуваат во изведување настава, во обем и на начин определени со статутот на високообразовната установа.

(2) Лицата од став (1) на овој член, не може да бидат носители на предметна програма, ниту да учествуваат во оценување.

(3) По исклучок од ставовите (1) и (2) од овој член, афирмирани уметници за потребите на индивидуална настава, може да се ангажираат и да бидат носители на предметна програма за индивидуална настава и да оценуваат, во обем и на начин определен со статутот на високообразовната установа.

Еквиваленција на звања

Член 183

Заради вршење на високообразовна дејност, под условите утврдени со овој закон, научните звања стекнати според одредбите на законот со кој се уредува научноистражувачката дејност, одговараат на следните наставно-научни и соработнички звања утврдени со овој закон:

- научен советник на редовен професор,
- виш научен соработник на вонреден професор,
- научен соработник на доцент,
- асистент истражувач на асистент и
- помлад асистент истражувач на помлад асистент.

Почесен професор и почесен доктор на науки

Член 184

(1) На истакнат професор од универзитет во Република Северна Македонија и од странство, кој дал посебен придонес за развојот на високообразовната дејност, на предлог на единицата, универзитетот може да му додели звање почесен професор (profesor honoris causa).

(2) На истакнати научни, културни, деловни лица, како и оштествени, хуманитарни дејци и спортисти од земјата и странство, кои со своите дела дале исклучителен придонес релевантен за високото образование, науката и културата, спортот и стопанството, на предлог на високообразовна установа, односно на акредитирана научна установа, универзитетот може да им додели титула почесен доктор на науки (doctor honoris causa).

(3) Начинот за доделување звање почесен професор и титула почесен доктор на науки ги утврдува министерот надлежен за работите во високото образование на предлог на Националниот совет, а поблиските критериумите за доделување звање почесен професор и титула почесен доктор на науки и нивните права се утврдуваат со статутот на универзитетот.

Професор емеритус

Член 185

(1) Универзитетот може, на предлог на наставно-научниот совет на факултет во негов состав да му додели звање професор емеритус на редовен професор во пензија, кој посебно се истакнал со својата научна, односно уметничка работа, кој стекнал меѓународна репутација и постигнал резултати во обезбедувањето на наставно-научен и соработнички подмладок во област во која е избран.

(2) Вкупниот број на професори емеритус не може да биде повеќе од 5% од вкупниот број на наставници на универзитетот.

(3) Професор емеритус може да учествува во изведувањето на настава на втор и трет циклус на студии, во областа во која е избран.

(4) Начинот за доделување звање професор емеритус го утврдува министерот надлежен за работите во високото образование на предлог на Националниот совет, а поблиските критериуми за доделување звање професор емеритус се утврдуваат со статутот на универзитетот.

(5) Единицата е должна до Сенатот еднаш годишно да достави предлог на лица кои ги исполнуваат условите за избор од ставовите (6) и (7) на овој член, за доделување на звање професор емеритус, согласно ставот (2) на овој член.

(6) Лицата избрани во звањето професор емеритус, кои во текот на кариерата објавиле најмалку пет труда во индексирана база на Веб оф Сајанс (Web of Science) и имале академски статус гостински професор, гостински научник, постдокторски соработник, истражувачки соработник (Visiting professor, visiting scholar, post doctoral fellow, research fellow) на еден од 500-те Универзитети според Академското рангирање на светски универзитети (Academic ranking of World University - ARWU) или Светското рангирање на универзитетите на Квакварели Сајмондс (QS World University Rankings) имаат право на месечен надомест во висина од 30% од платата на редовен професор, кој се исплаќа од сопствени средства на универзитетот.

(7) Лицата избрани во звањето професор емеритус од областа на уметностите, кои во текот на кариерата имаат објавено најмалку седум рецензирани труда, од кои најмалку четири објавени во списание со меѓународен уредувачки одбор во последните пет години и имаат авторство во најмалку десет уметнички дела презентирани во странство во последните пет години, имаат право на месечен надомест во висина од 30% од платата на редовен професор, кој се исплаќа од сопствени средства на универзитетот.

Платено и неплатено отсуство (сабатна година)

Член 186

(1) На лице избрано во наставно-научно, наставно-стручно, научно, наставно и соработничко звање на негово барање, високообразовната установа може да му одобри платено отсуство во траење до една година, односно неплатено отсуство во траење до две години заради стручно усовршување, односно истражување во соодветната научна област, односно уметничка област или за престој во соодветна институција во странство, при што неговите обврски во наставата се прераспределуваат.

(2) Лицето од ставот (1) на овој член, по враќањето е должно да поднесе извештај до наставно-научниот, односно наставнички совет за резултатите од стручното усовршување, односно истражување во соодветната научна, односно уметничка област.

(3) Лицето кое користело отсуство од ставот (1) на овој член, има право повторно да користи отсуството по истекот на пет години од денот на враќањето.

(4) Доколку стручното усовршување, истражувањето, односно престојот од став (1) на овој член, е на некој од првите сто универзитети рангирани на последната објавена листа одАкадемското рангирање на светски универзитети (Academic ranking of World University - ARWU) или Светското рангирање на универзитетите на Квакварели Сајмондс (QS World University Rankings) , покрај платеното отсуство, Министерството надлежно за работите од високото образование ги надоместува трошоците за сместување, исхрана, здравствено осигурување и патни трошоци, доколку истите не се надоместени од институцијата на која се остварува престојот или од друга институција.

(5) Начинот и поблиските критериуми за користење на правата од ставот (1) на овој член, се уредуваат со статутот на универзитетот, односно со статутот на самостојната високообразовна установа.

(6) Начинот и поблиските критериуми за користење на правата од ставот (4) на овој член, ги утврдува министерот надлежен за работите во високото образование.

(7) Лицата од ставот (1) и (4) на овој член, по враќањето се должни да поднесат извештај до наставно-научниот, научниот, односно наставнички совет за резултатите од стручното усовршување, односно истражување во соодветната научна, односно уметничка област, и се должни да ги применат резултатите од стручното усовршување, истражувањето, односно престојот на високообразовната установа на која се вработени во период од најмалку пет години.

(8) Содржината на извештајот, примената на резултатите и прашањата од ставот (7) на овој член, се утврдуваат со акт на високообразовната установа.

Престанок на работен однос поради исполнување на услови за пензија

Член 187

(1) На лицето избрано во наставно - научно звање или наставно звање и наставно-стручно звање му престанува работниот однос, согласно со прописите од областа на работните односи.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, заради непречено вршење на дејноста на високообразовната установа, по претходно барање на работникот, еднаш годишно може да се продолжи договорот за вработување на лицето избрано во наставно - научно, наставно и наставно-стручно звање, до завршување на академската година во која ги исполнува условите за стекнување старосна пензија или најмногу до завршување на академската година во која полни 67 години возраст.

(3) Барањето за продолжување на работниот однос од ставот (2) на овој член, се поднесува еднаш годишно, најдоцна до 31 август во тековната година за продолжување на договорот за вработување за наредната академска година, а деканот/директорот е должен да му го продолжи работниот однос, по претходно донесена позитивна одлука на наставнонаучниот, односно наставничкиот, односно наставноуметничкиот совет .

Рок во кој се стекнуваат правата и обврските на лица избрани во звања од матична комисија

Член 188

Лице избрано во наставно-научно, наставно-стручно, наставно и соработничко звање од матична комисија во постапката за основање на високообразовна установа ги стекнува правата и обврските кои произлегуваат од звањето во кое е избрано, утврдени со овој закон, со денот на запишувањето на високообразовната установа во регистарот на високообразовните установи.

Надоместоци за учество на меѓународни конференции и објавени трудови

Член 189

Надоместоците за учество на меѓународни конференции и објавени трудови за наставниците и соработниците избрани во звања на високообразовните установи се уредуваат согласно одредбите на Законот за научноистражувачката дејност.

Глава дванаесетта

ЕКВИВАЛЕНЦИЈА И ПРИЗНАВАЊЕ НА ВИСОКООБРАЗОВНИ КВАЛИФИКАЦИИ

Оддел 1

ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Видови признавање на странски високобразовни квалификации

Член 190

(1) Признавање на странски високообразовни квалификации и еквиваленција на оценки се врши во согласност со овој закон и меѓународните договори ратификувани согласно Уставот на Република Северна Македонија.

(2) Признавањето на странски високообразовни квалификации може да биде:

1. стручно или
2. академско.

(3) Стручно признавање е признавање на еднаква важност на странска високообразовна квалификација со соодветна домашна високообразовна квалификација, со кое се овозможува вработување и пристап кон понатамошното образование во Република Северна Македонија.

(4) Академско признавање претставува изедначување на странската високообразовна квалификација со соодветна домашна високообразовна квалификација заради остварување на право на понатамошното образование во Република Северна Македонија.

(5) Стручно и академско признавање на странска високообразовна квалификација се врши со решение, со кое на носителот на странска диплома му се признава односно утврдува нивото, видот и називот на странската високообразовна квалификација и се класифицира во системот на високото образование во Република Северна Македонија согласно закон и ратификувани меѓународни договори согласно Уставот на Република Северна Македонија, кои се однесуваат на слободното движење на лицата, професионалните квалификации и регулираните професии во Република Северна Македонија. Доколку стручното признавање не овозможува еднаква важност на странската високообразовна квалификација со соодветна домашна високообразовна квалификација во Република Северна Македонија, се признава само нивото на квалификацијата согласно Македонската рамка на квалификација.

(6) При признавањето од став (1) на овој член, во случаи на меѓународен договор, ратификуван согласно Уставот на Република Северна Македонија, се земаат предвид спецификите и времетраењето на докторските програми согласно законодавството на државата со кој е склучен меѓународниот договор.

(7) Во текот на постапката за признавање на странска високообразовна квалификација се врши и еквиваленција, при што заедно со решението за признавање на странска високообразовна квалификација, се издава и решение за еквиваленција или податоците за еквиваленција се содржани во решението за признавање на квалификација.

(8) Одредбите од овој член, за еквиваленција и за признавање на странска високообразовна квалификација, соодветно се применуваат и на еквиваленцијата и признавањето на дел од студии поминати на странска високообразовна установа, заради продолжување и завршување на високото образование во Република Северна Македонија.

Лица кои можат да бараат признавање

Член 191

Право на признавање странски високообразовни квалификации имаат државјаните на Република Северна Македонија, странските државјани и лицата без државјанство.

Информативен центар за признавање на странски високообразовни квалификации

Член 192

(1) Во Министерството надлежно за работите на високото образование функционира Информативен центар за признавање на странски високообразовни квалификации (во натамошниот текст: Информативниот центар), кој е надлежен за стручно-административните работи во спроведување на постапката за признавање на странски високообразовни квалификации.

(2) Информативниот центар го определува видот и нивото на странската високообразовна квалификација споредувајќи ја со нивото на високообразовните квалификации во Македонската рамка на квалификации. Признавањето на странските високообразовни квалификации се врши во согласност со трите квалификациони циклуси предвидени со Болоњскиот процес во Европскиот високообразовен простор односно нивоата предвидени со Европската Рамка на квалификациите .

(3) Информативниот центар е дел од единствената Европска мрежа на информативни центри/национални академски информативни центри за признавање (ЕНИК/НАРИК Мрежа) формирана од страна на Советот на Европа, УНЕСКО и Европската комисија.

Евиденција за признавањето на странски високообразовни квалификации

Член 193

(1) За признавањето на странските високообразовни квалификации се води електронска евиденција.

(2) Начинот на водењето на евиденцијата од ставот (1) на овој член, го пропишува министерот надлежен за работите на високото образование.

(3) Министерството надлежно за високо образование води електронски регистар за признавањето на странските високообразовни квалификации, кој се објавува на неговата интернет страницата.

(4) Содржината на регистарот од став (3) на овој член, ја пропишува министерот надлежен за високото образование.

(5) Министерот надлежен за високото образование, најмалку еднаш во текот на календарската година, формира комисија составена од три члена, која врши ревизија на постапката на еквиваленција и признавање на странските високообразовни квалификации, на одреден број на предмети, по случаен избор.

Правилник за признавање и еквиваленција на странски високообразовни квалификации

Член 194

Начинот и поблиските критериуми за еквиваленција и признавање на странските високообразовни квалификации, образецот на барањето за признавање на странска високообразовна квалификација, потребната документација која се приложува кон барањето за признавање, висината на надоместот, ослободувањето од плаќање на надомест на трошоците и другите прашања во врска со трошоците на постапката за признавање, како и составот и работата на Информативниот центар, поблиску се уредуваат со Правилникот за признавање и еквиваленција на високообразовни квалификации стекнати во странство (во натамошниот текст: Правилникот за признавање), кој го донесува министерот надлежен за работите на високото образование.

Решение за признавање на странска високообразовна квалификација

Член 195

(1) Министерството надлежно за работите на високото образование го донесува решението за признавање, односно за одбивање на признавање на странската високообразовна квалификација во рок 60 дена од денот на поднесувањето на барањето за признавање на странската високообразовна квалификација, на предлог од комисијата за признавање од соодветното подрачје.

(2) Министерството надлежно за работите на високото образование го донесува решението за признавање на странската високообразовна квалификација во рок од осум работни дена, доколку високообразовната квалификација е стекната на еден од првите 500 универзитети рангирани на последната објавена листа од Академското рангирање на светски универзитети (Academic ranking of World University- ARWU) или Светското рангирање на универзитетите на Квакварели Сајмондс (QS World University Rankings) .

(3) Решението за признавање, односно одбивање на признавањето на странска високообразовна квалификација е конечно и се издава во три примерока, од кои едниот примерок му се врачува на барателот, а два примерока остануваат во Министерството надлежно за работите на високото образование.

(4) Против решението за признавање, односно одбивање на признавање на странската високообразовна квалификација, може да се поднесе тужба до Управниот суд.

(5) Решението за признавање на странската високообразовна квалификација ќе биде поништено од Министерството надлежно за работите на високото образование во посебна постапка, доколку се утврди невалидност на странската високообразовна исправа или доколку истата е издадена од странска високообразовна установа која не е акредитирана во соодветна постапка.

(6) Доколку на кандидатот му се издадени електронски документи, потпишани со електронски потпис, Комисијата истите ќе ги верификува на официјалната страна на институцијата од која што е издаден и самиот документ.

(7) Согласно Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги Министерството надлежно за работите на високото образование прима електронски документи и издава електронски решенија за признавање и еквиваленција, согласно прописите од областа на електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги.

Дипломи или други исправи стекнати во поранешна Социјалистичка Федеративна Република Југославија

Член 196

На лицата кои до 31 декември 1996 година се здобиле со диплома или други исправи за високо образование, последипломски студии и докторат на науки стекнати на подрачјето на поранешна Социјалистичка Федеративна Република Југославија, им се признава висока стручна подготовка, стручен назив специјалист, академски степен магистер, односно научен степен доктор на науки и за истото не се спроведува постапка за признавање.

## Глава тринаесетта

## ВОДЕЊЕ ЕВИДЕНЦИИ

Видови евиденции

Член 197

(1) Министерството надлежно за работите на високото образование, високообразовните установи, Националниот совет, Агенцијата за квалитет во високото образование и науката и Интеруниверзитетската конференција, согласно нивната надлежност, во рамките на својата законска надлежност, водат евиденции преку одржување електронски бази на податоци.

(2) Министерството надлежно за работите од областа на високото образование обезбедува услови за формирање, техничко одржување и заштита на базите на податоци од ставот (1) на овој член, во согласност со закон.

(3) Покрај регистарот од членот 57 од овој закон, се водат електронски евиденции и за:

- акредитирани студиски програми на прв, втор, и трет циклус студии, како и интегрирани студии;
- податоци за нето расположив простор во м2 на високобразовната установа, број, површина и вид на простории кои ги користи, зелени површини во м2, сопственост, закуп и слично;
- придружни членки на универзитет;
- кандидати за запишување на прв, втор и трет циклус за секој уписен рок;
- запишани студенти на прв, втор и трет циклус за секој уписен рок;
- студенти кои завршиле на прв, втор и трет циклус;
- мобилност на студенти
- лица избрани во звања кои се во работен однос;
- лица избрани во звања кои не се во работен однос;
- визитинг професори;
- стручњаци од практиката;
- професор емеритус;
- мобилност на наставници и соработници;
- научна и друга работа на наставниците и соработниците;
- научноистражувачки проекти;
- апликативни проекти;
- издавачка дејност;
- склучени меѓународни договори и
- други евиденции согласно податоците што ги водат надлежните субјекти од ставот (1) на овој член.

(4) За потребите на креирање и следење на политики во високото образование и пазарот на труд се води „Опсерваторијата на вештини”, која претставува информациски систем со веб базиран портал.

(5) Податоците за потребите на „Опсерваторијата на вештини” се обезбедуваат од информационите системи на министерството надлежно за работите на високото образование и субјектите надлежни за водење евиденции: Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, Министерството за финансии - Управа за јавни приходи , Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, акредитираните високообразовни установи, Центарот за образование на возрасните, Министерството за економија и труд, Центарот за развој на стручното образование и Државниот завод за статистика, согласно закон.

(6) Збирката на податоци прибрани за потребите на „Опсерваторијата на вештини“ се чуваат 15 години по нивното прибирање во информациски систем на Министерството надлежно за работите на високото образование, согласно со прописите од областа на заштитата на личните податоци.

(7) Содржината на евиденциите, начинот на собирање податоци и водење на базата на податоци и подеталните евиденции од став (5) на овој член, ги пропишува министерот надлежен за работите од областа на високото образование со Правилник за водење евиденции за високото образование.

(8) Пристап до статистичките извештаи и јавно достапни извештаи може да им се обезбеди на Министерството за економија и труд, Центарот за образование на возрасните, Агенцијата за квалитет во високото образование и науката, Националниот

совет, Државниот завод за статистика, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и акредитираните високообразовни установи.

## Глава четиринаесетта

## НАДЗОР НАД РАБОТАТА НА ВИСОКООБРАЗОВНАТА УСТАНОВА

### Надзор над законитоста во работењето

#### Член 198

(1) Кога министерот надлежен за работите на високото образование ќе утврди дека високообразовната установа работи спротивно на овој закон и Правилникот за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност, со записник ќе и укаже на високообразовната установа на незаконитоста во работењето и ќе и определи рок од најмалку еден месец, а најмногу до три месеци, за отстранување на незаконитоста.

(2) Ако приватната високообразовна установа не постапи по укажувањата од ставот (1) на овој член, министерот надлежен за работите на високото образование донесува решение за престанок на приватна високообразовна установа. Решението е конечно.

(3) Против решението за престанок на високообразовната установа може да се поднесе тужба до Управниот суд. По правосилноста на одлуката на Управниот суд, министерот надлежен за работите на високото образование донесува решение за бришење на високообразовната установа од регистарот на високообразовни установи и за истото го известува Централниот регистар на Република Северна Македонија.

(4) Ако јавната високообразовна установа не постапи по укажувањата од ставот (1) на овој член, министерот надлежен за работите на високото образование дава предлог до Владата за отпочнување постапка за донесување закон за престанок на јавната високообразовна установа.

### Незаконита одлука на високообразовна установа

#### Член 199

(1) Кога министерот надлежен за работите на високото образование ќе утврди дека високообразовната установа донела одлука која не е во согласност со овој закон, ќе и укаже на високообразовната установа за незаконитоста на одлуката и ќе определи рок за отстранување на незаконитоста, кој не може да биде пократок од еден месец и подолг од три месеци.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член, министерот надлежен за работите на високото образование формира комисија од пет члена составена од редот на вработените во Министерството надлежно за работите на високото образование, која изготвува извештај со кој се констатира законитоста, односно незаконитоста на одлуката.

(3) Ако во определениот рок од ставот (1) на овој член, високообразовната установа не ја отстрани незаконитоста, министерот надлежен за работите на високото образование со решение ќе ја укине или поништи незаконитата одлука.

(4) Против решението од ставот (3) на овој член, високообразовната установа има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

(5) Против решението од ставот (3) на овој член, високообразовната установа има право да поднесе тужба пред Управниот суд.

### Надзор над уставноста и законитоста на општите акти на високобразовните установи

Член 200

(1) Ако општиот акт на високообразовната установа не е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија или со закон, министерот надлежен за работите на високото образование има право да го запре неговото извршување и е должен, во рок од осум дена од денот на донесувањето на решението за запирање, да поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на запрениот акт пред Уставниот суд на Република Северна Македонија.

(2) Министерот надлежен за работите на високото образование може пред да поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста да ја извести високообразовната установа за запирањето на актот и да и укаже на високообразовната установа во рок од 30 дена од денот на доставувањето на решението за запирање, да ја отстрани незаконитоста.

(3) Ако високообразовната установа во рокот од ставот (2) на овој член, не постапи според укажувањето, министерот надлежен за работите на високото образование, во наредниот рок од осум дена од денот на истекот на рокот од 30 дена, поведува постапка за оценување на уставноста и законитоста на запрениот акт.

Надзор над издавањето на дипломи и уверенија

Член 201

Ако министерството надлежно за работите на високото образование во вршењето на правото на надзор над законитоста на работата утврди дека високообразовна установа издала диплома и/или уверение спротивно на одредбите од овој закон, донесува решение за поништување на дипломата и/или уверението, кое се објавува во средствата за јавно информирање и поднесува до јавниот обвинител пријава за кривично гонење на одговорното лице.

Инспекциски надзор

Член 202

(1) Инспекцискиот надзор согласно овој закон, го врши Државниот просветен инспекторат.

(2) Државниот просветен инспекторат е овластен:

1. да поништи упис на студент во прва година на студии преку бројот на студенти определен со решението за акредитација и конкурсот;

2. да поништи упис на студент кој е извршен спротивно на овој закон;

3. да забрани вршење на високообразовна дејност на правно лице кое нема дозвола за вршење на високообразовна дејност и се претставува како високообразовна установа;

4. да забрани вршење на високообразовна дејност на правно лице кое добило согласност на проект за основање од Владата на Република Северна Македонија, а сè уште не добило дозвола за вршење висообразовна дејност и не е запишано во Регистарот на високообразовните установи и во Централниот регистар;

5. да забрани вршење на високообразовна дејност на правно лице кое добило институционална акредитација, а сеуште не добило дозвола за вршење висообразовна дејност и не е запишано во Регистарот на високообразовните установи и во Централниот регистар;

6. да забрани вршење на високообразовна дејност на правно лице кое добило институционална акредитација и дозвола за вршење висообразовна дејност, а сеуште не добило програмска акредитација

7. да забрани рекламирање или која било форма на јавно информирање на правно лице кое нема акредитација, дозвола за вршење високобразовна дејност и не е запишан во Регистарот на високообразовните установи и во Централниот регистар;

8. да забрани други дејствија на правни лица кои вршат работи кои се спротивни на овој закон и

9. да презема други мерки за кои е овластен со закон.

(3) Државниот просветен инспекторат врши надзор над законитоста на постапките за избор во наставни, наставно-научни, научни, наставностручни и соработнички звања и над исполнетоста на условите за избор во звање, најдоцна во рок од пет години од денот кога е извршен изборот.

(4) Доколку Државниот просветен инспекторат при вршењето на надзорот од ставот (3) на овој член, утврди неправилности или незаконитости, донесува решение со кое:

-наложува отстранување на неправилностите и/или

-наложува повторување на постапката.

(5) Високообразовната установа е должна да постапи по решението на инспекторатот од ставот (4) на овој член, во утврдениот рок.

(6) Државниот просветен инспекторат еднаш годишно, најдоцна до 31 декември во тековната година, доставува извештај до Агенцијата за квалитет во високото образование и науката, за извршените инспекциски надзори во високообразовните установи со кои се констатирани неправилности и незаконитости кои Агенцијата за квалитет во високото образование и науката, ги користи во постапките за обезбедување на квалитет.

## Глава петнаесетта

## ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Глоба за прекршоци

### Член 203

(1) Глоба во износ од 3000 до 5000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:

- користи називи на високообразовни установи, без да е основано како високообразовна установа, согласно со овој закон (член 16 став (4) од овој закон).

(2) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршоците од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 5000 до 7000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:

- високообразовната установа не постапи согласно со членот 22 став (3) од овој закон,
- не распише избори за факултетско студентско собрание согласно со членот 38 став (7) од овој закон,
- не распише избори за студентско собрание на висока стручна школа согласно со членот 39 од овој закон,
- не формира центар за кариера согласно членот 67 од овој закон,
- не биде организирано изведување настава за студиски програми на англиски јазик од членот 138 став (8) од овој закон,
- не бидат објавени на интернет страницата резултатите од самоевалуацијата согласно одредбите на Законот за обезбедување на квалитет во високото образование и науката,
- не објави конкурс за запишување на студенти најмалку пет месеци пред започнувањето на наставата или ако истиот не ги содржи потребните компоненти согласно овој закон (член 142 ставовите (1) и (2) од овој закон)
- не води евиденција на личните податоци на студентите и нивна заштита (член 152 од овој закон),

- не води електронска евиденција согласно член 155 став (5) од овој закон,

- не го објави рефератот на рецензионата комисија согласно член 174 став (9) од овој закон,

- ангажира лице да врши високообразовна, односно уметничка дејност од друга високообразовна установа спротивно на член 180 ставовите (2) и (3) од овој закон.

(4) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршоците од ставот (3) на овој член.

(5) Глоба во износ од 7000 до 10000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:

- применува статут за кој не е добиена согласност од надлежниот орган од членот 17 став (3) од овој закон,

- не се именува вршител на должност декан, односно вршител на должноста директор согласно со членот 59 став (2) од овој закон,

- наплати школарина на студиите, односно партиципација на студентите над износот утврден со овој закон (член 113 став (2) и член 114 став (3) од овој закон),

- во текот на една академска година професор биде определен за ментор на повеќе од шест кандидати за изработка на магистерски трудови (член 123 став (14) од овој закон),

- универзитетот организира студии од трет циклус-докторски студии спротивно на член 124 став (3) од овој закон,

- универзитетот запише студенти на студии од трет циклус-докторски студии испротивно на член 124 став (4) од овој закон,

- еден професор биде истовремено определен за ментор на повеќе од три кандидати за изработка на докторски трудови (член 125 став (16) од овој закон),

- спроведува студиска програма со различна содржина од онаа која е акредитирана спротивно на членот 132 ставовите (3), (4), (5), (6), (7) и (8) од овој закон,

-не изведува настава по најмалку два предмети согласно член 138 став (6) од овој закон,

- не врши самоевалуација на универзитет, факултет, уметничка академија и висока стручна школа кои се во состав на универзитет и висока стручна школа која не е во состав на универзитет на начин и според услови определени со одредбите од Законот за обезбедување на квалитет во високото образование и науката и со статут на универзитетот, факултет, уметничка академија и висока стручна школа кои се во состав на универзитет и висока стручна школа која не е во состав на универзитет,

- запише во прва година на студии студенти кои не ги исполнуваат условите пропишани со овој закон и со конкурсот (член 142 став (2) од овој закон),

- изврши упис на студенти повеќе од бројот утврден со одлуката за запишување студенти или повеќе од бројот на студенти за кој високообразовната установа е акредитирана (член 144 ставовите (1), (4), (5) и (6) од овој закон),

- изврши упис на студенти спротивно на член 144 став (3) од овој закон по студиска програма,

- не издаде јавни исправи или издаде јавни исправи спротивно на членот 149 од овој закон,

- не води матична книга на запишани студенти и главна книга на дипломирани студенти или ако води спротивно на пропишаната форма и начинот на водењето и содржината (член 153 од овој закон),

- изврши избор на наставници и соработници спротивно на одредбите на овој закон,

(6) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршоците од ставот (5) на овој член.

(7) Глоба во износ од 9000 до 10000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице кое ќе започне вршење на високообразовна дејност без добиено решение за институционална или програмска акредитација и дозвола за вршење високообразовна дејност, или не го запази рокот за реакредитација согласно Законот за обезбедување на квалитет во високото

образование и науката, и ќе му се изрече санкција забрана за вршење на високообразовна дејност во траење од две години од денот на правосилноста на изречената прекршочна санкција, а глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за истиот прекршок на одговорното лице во правното лице.

(8) Глоба во износ од 9000 до 10000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице кое ќе врши високообразовна дејност спротивно 132 став (10) од овој закон, и ќе му се изрече мерка забрана за вршење на високообразовна дејност, а глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за истиот прекршок на одговорното лице во правното лице.

(9) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на член на рецензиона комисија ако не постапи согласно со членот 174 став (8) од овој закон,

(10) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на член на рецензиона комисија ако при избор на кандидат во наставно-научно звање биде предложен кандидат кој не ги исполнува условите согласно одредбите од овој закон.

(11) Глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на вработен на високообразовна установа кој не се евидентира согласно член 155 став (4) од овој закон.

(12) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице во правното лице доколку постапи спротивно нао член 156 ставовови (10) и (11) од овој закон.

(13) Глоба во износ од 9000 до 10000 евра во денарска против редност ќе му се изрече за прекршок на правното лице и глоба на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра во денарска противвредност, доколку банкарската гаранција од член 51 од овој закон, не биде доставена најдоцна 15 дена од затварањето на матичната книга.

Прекршочна постапка

Член 204

(1)За прекршоците утврдени во член 203 од овој закон, државниот просветен инспектор е должен на сторителот на прекршокот да му издаде прекршочен платен налог согласно Законот за прекршоците.

(2) Доколку сторителот го прими прекршочниот платен налог, истиот треба да го потпише. Примањето на прекршочниот платен налог од сторителот на прекршокот се забележува во записник.

(3) Во записникот од став (2) на овој член, се утврдува начинот на кој ќе се отстранат штетните последици од прекршокот, како и начинот на надминување на последиците од сторениот прекршок.

(4) Кога како сторител на прекршок се јавува правно лице, записникот и прекршочниот платен налог ги потпишува одговорното лице во правното лице или од него овластено лице.

(5) Државниот просветен инспектор е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот од покренатите постапки.

(6) Во евиденцијата од ставот (5) на овој член, се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(7) Личните податоци од ставот (6) на овој член, се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата, согласно прописите од областа на заштита на личните податоци.

(8) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот надлежен за работите на високото образование.

Член 205

(1) За прекршоците утврдени во членот 203 од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува надлежен суд.
(2) Сторителот на прекршокот е должен освен глобата, да ги отстрани неправилностите од сторениот прекршок.

## Глава шеснаесет

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Продолжување со работа

Член 206

(1) Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Свети Климент Охридски“ во Битола, „Универзитет во Тетово“ во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Универзитетот за Информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза – Скопје“ во Скопје и другите високообразовни установи основани до денот на влегувањето во сила на овој закон, продолжуваат да работат согласно овој закон.
(2) Високообразовните установи акредитирани до денот на влегувањето во сила на овој закон, продолжуваат да работат согласно издадената акредитација и решението за почеток со работа.
(3) Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, основан до денот на влегувањето во сила на овој закон, продолжува со работа како приватно-јавна високообразовна установа.
(4) Овој закон соодветно се применува и на јавна високообразовна установа од областа на одбраната и безбедноста, доколку со друг закон поинаку не е определено.

### Национален совет за високо образование и научноистражувачка дејност

Член 207

(1) Членовите на Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност продолжуваат да ја вршат функцијата до истекот на мандатот за кој се избрани.
(2) Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност ќе ги донесе актите предвидени со овој закон, најдоцна во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.
(3) Конститутивната седница на Националниот совет ја свикува министерот надлежен за работите на високото образование во рок од 15 дена од денот на изборот на членовите на Националниот совет од страна на Собранието на Република Северна Македонија.

### Усогласување на називите на високообразовните установи

Член 208

Постојните високообразовни установи во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, се должни да ги усогласат своите називи со член 53 став (1) точка 1 од овој закон.

Трет циклус на академски студии -докторски студии

Член 209

Одредбата од член 124 став (1) алинеја 1 од овој закон, ќе отпочне да се применува шест месеци по спроведеното рангирање согласно одредбите од овој закон.

Студиска програма

Член 210

(1) Студентите запишани на студиските програми од членот 132 став (10) од овој закон, до денот на влегувањето во сила на овој закон, организирани на приватните високообразовни установи, продолжуваат со студирање по истата студиска програма и времетраење по кои се запишани.

(2) Со денот на влегувањето во сила на овој закон, нема да се врши упис на студенти на студиските програми од член 132 став (10) од овој закон, на приватни високообразоовни установи.

Усогласување на општите акти на високообразовните установи со овој закон

Член 211

(1) Постојните универзитети и единиците во нивниот состав и самостојните високообразовни установи запишани во Регистарот на високообразовните установи во Република Северна Македонија до денот на влегувањето во сила на овој закон, во рок од шест месеци, од денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе го усогласат своето работење, ќе ги донесат статутите, актите за внатрешна организација на работењето, систематизацијата за работни места и другите општи акти утврдени со овој закон.

(2) До донесувањето на статутите и другите општи акти од ставот (1) на овој член, односно до истекот на рокот за нивно донесување, ќе се применуваат постојните општи акти.

Постапка за основање високообразовна установа

Член 212

Постапката за основање на високообразовна установа која започнала до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе заврши според одредбите на законот според кој истата е започната.

Услови според кои ќе продолжи избор во звање

Член 213

(1)Изборот во наставно-научно, научно, наставно и соработничко звање започнат до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе заврши според одредбите на Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ број 82/18 и„Службен весник на Република Северна Македонија“ број 178/21, 58/24 и 124/25 ) и согласно прописите донесени врз основа на наведениот закон.

(2) За наставниците кои до денот на влегувањето во сила на овој закон, стекнале звање доцент или вонреден професор, при првиот нареден избор во звање, нема да се применуваат одредбите од членот 161 од овој закон, кои се однесуваат на трудовите во списанија со фактор на влијание во базата од Веб оф Сајанс (Web of Science)/Скопус ( Scopus).

(3) За наставниците од полето на уметностите кои до денот на влегувањето во сила на овој закон, стекнале звање доцент или вонреден професор, при следните избори во исто или повисоко звање, нема да се применуваат одредбите од членот 162 ставот (1) точка 2 и ставот (2) точка 2 од овој закон.

(4) За асистентите кои до денот на влегувањето во сила на овој закон, стекнале звање асистент, при првиот нареден избор во исто или повисоко звање, нема да се применуваат одредбите од членот 161, односно членот 168 од овој закон, кои се однесуваат на трудовите во списанија со фактор на влијание во базата од Веб оф Сајанс (Web of Science)/Скопус (Scopus).

(5) Лицата избрани како уметнички/стручни соработници (лаборант, корепетитор, снимател, монтажер, продуцент и слично), според член 162 став (2) и (3) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ број 82/18 и„Службен весник на Република Северна Македонија“ број 178/21, 58/24 и 124/25) кои до денот на влегувањето во сила на овој закон, се во работен однос на високообразовна установа, го задржуваат работниот однос, до нивно распоредување согласно овој закон. Високобразовната установа е должна во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон, да изврши усогласување на нивниот статус, при што лицата кои ги исполнуваат условите утврдени со овој закон може да се избираат во соработничко звање, а лицата кои не ги исполнуваат условите се распоредуваат на соодветно ненаставно работно место согласно нивното образование и работно искуство, согласно овој закон.

(6) Избраните асистенти на факултетите од полето на уметностите кои имаат засновано работен однос како асистент до денот на влегувањето во сила на овој закон, должни се да докторираат во рок од пет години од денот на влегувањето во сила на овој закон, , а дотогаш го задржуваат звањето асистент.

(7) На лицата кои се избрани во наставно-научно звање со заснован работен однос до денот на влегувањето во сила на овој закон, нема да се применуваат одредбите од член 161 став (2) точка 1 и став (3) точка 1 на од овој закон, и нема да се применува делот од одредбите од на член 161 став (1) точка 2, став (2) точка 2, став (3) точка 2 од овој закон, кои се однесуваат на завршен прв и втор циклус од исто или соодветно поле/потполе, при наредните избори во исто или повисоко наставно-научно звање.

(8) На лицата кои се избрани во наставно-научно звање со заснован работен однос до денот на влегувањето во сила на овој закон. нема да се применуваат одредбите од член 162 став (2) точка 1 и став (3) точка 1 од овој закон, и нема да се применува делот од одредбите од член 162 став (1) точка 2, став (2) точка 2, став (3) точка 2 од овој закон, кои се однесуваат на завршен прв и втор циклус од исто или соодветно поле/потполе, при наредните избори во исто или повисоко наставно-научно звање.

(9) Одредбата од член 165 став (2) од овој закон, нема да се применува за лицата избрани во научно звање до денот на влегувањето во сила на овој закон.

(10) Одредбата од член 165 став (3) на овој закон, нема да се применува за лицата избрани во научно звање до денот на влегување во сила на овој закон.

(11) Одредбите од член 166 ставот (1) точка 3 и ставот (2) точка 3 од овој закон, нема да се применуваат за лицата кои се избрани во наставно-стручно звање со заснован работен однос до денот на влегувањето во сила на овој закон, при нивниот избор во исто или повисоко наставно-стручно звање без оглед на која високообразовна установа се врши новиот избор.

(12) На лицата кои се избрани во наставно звање со заснован работен однос до денот на влегувањето во сила на овој закон, нема да се применуваат одредбите од член 167 став (1) точка 4, став (2) точка 4, став (3) точка 5 и став (4) точка 3 од овој

закон, при нивниот избор во исто или повисоко наставно звање без оглед на која висока стручна школа се врши новиот избор.

Редовни професори и научни советници и професори на високи стручни школи

Член 214

(1) Редовните професори и научните советници од високообразовните установи, избрани до денот на влегувањето во сила на овој закон, засноваат работен однос на неопределено време и го задржуваат звањето редовен професор, односно научен советник доживотно.

(2) Професорите на високите стручни школи избрани до денот на влегувањето во сила на овој закон, засноваат работен однос на неопределено време и го задржуваат звањето професор доживотно.

(3) Редовните професори по медицински науки, кои до денот на влегувањето во сила на овој закон, засновале работен однос на приватна здравствена установа, го задржуваат звањето од јавна високообразовна или јавна научна установа и правото на вршење на високообразовна дејност.

Ректор, проректор, декан, продекан, член на Сенат, односно директор и заменик директор на висока стручна школа избран пред стапување во сила на овој закон

Член 215

(1) Ректор, проректор, декан, продекан, член на Сенат, односно директор и заменик директор на научен институт и на висока стручна школа избрани до денот на влегувањето во сила на овој закон, продолжуваат да ги вршат своите функции до истекот на времето за кое се избрани.

(2) Лицата од ставот (1) на овој член, кои се избрани на своите функции по прв пат согласно Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21, 58/24 и 124/25) имаат право на уште еден мандат според овој закон, освен продеканите.

(3) Ректор, проректор, декан, член на Сенат, односно директор и заменик директор на научен институт и на висока стручна школа, избрани на своите функции во два мандати до денот на влегувањето во сила на овој закон, според прописите кои важеле до денот на влегувањето во сила на овој закон, немаат право на мандат според овој закон.

(4) Изборот на ректор, проректор, декан, продекан, член на Сенат, односно директор и заменик директор на научен институт и на висока стручна школа, започнат до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе заврши според одредбите од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21, 58/24 и 124/25) и одредбите на акти на високообразовните установи според кои истиот започнал.

(5) Ограничувањето од ставовите (2 и (3) на овој член, не се однесуваат на раководителите на внатрешните организациони единици на високообразовните и на научните установи, како и на раководителите на колегиуми на втор циклус на стутии и на советите на трет циклус на студии.

Признавање на високообразовни квалификации стекнати во странство

Член 216

Постапката за признавање на високото образование стекнато во странство која е започната до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе заврши според одредбите на Законот за високото образование* („Службен весник на Република

Македонија“ број 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 178/21, 58/24 и 124/25 ).

Започнати постапки

Член 217

Постапките започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе завршат согласно со Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ број 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 178/21, 58/24 и 124/25).

Продолжување со важност на подзаконските акти

Член 218

До донесување на подзаконските акти на Министерството надлежно за работите во високото образование, Агенцијата за квалитет во високото образование и наука и Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност, утврдени со овој закон, ќе се применуваат постојните подзаконски акти донесени согласно Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ број 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 178/21, 58/24 и 124/25).

Рок за донесување на подзаконски акти

Член 219

Подзаконските акти предвидени со овој закон, кои се во надлежност на Министерството надлежно за високото образование, ќе се донесат во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Престанување со важност

Член 220

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, престанува да важи Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ број 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 178/21, 58/24 и 124/25).

Влегување во сила на законот

Член 221

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Содржината на одредбите во Законот за високото образование е систематизирана во шеснаесет глави и тоа поставени по следниот редослед:

I. Основни одредби
II. Автономија на универзитетот и другите високообразовни установи
III. Високообразовни установи, видови и нивната дејност
IV. Студенти и студентски организации
V. Национален совет за високо образование и научноистражувачка дејност
VI. Основање и престанок на високообразовни установи
VII. Внатрешна организација на високообразовните установи и форми на соработка
VIII. Органи и тела на високообразовните установи
IX. Финансирање и имот на високообразовните установи
X. Високообразовна дејност
XI. Наставно-научни, наставно-стручни, наставни, научни и соработнички звања
XII. Еквиваленција и признавање на високообразовни квалификации
XIII. Водење евиденции
XIV. Надзор над работата на високообразовната установа
XV. Прекршочни одредби
XVI. Преодни и завршни одредби

Со првата глава се уредуваат предметот на уредувањето, поимникот, основните начела на високото образование, целите на високото образование, академска заедница и достапноста на високото образование.

Во втората глава се уредуваат содржината и заштита на автономијата, академската слобода, автономијата на управувањето, финансиската автономија, кадровската автономија, неповредливост на академскиот простор, неприкосновеноста на автономијата, академскиот интегритет и мирното решавање на споровите.

Третата глава ги опишува и уредува видовите на високообразовни установи и нивната дејност како и статутот на високообразовната установа. печатот, знаците и другите обележја на високообразовната установа.

Правата и обврски на студентот, статусот на студент, правилата на студирање, студентскиот правобранител и студентското организирање се уредуваат во четвртата глава.

Составот, надлежностите, организацијата и работа на Национален совет за високо образование и научноистражувачка дејност и рангирањето на високообразовните установи се уредуваат со петтата глава.

Со шестата глава се уредуваат условите и постапките за основање и престанок на високообразовна установа како и статусните промени на високообразовни установи, но и Регистарот на високообразовните установи и конституирањето на органите на високообразовните установи.

Внатрешна организација на високообразовните установи, основање на други организации како и центрите за кариера, стручната и административна служба и

формите на соработка на високообразовните установи се предмет на уредување на седмата глава.

Во осмата глава се поместени одредбите кои се однесуваат на органите и телата на универзитетот и единиците во негов состав, како и на високата стручна школа, нивниот избор и надлежности, како и оние за  Одборот за соработка и доверба со јавноста.

Деветата глава го опишува и уредува финасирањето на високото образование, партиципацијата, школарината на студентите, недвижен имот и други средства на високообразовни установи и нивното наменско користење.

Со десетата глава се уредени циклусите на високото образование, академските и стручните студии,  изготвувањето и содржината на студиска програма, вклучително и на оние за заедничка и двојна диплома, условите и начинот на запишување на студии, како и програмите за стручно и професионално усовршување-доживотно учење.

Единаесетата глава е посветена на наставно-научните, наставно-стручните, наставните, научните и соработничките звања, критериумите и условите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, наставн и соработнички звања и засновањето на работниот однос и платите на вработените.

Видовите признавање на странските високобразовни квалификации и одредбите за Информативниот Центар за признавање на странски високообразовни квалификации се поместени во дванаесетата глава.

Водењето и видот на евиденциите за кои се одговорни Министерството за образование и наука, високообразовните установи, Националниот совет, Агенцијата за квалитет во високото образование и науката, Интеруниверзитетската конференција и други субјекти надлежни за високото образование, се уредени во тринаесетата глава.

Надзорот над работата на високообразовните установи и прекршочните одредби се поместени во четрнаесетата и петнаесетата глава соодветно.

Преодните и завршните одредби се уредуваат со шеснаесетата глава.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со оглед на тоа што со овој закон се донесува нов Законот за високото образование, решенијата содржани во одредбите се меѓусебно поврзани и чинат една правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Исполнувањето на различните цели на високото образование служат како катализатор за личниот раст, општествениот напредок и подобрувањето на светот. Со негување на вешти, просветени и општествено одговорни дипломци, високото образование игра клучна улога во обликувањето на просперитетна и одржлива иднина на човештвото.
Високото образование се разгледува како збир на установи и правила кои ги задоволуваат потребите од работна сила на општеството, учествуваат во преносот на културата со генерации и наоѓаат решенија за општествените предизвици преку научни истражувања. Високото образование обезбедува полза каква што е општествен статус, но и економски придобивки за оние кои ја добиваат оваа услуга. Истовремено, придонесува за зголемување на општествената благосостојба со позитивните странични учиноци што ги создава.

Управувањето во високото образование, се однесува на пристапот со кој се организирани високообразовните установи, способни да делуваат внатрешно, за да овозможат целите на високото образование да му служат на јавното добро, истовремено одржувајќи ја и унапредувајќи ја довербата на јавноста во високообразовните установи. Спроведувањето на партнерски модел на управување со високото образование е неопходно за сите чинители во високото образование да бидат отчетни и одговорни.

Академската заедница треба непрекинато да го известува поширокото општество за својата работа и постигнувања. Треба да се занимава во идентификување, анализа и разбирање на проблемите со кои се соочува поширокото општество и неговите членови. Исто така, академската заедница треба да учествува во осмислувањето решенија за овие проблеми и да обезбеди експертиза за да одговори на овие предизвици, во согласност со сопствените стандарди и вредности.